| **Број на ученици** | **710** | **777** |
| **Број на наставници** | **67** | **70** |

## *8.5. Практично образование*

Практичното образование претставува значаен сегмент од стручното образование и е насочено кон поврзување на теоретските знаења со нивната примена во реална работна средина. Неговата реализација придонесува учениците да стекнат практични знаења, професионални вештини и компетенции потребни за успешно вклучување на пазарот на трудот.

**Организација на практичното образование**

Практичното образование се реализира согласно наставните планови и програми за соодветните квалификации, во училишните кабинети, работилници и лаборатории, како и кај работодавачи со кои училиштето има воспоставено соработка.

Во училиштето практичната настава се реализира преку практична настава, вежби и практични активности во рамките на стручно теоретските предмети, учење преку работа кај работодавач и феријална практика.

За реализација на вежби  училиштето располага со опремени кабинети и работилници за различни струки и образовни профили, кои континуирано се одржуваат и унапредуваат согласно потребите на наставните програми.

Училиштето располага и со работилници за машинска и електротехничка струка кои  се опремени благодарение на донацијата од ГТЗ и се прават напори да се доопремат по пат на донации или од сопствени средства на училиштето со цел да се следат реформите во стручното образование во нив се изведува практична настава и вежби по  стручно теоретските предмети.

Со цел успешна имплементација на реформите во наставните програми потребно е континуирано  опремување на кабинети со современи нагледни средства и алати за работа.

За изведување на истата потребно е осовременување и доопремување на кабинетите, работилниците  и затоа е изработен елаборат од тим наставници од актив на електротехничка и машинска група предмети за развој и унапредување на практичната настава и вклучување на учениците во директно производство.

За учениците од здравствената струка практичната настава се реализира во училишните кабинети, како и во здравствени установи, согласно наставните планови и програми. Учениците имаат можност практичните знаења да ги применуваат во реална работна средина и да се запознаат со начинот на функционирање на здравствените установи.

За потребите на здравствената струка училиштето има комплетно опремен кабинет за изведување на вежби по предметот: Основи на здравствена нега  за ученици од втора година.

Практичната настава  за медицинската струка според планот и програмата, се изведува  како во училиштето така и во Општата Болница во Куманово.

Во трета година на оделенија: хирургија, интерно и инфективно и во четврта година на: гинекологија, педијатрија и невропсихијатрија .

Практичната настава за тригодишно образование и вежбите и практична настава од теоретско стручните предмети  се изведуваат  во работилници и кабинети во училиштето, во групи направени според добиените насоки, ако паралелката има повеќе од 17 ученика се прават две групи.

**Учење преку работа кај работодавач и феријална практика**

Учењето преку работа кај работодавач се реализира во реални работни услови, на соодветни работни места, со цел учениците да стекнат практични искуства, професионални навики и компетенции поврзани со нивната квалификација.

Учењето преку работа кај работодавач се реализира согласно наставните планови и програми за соодветните квалификации. Кај образовните профили каде е предвидено, учениците се вклучуваат во учење преку работа кај работодавач во реална работна средина, со определен фонд на часови согласно наставниот план (во трета и четврта година).

Во дуалните образовни профили учењето преку работа се реализира почнувајќи од втора година, согласно моделот на дуално образование и во соработка со работодавачи со кои училиштето има воспоставено партнерски односи.

Практичната настава и учењето преку работа се реализираат под раководство на наставници по стручни предмети и практична настава од училиштето и ментори определени од работодавачите. Точниот распоред на ученици и работодавачи се утврдува согласно потребите на образовните профили и договорените обврски со партнерите.

Училиштето континуирано ја развива соработката со компании и институции преку меморандуми и други форми на соработка, со цел обезбедување квалитетни услови за практично образование. Во текот на учебната година се врши усогласување на потребите на учениците и

можностите на работодавачите за реализација на учењето преку работа и феријалната практика.

Феријалната практика се реализира по завршување на наставната година, согласно наставните планови и програми, кај работодавачи со кои училиштето има воспоставено соработка. За реализација на феријалната практика се подготвуваат соодветни програми и се определуваат активности согласно образовниот профил на учениците.

Во реализацијата на практичното образование се вклучени наставници по стручни предмети и практична настава, како и ментори од компаниите и институциите каде учениците ја реализираат практичната обука.

**Следење и оценување на практичното образование**

Следењето и оценувањето на учениците во практичното образование се реализира континуирано, согласно наставните планови и програми и насоките за реализација на практичната обука и учењето преку работа.

Напредокот на учениците се следи преку практичните активности што ги реализираат во училиштето и кај работодавачите, евиденција во дневници за практична обука, чек-листи за постигнати резултати, извештаи за реализирани активности, повратни информации од менторите кај работодавачите и комуникација меѓу наставниците, координаторот за практично образование и работодавачите.

Оценувањето се врши врз основа на стекнатите стручни знаења, практични вештини, способноста за примена на знаењата во реална работна средина, одговорноста, самостојноста, професионалното однесување и исполнувањето на поставените задачи.

Во процесот на следење и оценување учествуваат наставникот за практична настава/стручните предмети и менторот кај работодавачот, согласно определените надлежности.

За подобра координација и унапредување на практичното образование значајна улога има координаторот за практично образование, кој ја олеснува комуникацијата меѓу училиштето, учениците и работодавачите.

**Соработка со работодавачи и развој на дуално образование**

Училиштето континуирано ја развива соработката со стопанските субјекти, институции и организации од локалната средина со цел обезбедување квалитетни услови за практична обука на учениците.

Воведувањето и развојот на дуалното образование претставува значајна можност за поврзување на образованието со потребите на стопанството. Преку овој модел учениците стекнуваат искуство во реална работна средина и се подготвуваат за полесно вклучување во процесот на трудот.

Практичното образование придонесува за развој на стручните компетенции на учениците, примена на стекнатите знаења во реални ситуации, развивање работни навики, одговорност и професионален однос кон работата.

Поврзувањето на училиштето со стопанството и институциите претставува важен предуслов за успешно стручно образование и подготовка на учениците за идните професионални предизвици.

## *8.6. Странски јазици што се изучуваат во училиштето*

| **Странски јазик** | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Забешешка** |
|---|---|---|---|
| Англиски јазик | 71 | 1487 | Задолжителна наставна програма |

## *8.7.Изборни модули*

Изборните модули во трета и четврта година се реализираат согласно модуларните наставни планови за средно стручно образование. Тие имаат за цел да им овозможат на учениците избор согласно нивните интереси и афинитети, како и можност за стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, развивање на способности и практични вештини поврзани со избраната квалификација.

Со цел учениците и родителите да бидат правилно информирани и насочени при изборот на изборните модули, училиштето реализира активности за навремено запознавање со понудата, целите и значењето на изборните модули.

| **Активност** | **Време на реализација** |
|---|---|
| училиштето подготвува листа со изборни предмети согласно квалификациите и наставните планови | септември |
| на првата родителска средба во второто полугодие класните раководители ги информираат родителите за можностите, целите и значењето на изборните модули | јануари |
| Класниот раководител на класен час ги запознава учениците со целите на изборните модули, начинот на избор, формирањето групи и можностите за промена на изборот | март-април |
| Учениците и родителите ја потпишуваат изјавата/листата за избор на модул најдоцна до 30 мај, со можност за промена на изборот до 10 јуни | мај |
| Определување наставници за реализација на изборните модули по предлог на стручните активи и директорот | јуни |

**Понудени изборни модули по сектори за трета година се следни:**

Сектор: машинство :

**- квалификација: техничар за компјутерско управување:**

1. Математика
2. физика
3. Организациско однесување
4. Обновливи извори на енергија
5. Неконционални методи на обработка

**квалификација:машинско енергетски техничар**

1. Математика
2. физика
3. Организациско однесување
4. Обновливи извори на енергија
5. Системи за далечинско греење и ладење

Електротехничка струка/сектор: електротехника:

-**образовен профил/квалификација: електротехничар енергетичар:**

1. Обновливи извори на енергијата
2. Информатички технологии во електроенергетика
3. Заштита на електрични инсталации
4. Математика

**- образовен профил:електротехничар за компјутерска техника и автоматика**:

1. Математика
2. физика
3. Автоматизирани системи
4. Мултимедија
5. Веб програмирање

Здравствена струка/сектор: здравство и социјална заштита

**- образовен профил: медицинска сестра:**

1. медицинска етика
2. биологија
3. хемија
4. физика
5. информатика

**Изборни модули по струки за четврта година се следни:**

Машинска струка/сектор: машинство :

**- образовен профил/квалификација: техничар за компјутерско управување:**

1. Математика
2. физика
3. Енергетска ефикасност и системи за греење, вентилација и климатизација
4. Бизнис и претприемништво
5. Современи материјали и површински третман

-**образовен профил/квалификација:машинско енергетски техничар**

1. Математика
2. физика
3. Бизнис и претприемништво
4. Енергетска ефикасност и системи за греење, вентилација и климатизација
5. Мониторинг на квалитет на вода

Електротехничка струка/сектор: електротехника:

-**образовен профил/квалификација: електротехничар енергетичар:**

1. Заштита на електрични постројки
2. Индустриска електроенергетика
3. Електрични возила
4. Математика
5. Бизнис и претприемништво

**- образовен профил:електротехничар за компјутерска техника и автоматика**:

1. Математика

2. физика
3. Енергетска ефикасност на објекти
4. 3Д Моделирање
5. Програмски јазици

Здравствена струка/сектор: здравство и социјална заштита

**- образовен профил: медицинска сестра:**

1. Геронтологија со нега
2. Биологија
3. Хемија
4. физика
5. бизнис и претприемништво

По реализираниот процес на информирање на учениците и родителите и спроведената анкета за избор на изборни модули, училиштето ги анализира добиените податоци и го утврдува изборот на учениците. Врз основа на резултатите се формираат групи за реализација на изборните модули и се определуваат наставници за нивна реализација.

Во следнава табела се прикажани податоците за избраните изборни модули, за учебната 2026/2027 година:

**За ученици кои следат настава на македонски јазик:**

| **Година** | **паралелка** | **Број на ученици** | **Изборен предмет** | **Име и презиме на наставникот** | **Начин на избор** |
|---|---|---|---|---|---|
| трета | 1 | 13 | Неконвенционални методи на обработка | Дафина Митковска | анкета |
| | | 14 | Обновливи извори на енергија | Дафина Митковска | |
| | 2 | 13 | Обновливи извори на енергија | Дафина Митковска | |
| | 3 | 7 | Математика | Горан Ивановски | |
| | | 9 | Обновливи извори на енергија | Тони Ристески | |
| | 4 | 5 | Технологија на обработка | ???? | |
| | | 15 | Обновливи извори на енергија | Михајло Петковски | |
| | 5 | 12 | Физика | Биљана Кушински | |
| | | 18 | Веб програмирање | Ненад Ставревски | |
| | 6 | 6 | Математика | Весна Ристовска | |
| | | 10 | Физика | Биљана Кушински | |
| | | 12 | Веб програмирање | Зоран Илиќ | |
| | 7 | 11 | Биологија | Маринела Јовчевска | |
| | | 10 | Хемија | Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска | |
| | 8 | 9 | Биологија | Маринела | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Јовчевска | |
| | | 11 | Хемија | Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска | |

| **Година** | **паралелка** | **Број на ученици** | **Изборен предмет** | **Име и презиме на наставникот** | **Начин на избор** |
|---|---|---|---|---|---|
| четврта | 1 | 15 | Современи материјали и површински третман | Дафина Митковска | анкета |
| | | 18 | Енергетска ефикасност и системи за греење, вентилација и климатизација | Сергеј Пешевски | |
| | 2 | 11 | Енергетска ефикасност и системи за греење, вентилација и климатизација | Дафина Митковска | |
| | 3 | 19 | Заштита на електрични постројки | Србољуб Лучиќ | |
| | 4 | 6 | Роботика | Давор Јордановски | |
| | | 8 | Електрични возила | Тони Ристески | |
| | 5 | 9 | Физика | Биљана Кушински | |
| | | 8 | Програмски јазици | Биљана Стојковиќ Спасовска | |
| | | 10 | Математика | Горан Ивановски | |
| | 6 | 7 | Физика | Биљана Кушински | |
| | | 23 | Програмски јазици | Биљана Стојковиќ Спасовска | |
| | 7 | 13 | Биологија | Милена Ефремовска | |
| | | 8 | Хемија | Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска | |
| | 8 | 8 | Биологија | Милена Ефремовска | |
| | | 7 | Хемија | Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска | |

## За ученици кои следат настава на албански  јазик:

| **Година** | **паралелка** | **Број на ученици** | **Изборен предмет** | **Име и презиме на наставникот** | **Начин на избор** |
|---|---|---|---|---|---|
| трета | 1А | | Организацицско однесување | Selver Fetahi | анкета |
| | | | Обновливи извори на енергија | Neshat Miftari | |
| | 2А | | Обновливи извори на енергија | Halim Misini | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Организацицско однесување | Selver Fetahi | |
| | 4А | | Заштита на електрични инсталации | Fatri Saliu | |
| | | | Обновливи извори на енергија | Tringa Destani | |
| | 5А | | Мултимедија | Esra Akifi | |
| | | | Математика | Arbnor Murtezi | |
| | 6А | | Математика | Arbnor Murteyi | |
| | | | Мултимедија | Esra Akifi | |
| | 8А | | Биологија | Sirija Jaija | |
| | | | Хемија | Nuhi Murtenzani | |
| | 9А | | Биологија | Lazime Aliji | |
| | | | Хемија | Nuhi Murtenzani | |
| | 10А | | Биологија | Sirija Jaija | |
| | | | Хемија | Nuhi Murtenzani | |

| **Година** | **паралелка** | **Број на ученици** | **Изборен предмет** | **Име и презиме на наставникот** | **Начин на избор** |
|---|---|---|---|---|---|
| четврта | 1А | | Бизнис и претприемништво | Fllanza Xhaferi | |
| | | | Енергетска ефикасност и системи за греење, вентилација и климатизација | Halim Misini | Анкета |
| | 2А | | Бизнис и претприемништво | Fllanza Xhaferi | |
| | | | Енергетска ефикасност и системи за греење, вентилација и климатизација | Halim Misini | |
| | 3А | | Заштита на електрични постројки | Rexai Iseni | |
| | 4А | | Програмски јазици | Fatri Saliu | |
| | | | 3Д Моделирање | Erkan Ajdini | |
| | 5А | | 3Д Моделирање | Erkan Ajdini | |
| | | | Програмски јазици | Mevledin Asani | |
| | 6А | | Биологија | Lazime Aliji | |
| | | | Бизнис и претприемништво | Fllanza Xhaferi | |
| | 7А | | Биологија | Lazime Aliji | |
| | | | Бизнис и претприемништво | Fllanza Xhaferi | |
| | 8А | | Биологија | Lazime | |
| | | | Бизнис и претприемништво | Fllanza Xhaferi | |

## *8.8. Содржини програмирани од училиштето*

Содржините програмирани од училиштето се реализираат согласно наставните планови и програми за четиригодишното стручно образование. Тие имаат за цел да ги задоволат образовните потреби и интереси на учениците преку стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, развивање на

клучните и стручните компетенции, како и подобра подготовка за понатамошното образование, пазарот на трудот и планирањето на кариерата.

Училиштето реализира програми за содржини програмирани од училиштето за кои е добиено позитивно стручно мислење од Центарот за развој на стручното образование и обука, како и програми предложени од Центарот за развој на стручното образование и обука.

**Програма изработена од училиштето со важност:**

- ✓ функционална храна за одредени медицински состојби.

**Програми предложени од Центарот за развој на стручното образование и обука**

**Прва година:**

- ✓ Светско наследство во рацете на младите

**Втора година:**

- ✓ Планирање на кариера

**Трета година:**

- ✓ Ученичка компанија -Претприемачка практика за млади
- ✓ Подготовка за вработување и работа

**Четврта година:**

- ✓ Презентациски вештини
- ✓ Активно барање работа

**Програми за развој на зелени вештини**

Во рамките на активностите на Центарот за развој на стручното образование и обука и УНИЦЕФ за развој на зелени вештини, наставници од училиштето посетуваат обуки за имплементација на програмите во наставниот процес.

Во зависност од образовните профили, училиштето ќе ги реализира следните програми:

**Втора година:**

- ✓ Екологија во здравствениот систем здравствена стррука/здравство и социјална заштита (медицинска сестра)
- ✓ Еколошки аспекти на електротехника Електротехничка струка/електротехника

**Трета година:**

- ✓ Еколошки одржливи и иновативни технологии сектор Машинство

**Постапка за реализација**

Реализацијата на содржините програмирани од училиштето се одвива согласно насоките и процедурите на Центарот за развој на стручното образование и обука.

| **Активност** | **Време на реализација** |
|---|---|
| Предлагање програми од Наставничкиот совет | мај-јуни |

| | |
|---|---|
| Доставување на програмите до ЦРСОО за стручно мислење | Најдоцна до 15 септември од учебната година во која се реализира програмата |
| Формирање групи | септември |
| Потпишување изјава од ученикот за следење на програмата | Септември |
| Реализација на програмата | Започнува од 01.09 во тековната година Доколку групата се формира после започнување на наставната година, програмата може да се реализира и надвор од неделниот распоред на часови, но реализацијата мора да започне најдоцна до 01.10. во тековната учебна година.<br>Доколку се формира група на ученици кои ќе реализираат програма за СПУ со 1 час неделен фонд, односно 36 часа годишен фонд, а за четврта година програма со 1 час неделен фонд, односно 33 часа годишен фонд, реализацијата може да започне и по 01.10. во тековната учебна година, но најдоцна до почетокот на второто полугодие. |
| Истакнување распоредот на огласна табла | Пред започнување на реализација на програмата |
| Следење, оценување и евидентирање на постигањата | континуирано |

Оценувањето на учениците е бројчено и се врши согласно наставната програма. Оценката се внесува во свидетелството за завршена година, но не се пресметува во просечниот успех на ученикот. Напредокот на учениците се следи континуирано преку изработените активности, портфолиото на ученикот и евиденцијата што ја води наставникот. По завршувањето на постапката за избор и формирањето на групите, училиштето ќе изготви преглед на реализираните содржини програмирани од училиштето.

| **Година** | **паралелка** | **Број на ученици** | **Изборен предмет** | **Име и презиме на наставникот** | **Начин на избор** |
|---|---|---|---|---|---|
| Прво | 4 | 15 | Светско наследство во рацете на | Габриела Стојмановска | Анкета Изјава на ученике |
| Трето | 7 | 21 | Подготовка за вработување и работа | Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска | |
| Трето | 8 | 19 | Подготовка за вработување и работа | Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска | |
| Второ | 8 | 17 | функционална храна за одредени медицински состојби | Сања Бојковска | |
| Второ 9 | 7 | 22 | функционална храна за одредени медицински состојби | Сања Бојковска | |
| трета | 6 | | | Сања Бојковска | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| втора | 6 | 25 | | Магдалена Трајановиќ | |
| Четврта | 7 | 21 | Презентациски вештини | Татјана Саздовска | |
| Четврта | 8 | 17 | Презентациски вештини | Анита Крстевска | |
| | | | | Салим Абдиљи | |
| | | | | Флутура Имери-Ќерими | |
| | | | | Флора Адеми | |
| | | | | Амет Имери | |
| | | | | Лавдије Асани | |
| | | | | | |

## *8.9. Дополнителната настава*

Дополнителната настава се организира за ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, покажуваат послаби резултати по одделни наставни предмети или имаат потреба од дополнителна поддршка во процесот на учење. Целта е да им се овозможи успешно совладување на наставните содржини, подобрување на постигањата и развивање на навики за самостојно учење. Дополнителната настава се реализира во текот на целата учебна година, согласно законската регулатива, врз основа на проценката на предметниот наставник и потребите на учениците.

По започнувањето на учебната година училиштето ќе изготви распоред за реализација на дополнителната и додатната настава, кој ќе биде јавно објавен и доставен до Државниот просветен инспекторат во законски утврдениот рок. Распоредот за дополнителна настава ќе се изготви по започнувањето на учебната година, врз основа анализата на почетните постигања, предлозите на предметните наставници и организациските можности на училиштето.Анализа на почетните постигања во наставата и потреба од дополнителна поддршка;

- бројот на ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка по одделни наставни предмети;
- анализата на почетните и тековните постигања на учениците;
- предлозите по направената проценка на предметните наставници;
- континуирано следење на напредокот при усвојување на знаењата;
- барање на ученикот или родителот;
- можностите на училиштето за организација на наставата и распоредот на часовите;
- просторните и кадровските услови на училиштето.

| Активности | Време на реализација | Носители | Цел на активности |
|---|---|---|---|
| **Изготвување програма за дополнителна настава** | август-септември | Наставници<br>Стручни соработници | Планирање на активности за поддршка на учениците со потешкотии во совладување на наставните содржини |
| **Доставување на програмите до стручната служба** | септември | наставници<br>педагог | Координација, следење и обезбедување стручна поддршка во реализацијата |
| **Идентификување на ученици на кои им е потребна дополнителна настава** | Во текот на целата година | Наставници | Навремено препознавање на потребите на учениците и обезбедување дополнителна помош |
| **Изготвување на распоред за изведување на дополнителна** | До 20 септември | Помошник директор<br>Наставници<br>Класни раководители на настава | Организирање на достапна и функционална реализација на дополнителната настава |
| **Информирање на ученици и родители** | Континуирано | Наставници,<br>класни раководители,<br>стручна слуѓбапедагог, психолог, дефектолог<br>родител | Подобрување на соработката со родителите и обезбедување редовно присуство на учениците |
| **Реализација на дополнителна настава** | согласно распоред | Наставник<br>Ученик | Подобрување на постигањата и полесно совладување на наставните содржини |
| **Следење на напредокот и евидентирање** | Континуирано | Наставник<br>Класен раководител<br>Стручна служба<br>Родител | Следење на ефектите од дополнителната поддршка и планирање понатамошни активности |

## *8.10. Додатна настава*

Додатната настава во училиштето се организира и реализира за учениците кои имаат потреба од проширување и продлабочување на знаењата по одредени наставни предмети, дисциплини и области. Во неа ќе бидат вклучени ученици кои во редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и покажуваат надареност и талентираност за одделни наставни предмети и подрачја.

Постапката за вклучување на учениците во додатна настава започнува со информирање на учениците за можностите и областите по кои ќе се реализира додатната настава. Учениците, согласно своите интереси, способности и афинитети, се определуваат за следење додатна настава по одреден наставен предмет, во соработка со предметниот наставник. Наставниците преку континуирано следење на постигањата, интересите и активностите на учениците предлагаат нивно вклучување во додатна настава.

Распоредот за реализација на додатната настава се утврдува по започнувањето на учебната година, врз основа на интересот и бројот на пријавени ученици, потребите за подготовка за натпревари, предлозите на предметните наставници и организациските можности на училиштето.

Основни принципи во реализацијата на овој вид настава се: индивидуален пристап, менторски принцип, флексибилност во времето на одржување и во реализацијата на наставните содржини, истражувачки пристап во решавањето на задачите и проблемите, разновидност и користење соодветни наставни форми и методи во наставата, користење и примена на современа технологија во наставата, работа во мали групи од теоретска и практична природа, самостојна работа на учениците и експериментирање.

Изборот на учениците ќе се врши преку континуирано следење, проценка и вреднување на нивните постигања, интереси, способности и афинитети. Посебно внимание ќе се посвети на поддршка на надарените и талентираните ученици преку активности за продлабочување на знаењата, развивање на нивните способности и подготовка за натпревари.

Распоредот за реализација на додатната настава се објавува на огласната табла на училиштето и на друг соодветен начин за информирање на учениците.

| Активности | Време на реализација | Носители | Цел на активности |
|---|---|---|---|
| **Планирање на додатната настава, избор на наставни области, подготовка на материјално-технички услови и дидактички материјали** | август-септември | Наставници<br>Стручни соработници | Планирање активности за проширување и продлабочување на знаењата на учениците и подготовка за натпревари |
| **Изготвување и доставување на програми до стручната служба** | септември | наставници<br>педагог | Координација, следење и обезбедување стручна поддршка во реализацијата |
| **Информирање на учениците за можностите и областите за следење додатна настава** | септември | Наставници,<br>Класни раководители | Запознавање на учениците со можностите за вклучување согласно нивните интереси и способности |
| **Избор и пријавување на ученици за следење додатна настава** | септември | Ученици,<br>Наставници,<br>родители | Вклучување на учениците според нивните интереси, афинитети и постигнувања |
| **Идентификување на ученици со посебни способности и интереси** | Во текот на целата година | Наставници<br>Ученици<br>Родители<br>Стручна служба | Навремено препознавање и поддршка на талентираните и надарените ученици |
| **Изготвување на распоред за реализација на додатна наста** | До 20 септември | Помошник директор<br>Наставници<br>Класни раководители на настава | Организирање на достапна и функционална реализација на додатна настава |
| **Реализација на додатна настава** | согласно распоред | Наставник<br>Ученик | Развивање на знаења, способности и вештини и подготовка за натпревари и други активности |
| **Следење на напредокот на учениците и информирање на родителите** | Континуирано | Наставник<br>Класен раководител<br>Стручна служба<br>Родител | Следење на постигнувањата и обезбедување повратни информации |
| **Водење педагошка евиденција за додатна настава** | Континуирано | Наставник | Евидентирање на реализираните активности и напредокот на учениците |

## *9.11. Работа со надарени /талентирани ученици*

Надарени и талентирани ученици се ученици кои покажуваат развиени способности, интереси и постигнувања кои ги надминуваат очекувањата за нивната возраст и образовно ниво. Училиштето посветува внимание на нивното навремено препознавање, поддршка и развој преку различни форми на работа. Особено се работи на одредување на надареност или талентираност. Надареноста, по правило, се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика, општествени науки, азици и информатика, додека пак талентираноста, по правило, се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, балет, дизајн и спорт.

За планирање и реализација на активностите за работа со надарени и талентирани ученици, училиштето формира стручен тим составен од стручни соработници, наставници и други вработени согласно потребите.

**Тимот за работа со надарени и талентирани ученици ги реализира следните активности:**

- изготвување критериуми и насоки за идентификација на надарени и талентирани ученици;
- следење и анализа на постигањата, интересите и способностите на учениците;
- предлагање форми на работа и индивидуализирани активности за развој на потенцијалите на учениците;
- координација на активностите со предметните наставници;
- следење на напредокот и евалуација на постигнатите резултати;
- поттикнување на учеството на учениците на натпревари, проекти и други активности за афирмација.

Во училиштето се користат „Насоки за препознавање на надарени/талентирани ученици“, изработени од стручната служба, со цел воспоставување систем за идентификација и поддршка на учениците со посебни способности.

**Идентификацијата на учениците се врши преку:**

- континуирано следење на работата и постигањата од страна на наставниците;
- анализа на резултатите од наставата и учеството во активности;
- чек-листи и други инструменти за препознавање на способности и интереси;
- мислење од наставници, стручната служба, родители и самите ученици.

Следењето и идентификацијата на учениците се планира да се реализира најдоцна до крајот на првиот класификационен период.

За развој на способностите на надарените и талентираните ученици ќе се применуваат следните форми на работа:

- индивидуална работа и менторски пристап;
- додатна настава;
- секции и вonнаставни активности;
- истражувачки активности;
- подготовка и учество на натпревари;
- проекти и други активности за афирмација.

Наставниците ќе изготвуваат активности согласно интересите и способностите на учениците, а постигнувањата ќе се следат преку континуирана повратна информација, ученички портфолија и евиденција за учество во активности.

| Активности | Време на реализација | Носители | Цел на активности |
|---|---|---|---|
| Формирање и планирање работа на тимот | Септември | Стручен тим | Координација на активностите за работа со надарени и талентирани ученици |
| Идентификација на ученици | Септември – ноември | Наставници, стручна служба | Навремено препознавање на способности и интереси |
| Изработка на планови за работа со учениците | Ноември – декември | Наставници, тим | Развој на потенцијалите и продлабочување на знаењата |
| Реализација на активности | Во текот на учебната година | Наставници, стручна служба | Развивање способности и поттикнување на постигнувањата |
| Следење и евалуација | Континуирано | Тим, наставници | Следење на напредокот и подобрување на поддршката |

**Координатор на активностите:** специјален едукатор и рехабилитатор.
**Реализатори:** предметни наставници, класни раководители, психолог, педагог и директо

## *8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби/ Инклузивен тим*

Инклузивното образование претставува составен дел од воспитно-образовниот процес и е една од основните определби на ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово. Училиштето создава услови за еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици, почитувајќи ги нивните индивидуални способности, интереси, потреби и можности.

Секој ученик има право на соодветна образовна поддршка која ќе овозможи негово активно учество во наставата, личен развој и целосна вклученост во училишниот живот. Затоа, училиштето применува инклузивен пристап преку индивидуализирана настава, соработка со родителите, стручните служби и надворешните институции, како и преку континуирано унапредување на компетенциите на наставниот кадар.

Согласно законската регулатива, ученици со посебни образовни потреби се:

- ученици со долготрајна телесна, сетилна, интелектуална, психосоцијална или друга попреченост;
- ученици со нарушувања во однесувањето или емоционални потешкотии;
- ученици кои потекнуваат од социо-економски, културно или јазично ранливи средини;
- талентирани и надарени ученици.

**Училишен инклузивен тим**

Во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим кој ја координира и следи реализацијата на активностите поврзани со инклузивното образование.

**Координатор:**

- Симона Трајковска – специјален едукатор и рехабилитатор
- Ќендреса Мустафи- специјален едукатор и рехабилитатор

**Заменик координатор:**

- Весна Анѓеловиќ – психолог
- Валдете Арифи -педагог

**Членови:**

- Драган Јаневски – директор
- Рагми Алиу -помошник директор
- Катрин Михајловиќ – педагог
- Елизабета Трајковска – социолог
- Салим Абдиљи-координатор за практично образование

- Габриела Стојмановска – наставник
- Мартина Максимовиќ – наставник
- Леонора Акифи -наставник
- Фарије Сулејмани -наставник
- Ева Цветановска – претставник од ученичкиот совет
- Влера Алиу - претставник од ученичкиот совет
- Тијана Панзевска – родител
- Јовица Николовски – родител
- Арјета Муареми-родител
- Михајло Петковски – кариерен советник
- Магдалена Трајановиќ – кариерен советник
- Фланза Џафери-кариерен советник
- Лидија Милановска – претставник на деловната заедница

**Соработници:**

- раководители на паралелки;
- предметни наставници;
- родители/старатели;
- ученици;
- надворешни стручни лица и институции, по потреба.

**Инклузивен тим за ученикот**

За секој ученик за кого е потребна дополнителна образовна поддршка се формира Инклузивен тим за ученикот. Тимот го сочинуваат родителот/старателот, раководителот на паралелката, предметните наставници, специјалниот едукатор и рехабилитатор, психологот и/или педагогот, образовниот или личниот асистент (доколку е обезбеден), како и други стручни лица по потреба.

Инклузивниот тим за ученикот:

- ја следи состојбата и образовните потреби на ученикот;
- изработува, реализира и ревидира Индивидуален образовен план (ИОП), кога е потребно;
- обезбедува индивидуализирана образовна поддршка;
- го следи и евидентира напредокот на ученикот;
- соработува со родителите, наставниците и надлежните институции.

**Цели**

- Обезбедување еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици.
- Навремено препознавање на учениците на кои им е потребна дополнителна образовна поддршка.
- Изработка и реализација на Индивидуални образовни планови (ИОП) согласно индивидуалните способности и потреби.

- Континуирано следење, вреднување и евидентирање на напредокот на учениците.
- Зајакнување на компетенциите на наставниците за примена на инклузивни и диференцирани наставни стратегии.
- Активно вклучување на родителите во планирањето и реализацијата на образовната поддршка.
- Развивање инклузивна училишна клима и спречување на дискриминација и исклученост.

**Програми и видови поддршка**

Во текот на учебната година училиштето ќе реализира:

- изработка и реализација на Индивидуални образовни планови (ИОП), за еден ученик од четврта година што посетува настава на албански јазик кога е потребно;
- индивидуализирана настава и диференциран пристап;
- следење и евидентирање на напредокот на учениците;
- ревизија на ИОП согласно постигнатите резултати;
- водење досие за ученикот;
- изготвување извештаи за напредокот;
- советодавна работа со наставници и родители;
- соработка со надворешни институции и стручни служби, кога е потребно.

Во училиштето има формиран Инклузивен тим за образовна и развојна поддршка за еден  ученик со посебни образовни потреби кој ќе работи по Индивидуални образовни планови (ИОП),

Инклузивниот тим на ученикот се состои од следните членови:

Координатор – Специјален едукатор и рехабилитатор Ќендреса Мустафи
Заменик координатор – Педагог на училиштето Валдете Арифи Член – Заменик директор на училиштето Рагми Алиу Член – Класен раководител Егзона Ајредини Член – Предметен наставник Есра Акифи, Фатри Салиу, Зана АјдиниЧлен- Кариерен советник Еркан Ајдин Член – Родител / старател на ученикот Флорије Садики

Инклузивниот тим има задача да ја анализира документацијата од Комисијата за функционална проценка (МКФ), да изврши проценка на образовните потреби на ученикот, да изработи и да го спроведе Индивидуалниот образовен план (ИОП), како и да го следи напредокот на ученикот во текот на учебната

Активностите, роковите, реализаторите, ресурсите и очекуваните резултати се разработени во **Програмата за работа на Училишниот инклузивен тим**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| **Формирање и состаноци на Училишниот инклузивен тим тим.<br>Изработка на Програма за работа Училишниот инклузивен тим** | Јуни, 2026 | Координаторот и членови на инклузивен тим | Годишна програма, училишна документација, записници | Дискусија | Подобрување на работата на тимот |
| **Обука и професионална поддршка на наставниците за изработка и реализација на Индивидуален образовен план (ИОП)** | Во текот на првото полугодие | Специјален едукатор и рехабилитатор | Записници, анализи, извештаи | Предавање дискусија практична работа | Учество на наставниците на обуката Изработена програма<br>според индивидуалните способности на учениците |
| **Идентификација на ученици на кои им е потребна дополнителна образовна поддршка** | септември 2026 и континуирано во текот на учебната година | Инклузивен тим наставници стручни соработотни родители | Училишна документација, медицинска потврда | Набљудување дискусија | Правилна идентификација на ученици за понатамошна помош |
| **Проценка на индивидуалните способности, можности и потреби на ученикот** | Септември и октомври 2026 | Инклузивен тим, Наставници, стручни соработници од други училишта, матичен лекар стручни соработници | Училишна документација | Набљудување дискусија | Правилна проценка на способностите на ученикот за давање понатамошна помош |
| **Формирање Инклузивен тим за ученикот и планирање на индивидуална поддршка** | По потреба | Инклузивен тим за ученикот, предметни наставници, стручна служба | ИОП, наставни планови, индивидуална документација | Анализа на способности, поставување цели, адаптација на наставни содржини | Реализација на образовни програма согласно индивидуалните способности и потреби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | и методи | на ученикот |
| **Изработка и реализација на Индивидуален образовен план ИОП (долгорочен и среднорочен)** | Ноември - декември 2026 | Инклузивен тим наставници | ИОП, интерна документација | Постапност, систематичност, анализа | Изработена програма според индивидуалните способности на учениците |
| **Водење досие за учениците на кои им е потребна дополнителна образовна поддршка** | Континуирано во текот на целата учебна година | Инклузивен тим наставници | ИОП, интерна документација | Постапност, систематичност анализа | Подобар увид во напредокот на ученикот |
| **Следење и вреднување на напредокот на учениците** | Периодична проценка и анализа на напредокот на учениците | Инклузивен тим наставници | ИОП, интерна документација | Постапност систематичност анализа | Подобар увид во реализацијата на поставените цели |
| **Соработка со родители/старатели и надворешна институции** | Континуирано согласно потребите | Инклузивен тим за | | | |
| **Редефинирање на целите** | По потреба | Инклузивен тим наставници | ИОП | Проценка, анализа | Реално остварливи цели |
| **Изготвување на Извештај за напредокот на учениците** | Април и јуни 2027 | Инклузивен тим | ИОП | Анализа | Изготвен извештај |

## *8.13. План на образовниот медијатор*

Улогата на образовниот медијатор е да претставува врска помеѓу училиштето, учениците Роми, нивните родители/старатели и локалната заедница, преку обезбедување поддршка, подобрување на комуникацијата и поттикнување на соработката со цел унапредување на образовниот успех и целосна вклученост на учениците во училишниот живот.

Согласно член 31 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25), образовниот медијатор реализира активности насочени кон:

- подобрување на информираноста на учениците и родителите за можностите и пристапот до средното образование;
- поддршка на учениците за редовно посетување на наставата и спречување на напуштање на училиштето;
- соработка со наставниците и стручната служба за подобрување на образовните постигнувања;
- организирање и учество во активности за јакнење на довербата и сензибилизација на училишната заедница за потребите на учениците Роми.

Реализацијата на активностите на образовниот медијатор ќе се следи преку редовна соработка со директорот, стручната служба и наставниот кадар. Образовниот медијатор, во соработка со определеното одговорно лице од училиштето, ќе подготвува извештај за реализираните активности, постигнатите резултати и предизвиците во работењето, кој ќе биде доставен до Министерството за образование и наука.

Планираните активности на образовниот медијатор, времето на реализација, очекуваните резултати и лицата одговорни за следење на реализацијата се прикажани во следната табела:

| Планирани активности | Време на реализација | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење |
|---|---|---|---|
| **Идентификување на ученици Роми на кои им е потребна поддршка и воспоставување контакт со нивните семејства** | Септември-октомври 2026<br><br>Континуирано | Навремено откривање на потреби на учениците и обезбедување соодветна поддршка | Помошник директор, стручна служба, образовен медијатор |
| **Информирање на учениците и родителите за можностите, правата и обврските поврзани со средното образование** | тековно | Подобрена информираност и зголемено вклучување на ученици и родители | Помошник директор, стручна служба, образовен медијатор |
| **Следење на редовноста и преземање активности за спречување на осипување од образовниот процес** | континуирано | Намалување на бројот на ученици кои го напуштиле училиштето . Намалување на неоправдани изостаноци | Помошник директор, стручна служба, образовен медијатор |
| **Соработка со наставниците за следење на успехот, редовноста, поведението и напредокот на учениците** | По потреба | Подобар успех и поголема поддршка при учењето | Помошник директор, стручна служба, образовен медијатор |
| **Организирање средби со родители и активности  за зајакнување на довербата меѓу училиштето и семејството** | По потреба | Подобрена комуникација и активно вклучување на родители | Помошник директор, стручна служба, образовен медијатор |
| **Учество во активности за сензибилизација на наставниот кадар и училишната заедница за потребите на учениците Роми** | По потреба | Подобрена инклузија и создавање позитивна училишна клима | Помошник директор, стручна служба, образовен медијатор |

## *8.14. План на координатор на практично образование*

| Активност / задача | Цел | Време | Соработници | Индикатори за квалитет |
|---|---|---|---|---|
| **Анализа на потребите за практично образование, воспоставување соработка со работодавачи** | Навремено планирање на практичното образование | Во текот на наставна година | Директор, Координатор, одговорно лице од општина претставници од комори | Навремено изработен план; усогласеност со бројот и профилите на учениците |
| **Изготвување Предлог листа на работодавачи**<br>**Објавување Предлог листа на работодавачина огласна табла, на веб страна и училиште и општина**<br>**Ажурирање на податоците за работодавачите** | Обезбедување соодветни места за практично образование | Септември – октомври | Директор, наставници, работодавачи | Ажурирана база; обезбедени доволен број соодветни места |
| **Обука на учениците за безбедност и здравје при работа** | Подготвување на учениците | Пред реализација на феријална практика до 5 јуни | Пред започнување | Подготвување на ученици |
| **Комуникација и координација со работодавачите** | Ефикасна организација на практичното образование | Континуирано | Работодавачи, наставници, ментори | Навремена комуникација; решавање на проблемите во разумен рок |
| **Распоредување на учениците кај работодавачи** | Усогласување на практичното образование со образовниот профил | Септември – октомври | Наставници, работодавачи | Учениците се распоредени согласно профилот и условите кај работодавачот |
| **Координација на учењето преку работа** | Квалитетна реализација на учењето преку работа | Во текот на годината | Наставници, ментори, ученици | Реализирани планирани активности; редовно следење; позитивна повратна информација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Координација на феријалната практика** | Навремена и организирана реализација на практиката | Мај – август | Ученици, наставници, работодавачи | Обезбедени места; реализирана практика; уредна документација |
| **Следење на реализацијата** | Навремено откривање и решавање на проблемите | Континуирано | Ученици, наставници, ментори | Редовно следење; евидентирани и решени забелешки |
| **Прибирање повратни информации** | Проценка на квалитетот на практичното образование | По реализираните активности | Ученици, наставници, работодавачи | Прибрани повратни информации; идентификувани области за подобрување |
| **Следење на потребите на пазарот на трудот** | Подобро усогласување на практичното образование со потребите на работодавачите | Во текот на годината | Работодавачи, наставници | Прибрани информации; предложени нови можности за соработка |
| **Евиденција и извештај за реализацијата** | Обезбедување транспарентност и континуитет во работата | Континуирано / крај на година | Директор, наставници | Навремена и целосна документација; изготвен годишен извештај; предлози за подобрување |

## *8.15 План на образовниот асистент*

Во училиштето нема ангажиран образовен асистент

## *8.16 План на кариерниот советник и тимот на кариерно советување*

### Општа цел на програмата:

Обезбедување систематска и постепена поддршка на учениците во процесот на кариерно информирање, советување и планирање, преку паралелна обука и усовршување на советникот, развивање на кариерни компетенции кај учениците и градење партнерства со релевантни чинители.

### Посебни цели / резултати од учење

| Подрачје | Посебни цели / Резултати од учење |
|---|---|
| Планирање и информирање | - Советникот постепено се обучува и стекнува основни компетенции.<br>- Развиена прва годишна програма за кариерно советување.<br>- Креирана база на ученици и прибрани податоци за интереси. |
| Работа со ученици | - Реализирани први групни и индивидуални сесии.<br>- Учениците запознаени со значењето на кариерното советување и портфолио.<br>- Постепено изработено кариерно портфолио (CV, мотивационо писмо, сертификати). |
| Соработка и вмрежување | - Постепено воспоставени контакти со наставници, родители, компании и основни училишта.<br>- Организирани интервјуа со професионалци, посети и промотивни активности.<br>- Меморандуми за соработка,заеднички проекти |
| Обезбедување квалитет | - Советникот учи да води документација и индикатори.<br>- Подготвен годишен извештај. |
| Личен и професионален развој | - Советникот учествува на повеќе обуки месечно и вебинари<br>- Развиена способност за саморефлексија и самоевалуација. |

| Месец | Подрачје | Активност | Цел | Целна група | Очекувани резултати (квалитативни и квантитативни индикатори) | Вклучени чинители |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Август | Планирање | Креирање на годишна програма за работа. Формирање тим за кариерно советување. | Да се обезбеди систематски и структуриран пристап кон кариерното советување и тимска координација. | / | Усвоена годишна програма. Формиран тим со јасни улоги. | Тим за кариерно советување |
| | Соработка и вмрежување | Работен состанок со класни раководители. | Да се воспостави координација за навремено препознавање на потребите на учениците. | Класни раководители | Заеднички план за интеграција во редовните часови. | Тим за кариерно советување |
| Септември | Работа со ученици | Промоција на работата на кариерниот советник. Анкета за потреби и интереси. | Да се зголеми информираноста и да се соберат податоци за интересите. | Ученици I–IV год. | Подобрена препознатливост. Извештај од анкета. | Кариерен советник |
| | Обезбедување квалитет | Креирање промотивен материјал (брошури, постери). | Да се информираат учениците и родителите за улогата на советникот. | Ученици, родители, наставници | Подготвен и дистрибуиран промотивен материјал. | Тим за кариерно советување |
| | Личен и професионален развој | Обука: Вовед во кариерно советување. Обука: Креирање база на податоци. | Да се стекнат основните познавања. | / | Две обуки реализирани. | Кариерен советник, тим за кариерно советување |
| Октомври | Работа со ученици | Работилница „Кој сум јас?" | Да им се помогне на младите да развијат вештини за визионирање во однос на сопствената кариера | Ученици IV год. | Опфат ≥35%. | Кариерен советник |
| | | Работилница „Мојата кариерна патека". | Да им се помогне на младите да развијат вештини за самопроценка | Ученици IV год. | | |
| | | Работилница „Што е кариера?" | Да им се помогне на младите да развијат ставови за кариера и потребата од планирање на кариера | Ученици I-III год. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Соработка и вмрежување | Гостински предавања од професионалци. | Да се запознаат учениците со реални кариерни патишта. | Ученици III–IV год. | Опфат ≥35% од учениците. Зголемена мотивација. | Кариерен советник, тим за кариерно советување |
| | Личен и професионален развој | Обука: Техники за индивидуални разговори. Обука: Вовед во кариерно портфолио. | Советникот применува техники во практика. | / | Минимум 10 индивидуални разговори и започнати портфолија. | Кариерен советник, |
| Ноември | Работа со ученици | Работилници „Мапирање на професии“ и „Истражување кариерни можности“. Изработка на CV. | Учениците развиваат основни документи и истражувачки вештини. | Ученици III–IV год. | 30 CV изработени. | Кариерен советник |
| | Соработка и вмрежување | Интервјуа со професионалци. | Да се запознаат учениците со професии од заедницата. | Ученици III–IV год. | 5 интервјуа со професионалци. | Кариерен советник, компании |
| | Личен и професионален развој | Обука: Мотивациско советување. Обука: Кариерно профилирање. | Советникот учи да профилира и мотивира ученици. | / | Две обуки реализирани. | Кариерен советник |
| Декември | Работа со ученици | Работилници „Како да донесам одлука?“ и „Моето прво CV“. | Учениците развиваат одлучувачки и практични вештини. | Ученици IV год. | 40 CV подготвени. | Кариерен советник |
| | Соработка и вмрежување | Посета на компанија. Презентација во ООУ. | Да се доближат струките до основците и да се вклучат компании. | Ученици III–IV год., основци | 1 посета и 1 презентација. | Кариерен советник, координатор за учење преку работа |
| | Личен и професионален развој | Обука: Организација на активности и промоција. | Советникот учи за промоција и организација. | / | Обуката реализирана. | Кариерен советник |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | Работа со ученици | Индивидуални разговори со матуранти. Работилница „Вредности и мотивација“. | Поддршка на матуранти за избор на патека. | Ученици IV год. | 20 индивидуални разговори. 1 работилница реализирана. | Кариерен советник, педагог |
| | Личен и професионален развој | Обука: Кариерни патеки. Обука: Индивидуално советување. | Советникот учи за кариерни патеки и индивидуални разговори. | / | Две обуки реализирани. | Кариерен советник, педагог |
| | Соработка и вмрежување | Соработка со НВО и локални институции (Центар за вработување). | Да се информираат учениците за услуги и поддршка во заедницата. | Ученици IV год. | 1 средба/презентација реализирана. | Кариерен советник, НВО, институции |
| Февруари | Работа со ученици | Симулации на интервју. Job-shadowing. Средба со родители. Учениците изработуваат мотивационо писмо. | Подготовка за интервју и апликација. | Ученици IV год., родители | 30 ученици во симулации. 10 во job-shadowing. | Кариерен советник, наставници, родители, компании |
| | Соработка и вмрежување | Партнерство со родители и компании за поддршка на job-shadowing. | Да се обезбеди поддршка на учениците во реална работна средина. | Ученици IV год., родители | 10 ученици во job-shadowing со поддршка на родители. | Кариерен советник, родители, компании |
| | Личен и професионален развој | Обука: Подготовка за интервју и работа со родители. | Советникот применува техники за поддршка на ученици и родители. | / | Две активности реализирани. | Кариерен советник, педагог |
| Март | Работа со ученици | Работилница „Комуникациски и тимски вештини“. Посети на компании. Настан „Ден на професиите“. | Развој на меки вештини и информирање на основци. | Ученици II–IV год., Ученици од ООУ | 60 ученици опфатени. 1 настан со ООУ. | Кариерен советник, координатор за учење преку работа, компании |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Соработка и вмрежување | Зајакнување соработката со основни училишта (заеднички работилници). | Да се промовираат струките кај идните ученици. | Ученици од ООУ | 2 заеднички работилници реализирани. | Кариерен советник, наставници, ООУ |
| | Личен и професионален развој | Обука: Развој на меки вештини. | Советникот се обучува за техники за тимска работа. | / | Обука реализирана. | Кариерен советник |
| Април | Работа со ученици | „Ден на кариерата“. Работилница „Како да се претставам“. Учениците пишуваат есеј/проект. | Учениците учат самопрезентација и претприемништво. | Ученици II–IV год., Ученици од ООУ | Настан со 10 компании. | Кариерен советник, професори, компании |
| | Соработка и вмрежување | Заеднички состаноци со наставници и класни раководители за портфолија. | Да се приберат податоци за учениците и да се поддржи подготовката на портфолијата. | Ученици III–IV год. | Опфат ≥70% ученици со поддршка од наставници. | Кариерен советник, наставници |
| | Личен и професионален развој | Обука: Претприемнички компетенции. | Советникот стекнува знаења за поддршка на младите претприемачи. | / | Обука реализирана. | Кариерен советник |
| Мај | Работа со ученици | Работилница „Од идеја до бизнис“. Финални консултации со матуранти. Самоевалуација во портфолио. | Учениците развиваат план за иднината. | Ученици IV год. | 50% од IV во консултации. Самоевалуација пополнета. | Кариерен советник, наставници, компании |
| | Соработка и вмрежување | Отворен ден на училиштето со партнери (ООУ, компании, родители, НВО). | Да се презентира училиштето и да се промовира соработката. | Ученици, родители, партнери | 1 Отворен ден реализиран со сите чинители. | Кариерен советник, тим за кариерно советување |
| | Личен и професионален развој | Обука: Транзиција и планирање иднина. | Советникот се обучува за поддршка во преминот кон работа или студии. | / | Обука реализирана. | Кариерен советник |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јуни | Обезбедување квалитет | Годишен извештај. Презентација пред наставнички совет. Финализирање портфолија. | Затворање на циклусот и планирање наредна година. | Ученици IV год., наставнички совет | Извештај подготвен. 50 портфолија финализирани. | Кариерен советник, директор, наставнички совет |
| | Соработка и вмрежување | Состанок со сите партнери за евалуација и планирање. | Да се направи заедничка анализа и план за наредната година. | Партнери, наставници, родители | 1 состанок реализиран; заклучоци документирани. | Кариерен советник, директор, партнери |
| | Личен и професионален развој | Обука: Евалуација и самоевалуација. | Советникот учи да анализира и ревидира програма. | / | Обука реализирана. | Кариерен советник |

## План за континуиран професионален развој

| Активност | Цел | Очекувани резултати (квалитативни и квантитативни индикатори) | Вклучени чинители | Ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| Онлајн курсеви и читање прирачници | Советникот ги стекнува основите. | 3 курсеви завршени; 2 применети алатки. | Педагог, надворешни тренери | Веб-платформи, литература. | Септември–Јануари |
| Вебинари и работилници | Советникот учи мотивациско советување и меки вештини. | 2 вебинари посетени; 2 применети техники. | Организатори на обуки, педагог | Интернет, време, материјали. | Декември–Март |
| Учествување во форуми, мрежи и локални групи за Кариерни советници | Размена на добри практики и искуства меѓу професионалци. | 1 средба квартално; документирани белешки. | Колеги советници | Време, простор во училиштето. | Квартално |
| Самоедукација | Следење трендови за кариера и пазар на труд. | 2 часа месечно. | Кариерен советник | Пристап до интернет и литература. | Континуирано |

**Клучни индикатори за обезбедување квалитет**

• Изработен и усвоен годишен план.

• Формиран и функционален тим за кариерно советување.

• Креирана и ажурирана база на ученици (опфат ≥70%).

• Минимум 50 реализирани индивидуални разговори.

• Изработени минимум 50 портфолија.

• Организирани најмалку 3 промотивни активности со ООУ.

• Спроведена евалуација со 50% од учесниците.

• Подготвени Годишен извештај и самоевалуација.

Забелешка: Предложената програма може да претрпи измени согласно потребите на учениците и тековните случувања, истовремено и со насоки од надлежните институции.

# 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Воннаставните активности се составен дел од воспитно-образовната работа на училиштето и се реализираат со цел да им се овозможи на учениците да ги развиваат своите интереси, способности, таленти и вештини надвор од редовната настава.

Преку воннаставните активности се поттикнуваат:

- активното учество на учениците во животот и работата на училиштето;
- развојот на социјалните, комуникациските, креативните и практичните вештини;
- тимската работа и соработката;
- здравите животни навики и физичката активност;
- волонтерството, хуманоста и одговорноста кон заедницата;
- инклузијата, недискриминацијата, толеранцијата и почитувањето на различностите;
- соработката со родителите, локалната заедница, институциите и организациите.

Активностите ќе се реализираат согласно интересите и потребите на учениците, расположливите услови и можности на училиштето, како и согласно програмите на одговорните наставници и стручните соработници.

## *9.1 Училишни спортски клубови*

Во училиштето функционира Училишниот спортски клуб, преку чија програма на учениците им се овозможува вклучување во различни спортски и рекреативни активности. Активностите се реализираат согласно програмата на клубот, интересот на учениците, расположливите услови и календарот на спортските натпревари и манифестации.

На учениците ќе им бидат понудени активности во следните спортови и дисциплини: **кошарка, фудбал, ракомет, одбојка, атлетика, шах и пинг-понг**, како и други спортски активности согласно интересот на учениците и можностите за реализација.

**Цели на активностите** се поттикнување на физичката активност и здравиот начин на живот, развивање на спортските способности на учениците, тимскиот дух, дисциплината, одговорноста и фер-плејот, како и создавање можности за учество и постигнување резултати на спортски натпревари.

**Планирани активности:**

- презентација на спортските активности и запознавање на учениците со можностите за вклучување;
- формирање и ажурирање на списоци на заинтересирани ученици;

- реализација на тренинзи и спортски активности;
- организирање училишни спортски натпревари;
- селекција и подготовка на ученици за учество на општински, зонски, регионални и други натпревари;
- учество на турнири и спортски манифестации организирани од училиштето, Општината и други организации;
- учество на атлетски натпревари, кросови и велосипедски активности/трки;
- други спортски активности согласно интересот на учениците и поканите за учество.

**Време на реализација:**
Активностите ќе се реализираат во текот на учебната **2025/2026 година**, согласно програмата на Училишниот спортски клуб, календарот на натпреварите и поканите за учество.

**Опфат на ученици:**
Во активностите ќе бидат опфатени ученици од сите години на образование, согласно нивниот интерес, видот на спортската активност и условите за учество.

**Начин на вклучување на учениците:**
На почетокот на учебната година учениците ќе бидат информирани за можностите за вклучување во спортските активности. Вклучувањето ќе се врши според интересот на учениците, условите за реализација и критериумите утврдени со програмата на клубот. За конкретните натпревари и спортски манифестации учениците ќе бидат дополнително информирани согласно добиените покани и условите за учество.

**Финансирање:**
Активностите ќе се финансираат согласно можностите на училиштето, поддршката од Општината и/или други дозволени извори на финансирање, согласно важечките прописи.

**Следење и евалуација:**
Реализацијата на активностите ќе ја следат одговорните наставници и тимот определен од училиштето. За реализираните активности ќе се води соодветна евиденција, а резултатите, учеството и интересот на учениците ќе се следат во текот на учебната година. На крајот на учебната година ќе се направи анализа на реализираните активности, бројот на вклучени ученици и постигнатите резултати, што ќе послужи како основа за планирање на активностите на клубот во наредната учебна година.

## *9.2 Ученички акции и волонтерство*

Училиштето ќе поттикнува активно учество на учениците во ученички, волонтерски, хуманитарни, еколошки и други активности од интерес за училиштето и локалната заедница. Активностите ќе се реализираат во соработка со Ученичкиот совет, наставниците, стручната служба, Советот на родители, како и со институции, организации и други партнери.

**Цели:**

- развивање на одговорност, солидарност и хуманост;
- поттикнување на волонтерскиот дух;
- развивање на свеста за грижа кон другите и животната средина;
- поттикнување иницијативност, соработка и тимска работа;
- активно учество на учениците во животот на училиштето и локалната заедница.

**План на активности:**

Во текот на учебната 2026/2027 година ќе се реализираат ученички акции и активности согласно потребите на училиштето, иницијативите на учениците и можностите за соработка со локалната заедница и партнерските организации.

| Акција / активност | Носители | Време | Цел на активноста |
|---|---|---|---|
| **Ден без автомобили** | Еколошка секција | Септември | Подигање на свеста за заштита на животната средина и промовирање одржлив транспорт |
| **Работилница по повод Неделата на борба против туберкулоза** | Подмладок на Црвениот крст | Септември | Подигање на свеста за превенција, рано препознавање и заштита на здравјето |
| **Светски ден на менталното здравје – изработка на постери и трибина** | Подмладок на Црвениот крст, здравствен актив | 10 октомври | Подигање на свеста за значењето на менталното здравје и превенција на ризици |
| **Недела на борба против гладта – хуманитарна акција** | Ученички совет, одговорни наставници | 16–22 октомври | Развивање солидарност, хуманост и помагање на лица во социјален ризик |
| **Крводарителска акција** | Здравствен актив | Октомври | Развивање хуманост и свест за значењето на доброволното крводарителство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Хуманитарни акции – собирање и донирање материјали** | Ученички совет, наставници | Ноември | Поттикнување хуманост, солидарност и волонтерски дух |
| **Светски ден на дијабетесот – едукативна активност и мерење шеќер во крвта** | Здравствен актив | Ноември | Подигање на свеста за дијабетесот, превенцијата и здравите животни навики |
| **Недела на грижа за стари лица** | Здравствен актив | 21–28 ноември | Подигање на свеста за потребите и правата на старите лица |
| **Посета и волонтерски активности со стари лица** | Здравствен актив | Ноември | Развивање емпатија, солидарност и меѓугенерациска соработка |
| **Хуманитарна новогодишна акција – собирање подароци за деца од ранливи категории** | Ученички совет, наставници | Декември | Поттикнување солидарност, дарување и грижа за ранливите категории |
| **Изработка на новогодишни честитки за деца од детското одделение на ЈЗУ Општа болница** | Здравствен актив, ученици | Декември | Поттикнување хуманост, емпатија и поддршка на децата |
| **Меѓународен ден на лицата со попреченост – дружење со корисници на „Порака наша“** | Здравствен актив | 3 декември | Подигање на свеста за еднаквоста, инклузијата и почитувањето на различностите |
| **Активности со Црвениот крст – формирање училишен клуб и собирна акција за училишен прибор** | Одговорни наставници, Ученички совет, Црвен крст | Во текот на учебната година | Развивање волонтерски дух, хуманост, солидарност и активност во заедницата |
| **14 Февруари – хуманитарна акција, продажба на ученички изработки и дружење со лица со попреченост** | Здравствен актив | 14 февруари | Поттикнување дружење, инклузија, прифаќање и волонтерство |
| **Ден на ретки болести – едукативно предавање** | Здравствен актив | Февруари | Подигање на свеста за ретките болести и потребата од поддршка и инклузија |
| **Обележување на Денот на бубрегот – средба со лица со бубрежни заболувања** | Здравствен актив | Март | Подигање на свеста за здравјето на бубрезите, превенцијата и значењето на здравите навики |
| **Еколошка акција – собирање и селекција на е-отпад** | Еколошка секција Електртехнички актив | Март/април | Развивање еколошка свест и одговорен однос кон животната средина за потребата за селектирање на е-отпад |
| **Светски ден на здравјето – здравствена кампања, посета на Специјална психијатриска болница, донирање и мерење на шеќер и крвен притисок** | Здравствен актив | 7 април | Поттикнување хуманост и подигање на свеста за здравјето и грижата за ранливите категории |
| **Ден на сестринството – приредба и активности со медицински сестри** | Здравствен актив | Мај | Изразување благодарност и почит кон професијата медицинска сестра и запознавање со нејзиното значење |
| **Акција за уредување на училишниот простор** | Ученички совет, наставници | Април/мај | Развивање одговорност и грижа за училишниот простор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Акции за пошумување и заштита на животната средина** | Еколошка секција | Согласно можностите | Поттикнување активен однос кон заштитата на природата |
| **Ученички иницијативи и волонтерски активности во заедницата** | Ученички совет, наставници | Во текот на учебната година | Поттикнување иницијативност, одговорност и активно учество во заедницата |
| **Одбележување на значајни еколошки датуми** | Еколошка секција | Во текот на учебната година | Подигање на еколошката свест кај учениците |
| **Работилница „Кажи НЕ на насилството“ – препознавање и справување со меѓуврсничко насилство, изработка на постери и видеа** | Стручна служба, одговорни наставници, Ученички совет | Согласно програмата | Развивање свест за превенција на насилството, ненасилно решавање конфликти и меѓусебно почитување |

**Вклучување на учениците и следење:**
Учениците ќе се информираат за можностите за учество преку Ученичкиот совет, класните раководители, наставниците и стручната служба. Во активностите ќе се вклучуваат ученици од различни паралелки, согласно нивниот интерес и видот на активноста.

За секоја активност ќе се определат одговорни наставници и ќе се евидентираат опфатот на ученици, реализираните содржини и постигнатите резултати. Реализацијата ќе ја следи тим составен од претставници на училиштето, Ученичкиот совет и Советот на родители.

**Потребни средства и материјали:**
Ќе се обезбедуваат согласно видот на активноста, преку училиштето, донации, локалната самоуправа, партнерски организации и други дозволени извори.

**Очекувани резултати:**
Зголемена вклученост на учениците, развиени хуманост, солидарност, волонтерски дух и еколошка свест, како и подобрена соработка меѓу учениците, училиштето и локалната заедница.

## *9.3. Драмски, музички, ликовни и други настани*

Училиштето ќе организира и ќе поддржува драмски, музички, ликовни, литературни и други културни и ученички настани, согласно интересот и можностите на учениците. Активностите ќе се реализираат во текот на учебната година, во рамки на училиштето и во соработка со Општината, институции и други партнери.

**Цели на активностите:** развивање на креативноста и талентите на учениците, поттикнување на самодовербата и комуникациските вештини, развивање на тимска работа и соработка, збогатување на културниот живот во училиштето и поттикнување на активното учество на учениците.

| Вид на настан/активност | Планиран период | Број/опфат на ученици | Одговорни наставници | Соработници/партнери | Цел/Начин на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Естетско уредување на училници и кабинети** | Септември | Ученици од паралелките | Класни раководители, одговорни наставници | Ученички совет | Развивање чувство за естетика, одговорност и грижа за училишниот простор |
| **Посета на културни настани – промоции, театарски претстави и изложби** | Во текот на учебната година | Согласно интересот | Наставници по македонски и албански јазик и други наставници | Културни институции | Запознавање со културни содржини и поттикнување интерес за уметноста и културата |
| **Литературен и ликовен конкурс по повод Месецот на книгата** | Октомври | Согласно интересот | Активи по македонски и албански јазик, наставници по ликовна култура | Градска библиотека „Тане Георгиевски“ | Поттикнување читање, литературно и ликовно творештво |
| **Патронат на училиштето** | Октомври | Ученици од повеќе паралелки | Одговорни наставници | Општина Куманово и други партнери | Промоција на ученичките способности преку културно-уметничка програма, изложби и настапи |
| **Литературни читања и презентации** | Октомври–мај | Согласно интересот | Актив по македонски и албански јазик | Библиотека „Тане Георгиевски“ | Развивање говорни, литературни и презентациски способности |
| **Организирање дебати на тема по избор на** | Јануари | Согласно интересот | Активи по македонски и албански јазик | По потреба | Развивање критичко мислење, аргументирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **учениците** | | | | | изразување и комуникациски вештини |
| **Разговор со младиот човек – средношколец** | Февруари | Согласно интересот | Активи по македонски и албански јазик | По потреба | Развивање свест за општествените, економските и културните влијанија врз развојот на личноста |
| **Ден на екологијата – литературен конкурс, изложба и едукативно предавање** | Март | Согласно интересот | Одговорни наставници, еколошка секција | По потреба | Развивање еколошка свест преку литературно, ликовно и едукативно творештво |
| **Одбележување на Светскиот ден на книгата и авторското право** | Април | Согласно интересот | Активи по македонски и албански јазик | Библиотека | Поттикнување интерес за книгата, читањето и авторското творештво |
| **Ораторска вечер** | Согласно поканите | Согласно интересот и бројот на пријавени ученици | Одговорни наставници | Организатори на манифестацијата | Подготовка и презентација на говори; развивање ораторски и комуникациски вештини |
| **Подготовки за одбележување на Денот на словенските просветители – Св. Кирил и Методиј** | Мај | Ученици од повеќе паралелки | Наставници по македонски јазик и литература | По потреба | Запознавање со делото на просветителите преку литературни, музички и сценски содржини |
| **Музички настапи** | Во текот на учебната година | Согласно интересот | Наставници по музичка култура | По потреба | Подготовка и изведба на музички точки на училишни и други настани |
| **Ликовни изложби и ученички творби** | Во текот на учебната година | Согласно интересот | Одговорни наставници | По потреба | Презентирање на ученичкото ликовно творештво и поттикнување креативност |
| **Ученички литературни и ликовни конкурси** | Во текот на учебната година | Согласно интересот | Одговорни наставници | Институции и организации | Поттикнување творештво и учество на учениците на конкурси |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ден на Европа** | 9 мај | Согласно интересот | Наставници по историја и граѓанско образование | Општина Куманово | Презентации и ученички активности за промоција на европските вредности |
| **Отворен ден на училиштето** | Мај | Ученици од повеќе паралелки | Сите/одговорни наставници | Основни училишта и други партнери | Презентации, изложби и претставување на ученичките активности и можности на училиштето |
| **Кумановски маскенбал „Батко Ѓорѓија“** | Мај | Согласно интересот | Актив по музичка и ликовна култура | Општина Куманово | Подготовка и учество на ученици во културна манифестација |
| **Хорски смотри** | Согласно календарот/поканите | Ученици членови на хор | Наставник по музичка култура | Организатори на смотрата | Развивање музички способности, хорско пеење и тимска работа |
| **Посета на Мајски оперски вечери** | Мај | Согласно интересот | Наставници | Организатори/културни институции | Запознавање со музичко-сценската уметност и развивање интерес за културата |
| **Матурски танц** | Мај | Матуранти | Одговорни наставници | Општина Куманово | Организиран настап на матурантите и поттикнување заедништво |
| **Матурска вечер** | Мај/јуни | Матуранти | Одговорни наставници | По потреба | Свечено одбележување на завршувањето на средното образование и вреднување на постигнувањата |
| **Други културни, уметнички и ученички настани** | Во текот на учебната година | Согласно активноста | Одговорни наставници | По потреба | Учество на учениците во настани согласно нивните интереси, способности и можностите за реализација |

Активностите ќе се реализираат континуирано во текот на учебната година, согласно календарот на училиштето, значајните датуми, интересот на учениците и можностите за учество на надворешни настани.

**Следење и евалуација:** Реализацијата ќе ја следат одговорните наставници и стручната служба преку евиденција за реализираните активности и бројот на вклучени ученици. Успешноста ќе се согледува преку активното учество, развојот на креативните и социјалните вештини, мотивацијата и интересот на учениците.

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

**Заедница на паралелка**

Училишната заедница ја сочинуваат учениците од училиштето, организирани преку заедниците на паралелките. Заедницата на паралелката ја сочинуваат учениците од иста паралелка, кои избираат претседателство составено од претседател, заменик-претседател и секретар. Мандатот на претседателството е една учебна година, со право на уште еден последователен мандат.

На почетокот на учебната година класниот раководител ги информира учениците за постапката за избор на претседател, заменик-претседател и други постојани и повремени тела на заедницата. Учениците предлагаат и избираат кандидати преку непосредни избори. За изборите и избраните претставници се води соодветна евиденција во документацијата на заедницата и училиштето.

Секоја заедница на паралелката, согласно интересите и потребите на учениците, формира постојани и повремени тела. Учениците доброволно се определуваат за учество во нивната работа, а претседателот и заменик-претседателот водат евиденција за членовите.

Училишната заедница претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето и овозможува активно учество на учениците во предлагањето, планирањето и реализацијата на активности и во разгледувањето на прашања од значење за учениците. Во рамките на своите надлежности, учениците соработуваат со наставниците, стручната служба, родителите и органите на училиштето.

Главен акцент во работата ќе биде ставен на:

- учество на учениците во предлагање мерки за подобрување на воспитно-образовниот процес;
- идентификување на јаките страни и потребите на училиштето;
- иницирање и учество во хуманитарни, еколошки, спортски и други активности;
- предлагање и учество во планирање на ученички активности и училишни екскурзии;
- учество во организација на училишни манифестации и други настани;
- создавање пријатна, безбедна и стимулативна училишна средина;
- учество во активности за подобрување на ученичкиот стандард;
- соработка со другите заедници на паралелките и со Ученичкиот совет.

Постојаните тела на заедницата на паралелката учествуваат во планирањето и организирањето на прослави и манифестации, екскурзии, хуманитарни и еколошки активности, спортски активности и други настани. Повремените тела се формираат според потребите за решавање на тековни

прашања и проблеми од интерес на учениците.При формирањето на телата ќе се води сметка за вклучување на учениците според нивните интереси и желби и, каде што е можно, за соодветна застапеност на учениците.

Претседателот на заедницата на паралелката:

- ги претставува учениците од паралелката во Ученичкиот совет и пред другите органи на училиштето;
- ги информира учениците за прашањата и одлуките разгледувани во Ученичкиот совет;
- организира расправи за прашања и проблеми од интерес на учениците;
- се грижи за мирно решавање на споровите во паралелката;
- соработува со претседателите на другите заедници на паралелките;
- соработува со постојаните и повремените тела на заедницата;
- учествува во работата на Ученичкиот совет.

По изборот на претседателството и постојаните тела, заедницата на паралелката изготвува план за работа за учебната година. Планот ги содржи предложените активности и начинот на вклучување на учениците.

Заедниците на паралелките одржуваат состаноци најмалку еднаш месечно, а по потреба и почесто. На состаноците се разгледуваат тековните потреби и прашања на учениците, се следи реализацијата на планираните активности и се предлагаат нови активности согласно интересите и потребите на учениците.

Претседателите на заедниците на паралелките учествуваат во работата на Ученичкиот совет и обезбедуваат пренесување на информациите и предлозите меѓу учениците од паралелката и Ученичкиот совет.

**Ученички совет**

Ученичкиот совет е форма на ученичко организирање преку која учениците активно учествуваат во животот и работата на училиштето, ги застапуваат своите права и интереси и даваат предлози за унапредување на воспитно-образовниот процес.

Ученичкиот совет е составен од претседател, потпретседател, генерален секретар и претседателите на заедниците на паралелките. Мандатот на членовите е една учебна година, со право на уште еден последователен мандат.

Ученичкиот совет работи преку редовни и вонредни седници. Редовните седници се одржуваат најмалку еднаш месечно, освен во периодите на ученички распуст. Конститутивната седница се одржува во текот на месец септември, согласно Годишната програма за работа на училиштето.

Со ученичкиот совет раководи претседател, а во случај на негова спреченост потпретседател. Во училиштето во кое наставата се реализира на

повеќе наставни јазици, при изборот на претседател и потпретседател се води сметка тие да бидат ученици од различни заедници.

Ученичкиот совет избира и разрешува свои претставници во Училишниот одбор и преку свои претставници учествува во работата на органите и консултативните тела на училиштето, согласно законските одредби.

Ученичкиот совет најдоцна до 20 јуни доставува програма за работа за наредната учебна година, која е составен дел на Годишната програма за работа на средното училиште. Во програмата се утврдуваат активностите, носителите и начинот на реализација.

Во текот на учебната година Ученичкиот совет ќе:

- ги застапува и промовира правата и интересите на учениците;
- го поттикнува и промовира ученичкиот активизам;
- учествува во подготовката и предлагањето активности за Годишната програма за работа на училиштето;
- дава предлози за воннаставни активности;
- предлага активности поврзани со ученички екскурзии и други ученички активности;
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард;
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето;
- учествува во активности за врсничка поддршка на учениците;
- организира и учествува во хуманитарни, еколошки и општествено-корисни активности;
- организира и учествува во културни, спортски, образовни и други активности од интерес на учениците;
- поднесува иницијативи и предлози до органите на училиштето за подобрување на пристапот и квалитетот на образованието;
- соработува со институции, организации и други субјекти кои работат со млади;
- промовира демократско учество, толеранција, меѓусебно почитување и соработка меѓу учениците;
- преку активности во кои учествуваат ученици кои следат настава на различни наставни јазици придонесува за унапредување на меѓуетничката интеграција;
- обезбедува информирање на учениците за својата работа и донесените одлуки.

Во работата на Ученичкиот совет, без право на глас, учествуваат двајца претставници од редот на наставниците и еден претставник од редот на стручните соработници, избрани согласно утврдената постапка. Нивниот мандат е една учебна година.

Претставниците на паралелките избираат координатор на учебна година со мандат од една година, со право на уште еден последователен избор. Координаторот ја координира комуникацијата меѓу претставниците на паралелките и придонесува за реализација на активностите на Ученичкиот совет.

Во рамките на Ученичкиот совет се формираат Координативно тело на Ученичкиот совет и Комисија за доверба и соработка. Координативното тело ја подготвува предлог-програмата за работа и материјалите за седниците на Ученичкиот совет.

Работата на Ученичкиот совет се реализира транспарентно. На огласната табла и на интернет-страницата на училиштето се објавуваат информации за ученичкото организирање, одржувањето на седниците, избраните претставници, донесените одлуки и други информации согласно законските и училишните акти.

Во текот на учебната година Ученичкиот совет, согласно интересите и потребите на учениците и својата програма за работа, ќе реализира активности од областа на:

- ученички активизам и учество;
- образование и професионален развој;
- културни и уметнички активности;
- спорт и рекреација;
- хуманитарни и еколошки активности;
- дебати, дискусии и врсничка едукација;
- посети и активности со институции и организации;
- активности за подобрување на ученичкиот стандард;
- активности за унапредување на демократската и инклузивната училишна клима.

За реализација на активностите Ученичкиот совет ќе соработува со директорот, стручната служба, наставниците, Советот на родители, заедниците на паралелките и други институции и организации.

Потребните средства и материјали за реализација на активностите ќе се обезбедуваат согласно можностите на училиштето, преку расположливите ресурси, поддршка од училиштето, проекти, партнерски организации, локалната заедница и други дозволени извори.

**11.3 Ученички правобранител**

Согласно законските одредби, во училиштето е избран ученички правобранител кој се грижи за заштита и унапредување на правата и интересите на учениците и ги застапува нивните права пред стручните органи и консултативните тела на училиштето.

Ученичкиот правобранител е избран со мандат од две години и продолжува да ја извршува функцијата и во учебната 2026/2027 година. Во текот на учебната година ученичкиот правобранител ќе соработува со стручната служба, ученичкиот совет, наставниците и учениците, со цел навремено препознавање и постапување по прашања поврзани со правата и интересите на учениците.

**Одговорно лице за поддршка на ученичкиот правобранител:** социолог.

**Основни задачи и активности**

Ученичкиот правобранител во текот на учебната година ќе:

- ги информира учениците за нивните права и механизмите за нивна заштита;
- учествува во активности за промовирање на детските и ученичките права;
- поттикнува учениците да ги препознаваат и пријавуваат евентуалните повреди на нивните права;
- прима и евидентира поплаки, приговори и други обраќања од учениците и, согласно нивната природа, ги доставува до стручната служба или до надлежните органи на училиштето;
- соработува со стручната служба при разгледување на прашањата и проблемите покренати од учениците;
- учествува во работилници, предавања, дебати и други активности поврзани со човековите права, детските права, недискриминацијата, толеранцијата и заштитата од насилство;
- врз основа на согледаните потреби и анонимни ученички анкети предлага теми за работилници, предавања и други активности;
- учествува во ученичкиот совет и во други активности во кои се разгледуваат прашања од интерес за учениците;
- подготвува полугодишен и годишен извештај за својата работа, согласно законските обврски.

Во училиштето постои **кутија за пофалби и поплаки**, преку која учениците можат да доставаат свои мислења, предлози, пофалби или поплаки. Кутијата се отвора од страна на одговорно лице, а содржината се разгледува и, доколку е потребно, се преземаат соодветни активности во соработка со стручната служба и другите надлежни лица во училиштето. До моментот на изготвување на Годишната програма нема евидентирани формални поплаки до ученичкиот правобранител.

Во текот на претходниот период учениците покажаа интерес за запознавање со своите права и учествуваа во работилници и други активности на теми поврзани со ученичките права. Овие активности ќе продолжат и во текот на учебната година, согласно потребите на учениците.

**Начин на информирање на учениците**

Учениците ќе се информираат за работата и можностите за обраќање до ученичкиот правобранител преку:

- огласната табла во училиштето;
- интернет-страницата и социјалните мрежи на училиштето;
- известувања и соопштенија;
- информирање преку класните раководители;
- ученичкиот совет;
- непосредно информирање и разговор со учениците.

Учениците ќе бидат информирани и за можноста своите прашања, предлози и поплаки да ги достават преку кутијата за пофалби и поплаки или непосредно до ученичкиот правобранител.

**Постапување по поплаки**

Поплаките и обраќањата на учениците можат да бидат доставени писмено, преку кутијата за пофалби и поплаки, или непосредно до ученичкиот правобранител. По приемот, ученичкиот правобранител го разгледува прашањето и, во зависност од природата на обраќањето, остварува соработка со стручната служба и го насочува случајот кон надлежниот орган или лице за понатамошно постапување.

При постапувањето се почитуваат доверливоста, приватноста и интересот на ученикот, како и важечките законски и подзаконски одредби.

**Соработка**

Ученичкиот правобранител редовно ќе соработува со стручната служба, особено со социологот, како одговорно лице за поддршка, како и со ученичкиот совет, класните раководители, наставниците и другите релевантни лица во училиштето.

Во текот на учебната година, согласно потребите, ќе се реализираат анонимни анкети меѓу учениците, чии резултати ќе се користат за идентификување на теми и прашања од интерес за учениците и за планирање на соодветни работилници, предавања и други активности.

**Очекувани резултати**

- учениците да бидат подобро информирани за своите права и одговорности;
- зголемено учество на учениците во активности поврзани со заштита и унапредување на нивните права;
- создавање механизми преку кои учениците можат безбедно да ги изразат своите мислења, предлози и евентуални поплаки;
- навремено препознавање на прашања поврзани со правата на учениците;
- унапредување на соработката меѓу ученичкиот правобранител, учениците и стручната служба;
- поттикнување култура на почитување, толеранција, недискриминација и меѓусебно разбирање.

**Потребни средства:** информативни материјали, материјали за работилници и предавања, анкети и други материјали согласно планираните активности.

**Начин на обезбедување:** средствата ќе се обезбедуваат од расположливите средства на училиштето, а доколку е можно и преку поддршка од партнерски организации и проекти

# 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

## *11.1. Ученички екскурзии и излети*

Училиштето во текот на учебната 2026/2027 година ќе организира ученички екскурзии, излети и едукативни и стручно-истражувачки посети согласно наставните програми, интересите и возраста на учениците, интересот на родителите и важечката регулатива.

Планираните активности ќе имаат воспитно-образовна, културна, спортско-рекреативна и стручно-истражувачка цел и ќе се реализираат согласно условите и можностите на училиштето.

**Планирани видови активности:**

- спортско-рекреативни еднодневни излети;
- едукативни посети на музеи, театри, саеми, научни и културни институции;
- стручно-истражувачки посети поврзани со образовните профили и наставните програми;
- посети на здравствени установи, компании, стопански субјекти, факултети и други институции;
- посети на саеми, изложби, научни и технички центри;
- завршна екскурзија за учениците од завршните години.

**Начин на организирање**

1. **Предлагање на активностите**
   Наставничките активи предлагаат екскурзии, излети и посети согласно наставните програми, потребите и интересите на учениците.
2. **Изработка на програма**
   За секоја активност што ќе биде предложена за реализација се изготвува посебна програма со определени цели, задачи, дестинација, времетраење, опфат на ученици, одговорни лица и начин на реализација.
3. **Формирање тим**
   Училишниот одбор, согласно утврдената постапка, формира тим за подготовка на програмата. Во тимот учествуваат директорот, раководителот на екскурзијата, класните раководители, стручните соработници и наставници од паралелките опфатени со активноста.
4. **Определување на одговорно лице**
   Директорот определува раководител на екскурзијата, излетот или посетата од редот на наставниците кои реализираат настава во опфатените паралелки.
5. **Согласности и информирање**
   Програмата се разгледува и се обезбедуваат потребните мислења и согласности согласно важечката регулатива. Родителите/старателите се навремено информираат и се обезбедуваат потребните согласности.
6. **Организација и безбедност**
   Пред реализацијата се утврдуваат начинот на превоз, сместувањето доколку е

применливо, бројот и задолженијата на наставниците, финансиската конструкција, мерките за безбедност и правилата за однесување на учениците. Се обезбедува и потребната документација согласно важечките прописи.

7. **Избор на понудувач и финансирање**
   Кога за активноста е предвидено финансиско учество на родителите, изборот на понудувачот, склучувањето договор и реализацијата се спроведуваат согласно важечките прописи и интерните процедури на училиштето.
8. **Реализација и известување**
   По реализацијата се изготвува извештај за активноста, кој се разгледува од надлежните органи и тела на училиштето и се чува во училишната документација.

| Ред. бр. | Тим за изработка на програмата | Вид | Предложена дестинација/ место | Година/паралелка | Планиран термин | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Раководен тим | Спортско-рекреативен излет | Спомен Костурница-Куманово | Сите ученици кои следат настава на македонски јазик | Октомври/мај | Помошник директор Класни раководители |
| 2. | Раководен тим | Спортско-рекреативен излет | Алашевце | Сите ученици кои следат настава на албански јазик | Октомври | Помошник директор Класни раководители |
| 3. | Раководен тим | Спортско-рекреативен излет | Пелинце/Липково (доколку се самофинансира од учениците) | Сите ученици | Октомври/Мај | Помошник директор Класни раководители |
| | Раководен тим (доколку се обезбедат финансиски средства) | Забавно-рекреативен | Според финансиските можности на училиштето | Паралелки со најдобар успех и редовност | мај | Помошник директор Класни раководители |
| 4. | Природно-математички актив | Едукативна посета | Посета на музеј „Никола Тесла“ – Белград | Втора, трета, четврта | октомври | Одредено од директор |
| | Природно-математички актив | Едукативна посета | Природнонаучен музеј -Скопје | Прва | ноември | Одредено од директор |
| | Природно-математички актив | Едукативна посета | Планетариум МКЦ Скопје | Прва | Мај | Одредено од директор |
| | Природно-математички актив Електротехнички актив | Едукативна посета | Посета на Изложбен едукативен центар „Матка“ и Хидроцентралата „Матка“ – Скопје | Втора | Мај | Одредено од директор |
| | Актив по | Едукативна | **Историски и културно-образовни** | Прва, втора | Октомври/мај | Одредено од |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | историја и граѓанско образование | посета | **посети** – Музеј на Македонија, Археолошки музеј, Музеј на македонската борба за самостојност, Меморијален центар на холокаустот, Музеј на град Скопје, Скупи, Скопска тврдина Кале и други историски локалитети согласно наставните програми и можностите за реализација. | | | директор |
| 5. | Актив по македонски јазик | Едукативна посета | Посета на Спомен-куќа „Кочо Рацин“ – Велес | Прва | Октомври или мај | Одредено од директор |
| 6. | Актив по македонски јазик | Едукативна посета | Посета на саем на книга – Скопје/Белград | Втора, трета и четврта | Октомври/април | Одредено од директор |
| 7. | Електротехничк и и машински актив | Стручно-истражувачка | Посета на Енерго-технома – Скопје | Заинтересирани ученици | 29-31октомври | Одредено од директор |
| 8. | Стручни активи Природно-математички актив | Едукативна, научно-истражувачка | Посета на фестивалот„Наук није баук“ Ниш | Заинтересирани ученици | Согласно календарот на одржување на фестивалкако | Одредено од директор |
| 13. | Машински актив | Стручно-истражувачка | Посети на стопански субјекти – ФЗЦ, Филтер станица и други | Прва, втора | Март, април | Одредено од директор |
| 14. | Машински актив | Стручно-образовна | Отворени денови на машински факултети – Скопје и Штип | четврта | мај | Одредено од директор |
| | Електротехничк и актив | Стручно-образовна | Посета на  една хидроцентрала или термоцентрала ( по можност термоцентралата РЕК Битола и  некоја од помалите хидроцентрали.) | Заинтересирани ученици | март | Одредено од директор |
| | Здравствен актив | Стручно-образовна | Посета на установи од секундарно ниво на здравствена заштита Специјална установа за психијатриски заболување-Демир Хисар, Специјална болница за кардиоваскуларни болести Жан Митрев, Систина, Ремедика или други | Заинтересирани ученици | Ноември/април | Одредено од директор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. | Стручни активи | Стручно-образовна | Посета на компании согласно програмите на активите | Според наставна програма | По програма | Одредено од директор |
| 16. | Одредена комисија од Училишен одбор по предлог на директор | Научно истражувачка | Завршна екскурзија | 1.Будимпешта -Братислава-Виена-Љубљана -Загреб<br>2. Будимпешта -Братислава-Виена-Венеција<br>3. Драч-Круја-Берат-Тирана-Скадар<br>4. Соодветна дестинација според интерес на ученици и родители а | мај | Одредено од директор |

# 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

## *12.1. Учество на општински, регионални, државни, олимпијади и меѓународни натпревари*

Училиштето ќе продолжи да поттикнува и поддржува активно учество на учениците и наставниците-ментори на училишни, општински, регионални, државни, олимписки и меѓународни натпревари, согласно можностите и календарите на организаторите.

Целта на учеството на учениците на натпревари е:

- вреднување на стекнатите знаења, умеења и вештини;
- откривање и развивање на талентирани ученици во различни области;
- мотивирање на учениците за дополнително усовршување и учење;
- развивање на натпреварувачки дух, тимска работа и одговорност;
- професионален и кариерен развој на учениците;
- професионален развој на наставниците-ментори;
- промовирање на постигнувањата на учениците и училиштето.

Наставниците ги мотивираат и поттикнуваат учениците за учество на натпревари, ги подготвуваат и следат нивните постигнувања. Подготовката на учениците се реализира во рамките на редовната, дополнителната и додатната настава, како и преку други активности согласно интересот и потребите на учениците.

Училиштето, во зависност од условите и можностите, ќе овозможи организирање и учество на училишни, општински, регионални и државни натпревари, како и на меѓународни натпревари доколку постојат услови и интерес за учество. Доколку е потребно, дополнителните трошоци може да се обезбедат со поддршка од родителите/старателите, согласно нивните можности и со претходно информирање.

Училишните натпревари ќе се организираат, кога тоа е потребно, како начин на подготовка и селекција на учениците за понатамошно учество на повисоки нивоа. Изборот на учениците се врши од страна на предметните наставници и наставниците-ментори, согласно постигнувањата, покажаниот интерес и условите утврдени од организаторот на натпреварот.

Во програмите за работа на стручните активи се планира учеството на учениците на натпревари од соодветните наставни предмети и области, а периодот на реализација се усогласува со календарите и поканите на организаторите.

Во училиштето ќе се организираат училишни натпревари и спортски натпревари во различни дисциплини, особено во ракомет, фудбал и кошарка, преку кои ќе се врши селекција на ученици за понатамошно учество на општински, зонски и регионални натпревари.

Учениците ќе се вклучуваат и во активности и натпревари организирани од локалната самоуправа и други организации, како што се атлетски турнири, велосипедски трки, улични трки и други спортски и ученички активности. Доколку постојат услови и интерес, ќе продолжи соработката со релевантни организации и клубови, како што се планинарски и шаховски клубови.

Училиштето ќе го поддржува учеството на учениците на натпревари организирани од акредитирани здруженија, согласно расположливите финансиски средства и утврдените правила. За потребите на учеството може да се обезбедат средства за котизација, превоз, материјали и други оправдани трошоци, согласно можностите на училиштето.

Одговорни за подготовката и учеството на учениците се предметните наставници и наставниците-ментори, а стручната служба и раководството на училиштето обезбедуваат координација и поддршка во рамките на своите надлежности.

Периодот на реализација на натпреварите се определува согласно календарите, поканите и правилата на организаторите, а подготовките на учениците започнуваат во текот на учебната година, со зголемен интензитет пред одржувањето на натпреварите.

За постигнатите резултати на учениците ќе се води евиденција и тие ќе се земаат предвид при промовирање и вреднување на ученичките постигнувања, согласно актите и процедурите на училиштето

| Вид на натпревар | Организатор | Ниво | Предмет / област |
|---|---|---|---|
| **Натпревар по математика** | Сојуз на математичари на Македонија | Општинско / регионално / државно | Математика |
| **Натпревар по македонски јазик и литература** | Сојуз за македонски јазик и литература | Општинско / регионално / државно | Македонски јазик и литература |
| **Натпревар по англиски јазик** | Асоцијација на наставници по англиски јазик и книжевност ЕЛТАМ | Согласно организаторот | Англиски јазик |
| **Натпревари по класични јазици** | Здружение „Антика“ и Институт за класични студии при Филозофски факултет – Скопје | Општинско / регионално / државно | Латински јазик |
| **Натпревар за стручни предмети** | Здружение на наставници и раководни кадриод електротехничка, машинска и сообраќајна струка | Училишно/Регионално / државно | Машинство, електротехника и ИКТ |
| **Натпревар по информатика и програмирање** | Здружение на информатичари | Регионално / државно | Информатика и програмирање |
| **Натпревари по природни науки** | Македонско биолошко друштво<br>Друштво на физичари<br>Сојуз на хемичарите и технолозите | Општинско / регионално / државно | Биологија, физика, хемија |
| **Натпревари на млади истражувачи** | Народна техника | Државно | Стручни предмети и природни науки |
| **RoboMac Junior** | ФЕИТ и Македонската секција на IEEE, | Државно | Роботика, електроника, вештачка интелигенција и програмирање |
| **МАКИНОВА – изложба/натпревар на иновации и технички унапредувања** | Народна техника на Македонија, СПАТУМ и МОН | Државно/меѓународно | Стручни активи |
| **ЕКОНОВА – изложба/натпревар на еколошки иновации и проекти** | Народна техника на Македонија, СПАТУМ и МОН | Државно/меѓународно | Стручни активи |
| **Национален натпревар Microsoft Office Specialist** | Semos Education и Certiadria | Национално / меѓународно | Информатика/програмирање |
| **Натпревар за сообраќајно-техничка култура** | Сектор за превенција | Регионално | Безбедност во сообраќај |
| **Спортски натпревари** | Општински/спортски организации | Општинско / зонско / регионално | Фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пливање, атлетика, шах, пинг-понги др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Натпревари по прва помош** | Црвен крст | Општинско / регионално | Здравствен актив |
| **Microsoft Office Specialist** | Сертифициран организатор | Национално / меѓународно | Дигитални вештини |
| **Литературни и ликовни конкурси** | Библиотека: “Тане Георгиевски“ Куманово<br>Друштво на писатели<br>Сектор за превенција | Согласно условите | Македонски/ албански јазик<br>Ликовна уметноист<br>Музичка култура |
| **Натпревари организирани од локална самоуправа** | Општина Куманово | Општинско | Според потребите |

Периодот на реализација, начинот на избор и бројот на ученици учесници ќе се определуваат согласно календарите и правилата на организаторите, објавените програми и поканите за натпреварите, како и според интересот и постигнувањата на учениците. Учениците ќе се избираат согласно нивниот интерес, способности и можности за учество.Одговорните наставници ќе се определуваат согласно видот и областа на натпреварот.

## *13.* УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУРТУРАЛИЗМОТ/ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Нашето училиште е со мешан етнички состав и унапредувањето на интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција е од круцијално значење за создавање позитивна училишна клима, меѓусебно почитување и прифаќање на различностите. Особено позитивно искуство за училиштето претставува учеството во заеднички проекти и активности со ученици од различни етнички заедници и училишта.

Во училиштето, покрај учениците од македонската национална припадност, учат и ученици од турска, ромска, македонско-муслиманска и српска националност. Учениците кои учат на различен наставен јазик се во различни, просторно оддалечени училишни згради. Овие специфики се особено значајни при планирањето на активностите за меѓуетничка интеграција, поради што училиштето ќе продолжи да реализира заеднички активности во кои ќе бидат вклучени ученици, наставници и, каде што е соодветно, родители.

Преку заедничките активности учениците ќе имаат можност подобро да се запознаат со сопствената култура, традиција и обичаи, како и со културата, традициите и обичаите на другите етнички заедници присутни во училиштето. Активностите ќе придонесуваат за подобрување на меѓуетничката комуникација, надминување на етничките, културолошките и јазичните препреки, како и намалување на стереотипите и предрасудите.

**Тим за училишна интеграција**

За планирање, координирање и следење на активностите во училиштето е формиран Тим за училишна интеграција, во координација со психологот
**Членови на тимот:**

- Директор: Драган Јаневски
- Координатор : Јасминка Ѓоргиевска
- Лидија Цветкова
- Наим Мисини
- Халим Мисини
- Валдете Арифи
- Стручни соработници и наставници по потреба

Тимот ги планира и координира активностите за унапредување на интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција, ја следи нивната реализација и води соодветна евиденција. Во реализацијата на активностите ќе се вклучуваат наставници и ученици од различни етнички заедници, а по

потреба и родители и претставници од локалната заедница и невладиниот сектор.

**Соработка со други училишта и организации**

Училиштето продолжува со соработката со партнер-училиштето ООУ/СОУ „Коле Неделковски“ од Велес и учествува во активностите поврзани со проектот „Мултиетничка интеграција во образованието“, инициран од Македонскиот центар за граѓанско образование, УСАИД и Министерството за образование и наука.

За реализација на заедничките активности со партнерското училиште, согласно видот и целите на активностите, ќе се определуваат одговорни наставници и ученици. Активностите ќе се реализираат согласно годишната програма на Тимот за училишна интеграција и договорите со партнерските институции.

**Цели на активностите**

Целта на работата на Тимот за училишна интеграција и реализацијата на планираните активности е:

- запознавање на учениците со културата, традициите и обичаите на етничката заедница на која припаѓаат, како и на другите етнички заедници кои се присутни во училиштето;
- истакнување и промовирање на мултиетничкиот карактер на училиштето;
- промовирање на толеранцијата и меѓусебното почитување како начин за надминување и разрешување на недоразбирањата;
- подобрување на свеста за меѓусебно разбирање меѓу младите и придонес кон спречување на насилството;
- создавање можности за дружење и заедничко учество на припадници на различни етнички заедници преку спорт, игри, музика, обичаи, традиција и творештво;
- намалување и надминување на стереотипите и предрасудите на етничка и културолошка основа;
- поттикнување на соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и локалната заедница.

**Планирани активности**

Во текот на учебната година ќе се реализираат активности предвидени со Програмата за работа на Тимот за училишна интеграција, како што се:

- заеднички активности и работилници со ученици од различни етнички заедници;
- активности за запознавање со културите, традициите и обичаите;
- активности за препознавање и надминување на стереотипите и предрасудите;
- спортски, културни, уметнички и други заеднички активности;

- активности за поттикнување на толеранција, меѓусебно почитување и ненасилна комуникација;
- соработка и заеднички активности со партнерското училиште;
- вклучување на родители и претставници од локалната заедница и невладиниот сектор, согласно можностите и потребите;
- презентација на резултатите и реализираните активности во училиштето и пред партнерите.

Учениците кои ќе учествуваат во активностите ќе се определуваат согласно видот на активноста, нивниот интерес и можноста за активно учество. Особено ќе се настојува во активностите да бидат вклучени ученици од различни етнички заедници.

Активности ќе се реализираат по план, како продолжување од минатата година: на 17.09.2026 во Велес и 16.10.2026 Куманово

**Потребни средства и нивно обезбедување**

За реализација на планираните активности ќе се користат расположливите ресурси од проектот добиен од МОН по потреба и од на училиштето, а по потреба средства и материјали ќе се обезбедуваат преку партнерските институции и организации, локалната заедница, проекти и други дозволени извори на финансирање.

**Очекувани резултати**

Од реализацијата на планираните активности се очекува:

- промовирање и унапредување на вредностите на толеранцијата, меѓусебното почитување и меѓуетничката интеграција;
- побудување интерес и вклучување на поголем број ученици и родители во активностите;
- вклучување на поголем број наставници во краткорочни и долгорочни заеднички воннаставни и наставни активности;
- подобрување на комуникацијата и соработката меѓу учениците од различни етнички заедници;
- намалување на стереотипите и предрасудите;
- создавање позитивна и инклузивна училишна клима;
- презентација и промоција на мултикултурниот карактер на училиштето со учество на претставници од локалната заедница и невладиниот сектор.

Реализацијата на активностите ќе се следи од страна на Тимот за училишна интеграција преку евиденција за реализираните активности, бројот и структурата на учесниците и кратки извештаи/записници, а резултатите ќе се користат за планирање на идните активности.

## 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето ќе продолжи со реализација на активните проекти и програми во кои е вклучено, согласно утврдените активности, временската рамка и обврските на училиштето. Во текот на учебната година ќе се следат можностите за вклучување во нови проекти и програми, согласно објавените повици, можностите за соработка и потребите на училиштето и учениците.

Реализацијата на проектите зависи од одобрувањето на проектните апликации, обезбедувањето финансиски средства, склучувањето договори или меморандуми за соработка, како и од условите и активностите утврдени од носителите и партнерите. За проектите кои ќе бидат одобрени или договорени во текот на учебната година, активностите ќе се планираат и реализираат согласно утврдената проектна документација.

Доколку од објективни причини или поради околности кои не зависат од училиштето не дојде до реализација на одреден проект или активност, тоа ќе биде соодветно евидентирано и образложено во извештаите за реализација на Годишната програма.

## *14.1. Национални проекти*

## *14.2. Еразмус +и други меѓународни проекти*

| Проект/програма | Време на реализација | Носител/партнери | Цел |
|---|---|---|---|
| **Програма за условен паричен надомест за средно образование** | Континуирано | Надлежна институција | Подобрување на редовноста и поддршка на учениците од социјално ранливи категории |
| **Образование за животни вештини** | Континуирано | МОН/БРО | Развивање знаења и вештини за здрави и одговорни животни избори |
| **Советување на родители и ученици** | Континуирано | МОН | Подобрување на успехот и редовноста и превенција на несакани однесувања |
| **Бесплатни учебници** | Согласно обезбедувањето учебници | МОН | Обезбедување достапност на учебници и поддршка на учениците |
| **Јавна програма за образование на возрасни – Електротехничка струка, профил КТА** | Согласно програмата | Центар за образование на возрасни | Стекнување/надградување квалификации и образование на возрасни |
| **Преквалификација на вонредни ученици** | Согласно потребите и програмата | Училиштето и надлежни институции | Стекнување нова квалификација |
| **Активација на ранливи групи на пазарот на трудот** | Согласно проектните активности | Агенција за вработување | Доквалификација и подобрување на можностите за вработување |
| **Меѓуетничка интеграција на младите во образованието** | Продолжува и во учебната 2026/2027 година | Училиштето, согласно активностите и партнерствата | Унапредување на комуникацијата, соработката и соживотот меѓу учениците од различни етнички заедници преку заеднички активности |
| **„Безбедни училишта“** | Континуирано, согласно годишната програма на Секторот за превенција | Општина Куманово – Сектор за превенција и училиштето | Превентивни активности за создавање безбедна училишна средина, подигање на свеста кај учениците и спречување на ризични однесувања |

Училиштето ќе продолжи да ја развива меѓународната соработка преку следење на можностите за учество во програмата **Еразмус+** и други меѓународни програми. Ќе се поддржува подготовката и поднесувањето на проектни апликации за мобилности на ученици и наставници, размена на искуства и добри практики, унапредување на професионалните компетенции и поврзување со образовни институции и организации од други земји.
Конкретните проекти, партнерства, активности, одговорни лица, временската рамка и изворите на финансирање ќе се наведат по одобрување на проектите и склучување на соодветни договори или меморандуми за соработка

## *14.3.* Проекти од општествена одговорност и одржлив развој

| Проект/активност | Време | Носители/партнери | Цел |
|---|---|---|---|
| Промоција на безбедна училишна средина | Согласно продолжувањето/договорот | Училиштето и партнерските организации | Создавање безбедна и позитивна училишна средина и превенција од насилство |
| Годишна програма по мировно образование | Септември – мај | Стручна служба, класни раководители, наставници, ученици | Развивање ненасилна комуникација, медијација, толеранција и почитување на различностите |
| Активности за еколошка едукација | Во текот на учебната година | Училиштето, наставници и ученици | Подигање на еколошката свест и грижа за животната средина |
| Хуманитарни активности | Во текот на учебната година | Училиштето, ученици и партнери | Поддршка на ученици и лица од социјално ранливи категории |
| Соработка со локалната заедница и НВО | Согласно договори/меморандуми | Училиштето и партнерски организации | Поддршка на активности од интерес за учениците и заедницата |

# 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## *15.1.Следење и анализа на ученичкиот успех*

Наставникот континуирано ќе ги следи постигнувањата на учениците и ќе забележува најмалку двапати во едно полугодие постигнати резултати. Следењето и вреднувањето се реализира преку различни форми и методи на проверка на знаењата, согласно утврдените стандарди и критериуми за оценување.

За постигањето на учениците ќе има редовно известување на Советот на паралелката на крајот на секое тримесечие, полугодие и на крајот на учебната година.

Стручната служба редовно ќе ги следи постигнувањата на учениците (успех, редовност и поведение) и ќе прави анализа по секој одржан Совет на паралелките и ќе врши споредба на постигањата за последните три години. Анализите на успехот, редовноста и поведението по пол, наставни предмети, години и паралелки ќе бидат презентирани на Наставничкиот совет и Советот на родители.

Врз основа на анализите ќе се идентификуваат силните страни, областите со послаби постигања и трендовите во постигнувањата на учениците, со цел навремено планирање на соодветни мерки и активности за подобрување и унапредување на постигањата.

Општиот успех ќе се утврдува од Советот на паралелката и Наставничкиот совет на крајот на учебната година.

За да се подобрат постигањата на учениците, редовно ќе се планира, реализира и следи реализацијата на дополнителната и додатната настава и ќе се организираат други видови помош и поддршка на учениците.

Дефектологот во соработка со предметните наставници и класните раководители ќе работи на идентификување на учениците со потешкотии и ќе работи на подобрување на нивните постигнувања.

Стручната служба во соработка со класните раководители ќе направи ревизија на Програмата за пофалби и награди на ученици и критериумите за избор на ученик на генерација, начинот на доделување на пофалници и благодарници на ученици кои постигнале солидни резултати во одредени сфери и ќе изработи ориентационен план за следење и евидентирање на постигнувањата.

Директорот редовно ќе известува за достигнувањата на учениците пред вработените, родителите и локалната заедница, користејќи ги состаноците, веб-страницата на училиштето и медиумите. На овој начин ќе се промовираат позитивните вредности, ќе се мотивираат учениците преку издавање пофалници по одреден повод и ќе се промовира училиштето.

Во процесот на следење и анализа на ученичкиот успех ќе учествуваат наставниците, класните раководители, стручната служба, раководството на училиштето, учениците и родителите, согласно нивните надлежности и улоги.

**Поддршка на учениците при професионална ориентација**

**Цел:**
Поддршка на учениците во препознавање на сопствените интереси, способности и професионални вредности, информирање за можностите за продолжување на образованието и запознавање со светот на работата, со цел донесување информирани одлуки за понатамошното образование и професионалниот развој.

| Активност / задача | Начин на реализација | Носители | Целна група | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| Поддршка на учениците при избор на понатамошно образование и професија | Индивидуални и групни разговори, анкети и давање насоки за понатамошно образование | Стручна служба | Ученици | Во текот на учебната година |
| Утврдување на професионалните интереси и способности | Примена на прашалници за професионални интереси, работни вредности и личност, со давање соодветни насоки | Психолог | Ученици | Во текот на учебната година |
| Кариерно советување | Координација со Кариерниот центар и реализација на активности за кариерно советување | Социолог, Кариерен центар | Ученици | Во текот на учебната година |
| Развивање на свеста за личните интереси и можности | Работилници од програмата за образование за животни вештини насочени кон идентификување на интересите, способностите и можностите на учениците | Класни раководители | Ученици | Во текот на учебната година |
| Информирање за можностите за продолжување на образованието | Разгледување на конкурсите и условите за упис на факултети и информирање на учениците пред определување за завршен испит/државна матура | Стручна служба, класни раководители | Ученици од IV година | Второ полугодие |
| Вклучување на родителите во процесот на професионалната ориентација | Индивидуални и групни разговори и информирање на родителите за можностите за образование и професионален развој на учениците | Стручна служба, класни раководители | Родители | Во текот на учебната година |
| Промоција на образовните профили на училиштето | Изработка на промотивни материјали, посети на основни училишта и презентација на образовните профили | Тим за промоција, наставници | Ученици од IX одделение | Март – мај |
| Отворен ден на училиштето | Презентација на образовните профили, просториите, опремата и можностите што ги нуди училиштето | Тим за промоција, наставници, стручна служба | Ученици од IX одделение и родители | Мај |
| Запознавање со можностите за високо образование | Презентации, посети и учество на отворени денови на факултети | Стручна служба, наставници | Ученици од III и IV година | Во текот на учебната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | година |
| Запознавање со светот на работата | Посети на работни организации и предавања/презентации од претставници на Агенцијата за вработување и други релевантни институции | Стручна служба, наставници, Агенција за вработување | Ученици | Во текот на учебната година |

**Промоција на училиштето и образовните профили**

**Цел:**
Запознавање на учениците од основните училишта, родителите и пошироката јавност со образовните профили, можностите за практична настава, условите за учење и можностите за понатамошно образование и професионален развој што ги нуди училиштето.

| **Активности** | **Носители** | **Целна група** | **Временска рамка** | **Индикатори / докази** |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на промотивни материјали за образовните профили и можностите што ги нуди училиштето. | Тим за промоција, наставници | Ученици и родители | Март – мај | Изработени промотивни материјали |
| Посети на основни училишта и презентација на образовните профили. | Тим за промоција, наставници | Ученици од IX одделение | Април – мај | Реализирани посети и презентации; евиденција |
| Презентација на образовните профили, наставните услови, практичната настава и можностите за понатамошно образование. | Тим за промоција, наставници, стручна служба | Ученици од IX одделение и родители | Април – мај | Реализирани презентации; број на учесници |
| Организирање Отворен ден на училиштето. | Тим за промоција, наставници, стручна служба | Ученици од IX одделение и родители | Мај | Реализиран Отворен ден; евиденција; извештај |
| Запознавање на посетителите со кабинетите, лабораториите, опремата, практичната настава и условите за работа. | Наставници, тим за промоција | Ученици и родители | Мај | Реализирани презентации и посети; фотографии/извештај |

### 3. Отворен ден на училиштето

**Цел:**
Непосредно запознавање на идните ученици и нивните родители со училиштето, образовните профили, условите за учење, практичната настава, опремата и можностите што ги нуди училиштето.

| Активности | Носители | Целна група | Временска рамка | Индикатори / докази |
|---|---|---|---|---|
| Организирање Отворен ден на училиштето. | Тим за промоција, директор, стручна служба, наставници | Ученици од IX одделение и родители | Мај | Реализиран Отворен ден; број на посетители; извештај |
| Презентација на образовните профили и можностите за продолжување на образованието. | Наставници, стручна служба | Ученици и родители | Мај | Реализирани презентации |
| Разгледување на кабинетите, лабораториите, опремата и просториите за практична настава. | Наставници | Ученици и родители | Мај | Реализирани посети; фотографии/извештај |
| Демонстрација на практични активности и ученички проекти. | Наставници, ученици | Посетители | Мај | Реализирани демонстрации; изложени ученички продукти |

### *15.2. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација*

Училиштето континуирано работи на создавање безбедно, сигурно и поттикнувачко физичко и психосоцијално опкружување во кое се почитуваат правата, достоинството и различностите на сите ученици. Во текот на учебната година ќе се реализираат превентивни, едукативни и поддржувачки активности насочени кон унапредување на добросостојбата на учениците, спречување и заштита од насилство, злоупотреба и занемарување, како и спречување на сите форми на дискриминација.

**Превентивни програми и активности**

Училиштето ќе продолжи со реализација на превентивни активности за создавање позитивна училишна клима и за навремено препознавање и спречување на ризични однесувања.

Ќе продолжи соработката со Секторот за превенција и активното учество во активностите предвидени со проектот „Безбедни училишта“, со цел унапредување на безбедноста, намалување на насилството и асоцијалното однесување и зголемување на довербата и соработката меѓу учениците, родителите, наставниците и институциите.

Со цел унапредување на интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција, како и намалување на меѓуетничките предрасуди, омразата и насилството, во училиштето работи Тим за меѓуетничка интеграција.

Психологот ќе ја координира работата на Клубот за ненасилна комуникација и решавање конфликти со медијација. Клубот има за цел унапредување на училишната клима преку развивање вештини за ненасилна комуникација, препознавање и конструктивно решавање конфликти и врсничка едукација. Во активностите ќе бидат вклучени ученици кои покажуваат интерес и подготвеност за работа како врснички едукатори и медијатори.

Социологот ќе ја координира работата на Клубот за промовирање на недискриминација, клуб за мултикултурна соработка и инклузија координира со работа на правобранителот. Во активностите ќе учествуваат ученици-доброволци кои покажуваат интерес за тимска работа и иницијативност.

Во рамките на клубот ќе се реализираат работилници и активности на теми:

- Различни, но еднакви -септември
- Стереотипи и предрасуди-како настануваат?-октомври
- Меѓународен ден на толеранција 16 ноември
- Говор на омраза и неговите последици -декември
- Инклузија и прифаќање на ученици со попреченост -февруари
- Форум театар „Во туѓи чевли“- март

- Родова еднаквост и почитување -април

Класните раководители најмалку еднаш годишно, како и секогаш кога ќе се појави потреба, ќе реализираат содржини, работилници, интерактивни вежби и дискусии поврзани со спречување и заштита од насилство, дискриминација, злоупотреба и занемарување.

Училиштето ќе продолжи со примена и промовирање на Кодексот за однесување на наставниците, учениците и родителите. Со Кодексот ќе бидат запознаени сите учесници во воспитно-образовниот процес, а насоките за однесување ќе бидат јавно достапни.

За одржување на безбедна училишна средина ќе се изработува распоред на дежурни наставници, редари, хигиеничари и дежурни ученици.

**Поддршка на учениците и промоција на добросостојбата**

Училиштето ќе обезбедува поддршка за учениците кои се соочуваат со социјални, образовни или други потешкотии.

Ќе продолжи соработката со надлежните институции, вклучително и со Центарот за социјална работа, согласно потребите на учениците и законските можности.

За учениците од социјално ранливи категории ќе се реализираат активности за обезбедување поддршка, вклучително и хуманитарни акции, собирање облека, книги и други материјали, како и активности за навремено детектирање на нивните потреби.

Училиштето ќе продолжи да обезбедува услови за непречен и безбеден пристап и учество во воспитно-образовниот процес за учениците со попреченост, согласно нивните потреби и можности. Обезбедени се услови за непречен и безбеден пристап до училиштето, а согласно потребите се обезбедува и образовна асистенција.

Ќе продолжи бесплатниот пристапен превоз за учениците со попреченост и лицата за нивна придружба, согласно можностите и потребите.

Во училиштето ќе се продолжи со активностите за создавање пријатна и поттикнувачка средина. Учениците преку секцијата за естетско уредување ќе учествуваат во уредувањето на училишниот простор, додека за уредувањето на училниците се одговорни наставниците во соработка со учениците.

Ќе продолжи бесплатниот превоз за учениците кои живеат на оддалеченост од 2,5 km од училиштето, согласно утврдените услови.

Ќе се продолжи со стимулирање и поддршка на учениците кои постигнуваат значајни резултати на натпревари и олимпијади, вклучително и

доделување пофалници и предвидените парични награди за освоени прво, второ или трето место, односно златен, сребрен или бронзен медал на меѓународни олимпијади и натпревари, како и за освоено прво место на натпревар на државно ниво, согласно актите и можностите на училиштето.

Училиштето ќе спроведе постапка за осигурување на учениците.

**Постапка за заштита на ученик-жртва**

ОСТУ „Наце Буѓони“ Куманово има усвоено Политика за заштита на децата, со цел да обезбеди соодветни упатства и мерки за заштита од повредување на правата на детето за време на редовната работа на училиштето.

Политиката опфаќа дефинирање на правата на детето на заштита од насилство и злоупотреба, Кодекс на однесување поврзан со почитување на правата на детето, како и протокол за постапување во случаи на насилство, со упатства, мерки и прилози за примена во случај на злоупотреба на деца.

Политиката е подготвена со поддршка на Коалиција на младински организации СЕГА, во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, поддржан од Детската фондација Песталоци, и е усогласена со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување издадено од Министерството за образование и наука.

Училиштето се обврзува континуирано да работи на едукација и подигање на свеста кај учениците за спречување на насилството и заштита на нивните права.

Во училиштето е определено контакт лице за пријавување случаи на насилство – психологот, кој соработува со наставниците, родителите и надлежните институции, вклучително Центарот за социјална работа и Министерството за внатрешни работи, согласно природата и сериозноста на случајот.

Училиштето има формирано Тим за заштита од насилство, кој е достапен за учениците, родителите и вработените. Тимот остварува редовни состаноци за координација, следење на училишната клима и разгледување на прашања поврзани со насилство и безбедност и води соодветна евиденција.

Секој пријавен случај се разгледува индивидуално, со процена на потребните мерки согласно природата и сериозноста на случајот и согласно важечките протоколи и процедури.

При постапувањето основна цел е:

- да се прекине насилството;

- да се обезбеди непосредна заштита на ученикот-жртва;
- да се спречи повторување на насилството;
- да се обезбеди соодветна поддршка на ученикот;
- да се преземат соодветни мерки во однос на сторителот;
- да се следи состојбата и понатамошното функционирање на ученикот.

Во насока на координирано постапување, училиштето располага со Мапа на институции и начини на комуникација при процесирање на случаи на насилство, согласно природата и сериозноста на случајот.

Училиштето има обучени вработени за укажување прва помош и соодветна опрема, а постапувањето при повреди и други итни ситуации се реализира согласно воспоставената процедура. За постапката се информирани класните раководители.

**Спречување на дискриминација**

Училиштето се залага за еднаков третман и еднакви можности за сите ученици, без разлика на нивните лични, социјални, образовни, културни или други карактеристики.

Преку работата на Тимот за меѓуетничка интеграција, Клубот за ненасилна комуникација и Клубот за промовирање на недискриминација ќе се реализираат активности за почитување на различностите, развивање толеранција, намалување на предрасудите и спречување дискриминаторско однесување.

Учениците ќе се вклучуваат во активностите како доброволци, врснички едукатори, медијатори и членови на ученички тимови, согласно нивниот интерес и подготвеност.

**Соработка со институции и други организации**

За реализација на активностите училиштето ќе соработува со:

- Секторот за превенција;
- Центарот за социјална работа;
- Министерството за внатрешни работи;
- Црвениот крст;
- здравствени установи и здравствени работници;
- локалната самоуправа;
- други надлежни институции и организации, согласно потребите.

Соработката ќе се реализира преку предавања, работилници, советувања, превентивни активности, обуки, поддршка во конкретни случаи и други активности согласно можностите на институциите.

**Следење и очекувани резултати**

Реализацијата на активностите ќе се следи преку извештаи, записници од состаноци, евиденција на реализирани активности, анализа на пријавени случаи и преземени мерки, анкети и разговори со ученици, наставници и родители, како и преку следење на училишната клима.

Очекувани резултати се:

- зголемена информираност на учениците за нивните права и одговорности;
- намалување на ризикот од насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација;
- навремено препознавање и пријавување на ризични ситуации;
- подобрување на комуникацијата и односите меѓу учениците;
- развивање култура на толеранција, почитување и ненасилно решавање конфликти;
- обезбедување навремена и соодветна поддршка за учениците на кои им е потребна;
- подобрување на соработката меѓу училиштето, родителите и надлежните институции.

За резултатите од реализираните активности ќе се информираат учениците, наставниците и родителите преку состаноци, работилници, извештаи и други соодветни начини на информирање.

# 16.ОЦЕНУВАЊЕ

## *16.1. Видови оценување*

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност ќе бидат постигнатите резултати на учениците во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, степенот на заинтересираност и ангажираност во учењето, како и практичната оспособеност за примена на стекнатите знаења.

Оценувањето се реализира континуирано во текот на учебната година, со примена на различни стратегии, методи и инструменти за оценување, согласно наставните планови и програми, утврдените стандарди и критериуми за оценување и принципите на објективност, транспарентност, валидност и релевантност.

Предметните наставници го планираат оценувањето во рамките на своите годишни и тематски планирања и дневни подготовки. При формирањето на оценката се земаат предвид знаењата, разбирањето, примената на знаењата, активноста и ангажираноста на ученикот, практичната оспособеност и напредокот во учењето.

На почетокот на учебната година учениците се запознаваат со начинот, критериумите и формите на оценување по соодветните предмети. Наставниците ги координираат термините за писмените проверки на знаењата, водејќи сметка за оптовареноста на учениците и утврдените ограничувања.

| Опис/тип на оценување | Опис на активности | Одговорно лице | Рокови | Забелешки |
|---|---|---|---|---|
| **Бројчано оценување** | Континуирано следење и оценување на знаењата, активноста, ангажираноста, практичната оспособеност и примената на знаењата. Оценката се формира согласно утврдените критериуми и стандарди за оценување. | Предметни наставници | Во текот на целата учебна година | Оценката се соопштува на ученикот; најмалку двапати во полугодие се формира оценка. |
| **Формативно оценување** | Следење на напредокот на ученикот во текот на наставата преку усно и писмено проверување, активност, наставни листови, задачи, практична работа, проекти, презентации и други инструменти. Се дава повратна информација за напредокот и потребите за понатамошно учење. | Предметни наставници | Континуирано | Се користи за унапредување на учењето и навремено надминување на тешкотиите. |
| **Сумативно оценување** | Формирање оценка врз основа на постигнувањата утврдени преку различните форми на следење и оценување во текот на периодот. | Предметни наставници; Совет на паралелката | На крајот на првото полугодие и учебната година | Се почитуваат законските и подзаконските прописи. |
| **Писмено оценување и календар на писмените проверки** | Писмено проверување преку објективни тестови, контролни задачи, наставни листови, есеи, проекти и други соодветни инструменти. Наставниците ги планираат и координираат термините за писмените проверки. | Предметни наставници; стручна служба/раководители на активи | Во текот на учебната година | Се води сметка да не се преоптоваруваат учениците и да се почитуваат законските ограничувања. |
| **Оценување на ученици со ИОП** | Следење и оценување согласно индивидуализираните цели и потреби на ученикот. Се користат прилагодени задачи и тестови и се следи индивидуалниот напредок. | Предметни наставници во соработка со стручната служба | Континуирано | Оценувањето се усогласува со ИОП и потребите на ученикот. |
| **Информирање на родителите** | Родителите се информираат за успехот и напредокот преку родителски средби, индивидуални средби и разговори со класниот раководител и предметните наставници, како и по потреба. | Класни раководители; предметни наставници; стручна служба | Континуирано, согласно потребите | За учениците со потешкотии се обезбедува навремено информирање и соработка со родителите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Повторна проверка на знаењата** | Повторна проверка на знаењата се реализира согласно законските и подзаконските прописи и утврдената процедура во училиштето. | Предметен наставник/комисија согласно прописите | Согласно потребата и роковите утврдени со прописите | По потреба се формира комисија согласно законската процедура. |
| **Испити – класни, поправни, вонредни и други испити** | Училиштето организира испити согласно законските и подзаконските акти: поправни, испити на годината, дополнителни, испити за побрзо напредување, вонредни и други испити согласно статусот на ученикот. | Директор; испитни комисии | Согласно утврдените испитни рокови | Директорот ги формира испитните комисии со решение. |
| **Државна/државна стручна матура, училишна стручна матура и завршен испит** | Организирање и реализација на матурските и завршните испити согласно упатствата, календарот и законските прописи. | Директор; училишна матурска комисија; испитни комисии | Согласно календарот и роковите | За организацијата се постапува согласно насоките на надлежните институции. |

Оценувањето во училиштето се реализира континуирано, објективно, транспарентно и согласно утврдените стандарди, критериуми и законските и подзаконските акти. За следење на успехот и напредокот на учениците се користат различни методи и инструменти на оценување, а резултатите се анализираат и се користат за унапредување на воспитно-образовниот процес.

### *16.2. Тим за следење, анализа и поддршка*

За следење, анализа и унапредување на процесот на оценување во училиштето се формира **Тим за следење, анализа и поддршка во оценувањето**. Тимот го следи усогласувањето на оценувањето со утврдените стандарди и критериуми, ги анализира постигнатите резултати, обезбедува поддршка на наставниците и предлага мерки за подобрување на квалитетот и објективноста на оценувањето.**Тимот го сочинуваат:**

- директор или помошник директор/координатор;
- претставници од стручната служба – педагог и/или психолог;
- наставници од општообразовни предмети;
- наставници од стручни предмети;
- претставници од стручните активи;
- по потреба, други наставници/координатори поврзани со процесот на оценување, вклучително и **координатори за практично образование и ментори кај работодавач**.

Имињата на членовите на тимот ќе бидат утврдени со одлука/решение на директорот.

Тимот ги следи и анализира процесите на оценување во училиштето и предлага активности за нивно унапредување. Неговите задачи се:

- да ја следи усогласеноста на оценувањето со стандардите, критериумите и законската регулатива;
- да ги анализира резултатите од оценувањето по предмети, паралелки и класификациски периоди;
- да следи дали се применуваат различни форми и методи на оценување и дали оценувањето е објективно, транспарентно и континуирано;
- да обезбедува поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на оценувањето;
- да поттикнува размена на добри практики и примена на современи пристапи во оценувањето;
- да ги следи начините на информирање на учениците и родителите за постигнувањата и напредувањето;
- да ги следи и анализира постапките поврзани со поплаки, жалби и приговори за оценки, согласно законската регулатива;
- да го следи оценувањето на учениците со ИОП и обезбедувањето на соодветни прилагодувања;
- да го следи оценувањето во практичното образование кај работодавач преку чек-листи, дневникот на работа и друга предвидена документација;
- врз основа на согледувањата и анализите да предлага мерки и активности за подобрување на квалитетот на оценувањето;
- да подготвува извештаи и да ги информира наставниците и стручните органи за резултатите од следењето и предложените мерки.

| Активност/Подрачје | Опис/Насока | Временска рамка | Одговорни лица | Начин на евиденција/извештај |
|---|---|---|---|---|
| Следење на оценувањето | Следење на усогласеноста на оценувањето со критериумите и стандардите | Континуирано | Тимот, стручна служба, наставници | Анализа на оценки и извештаи |
| Анализа на постигнувањата | Анализа по предмети, паралелки и класификациски периоди и предлагање мерки за подобрување | По секој класификациски период | Тимот, стручна служба | Анализа и извештај |
| Поддршка на наставниците | Поддршка во планирањето и реализацијата на објективно и транспарентно оценување; споделување добри практики | Во текот на годината | Тимот, директор, стручна служба, активи | Записници, извештаи |
| Жалби, поплаки и приговори | Информирање за постапката и постапување согласно законските прописи | По потреба | Директор, стручна служба, тимот | Евиденција/записник |
| Оценување во практично образование | Следење на оценувањето кај работодавач преку **чек-листи на секое тримесечје и дневник на работа** | Континуирано | Ментори кај работодавач, координатори за практично образование | Чек-листи, дневник на работа |
| Оценување на ученици со ИОП | Следење на напредокот согласно индивидуализираните цели и прилагодувања | Континуирано | Наставници, стручна служба | Евиденција и извештаи |

## *16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работа на воспитно-образовниот кадар*

Работата на воспитно-образовниот кадар во училиштето континуирано ја следат директорот и стручните соработници, а квалитетот на наставниот процес се унапредува и преку отворени часови и размена на добри практики меѓу наставниците. Директорот, педагогот и психологот, најмалку четири пати во текот на учебната година (двапати во секое полугодие), како и по потреба, вршат стручни посети и увид во работата на наставниците. Посетите имаат формативен карактер и се насочени кон поддршка на наставникот и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

При следењето се опфаќаат:

- квалитетот на планирањето и подготовката на наставата;
- квалитетот на реализацијата на наставата;
- примена на соодветни методи и пристапи кон учениците;
- активноста и вклученоста на учениците;
- следењето и формативното оценување на учениците;
- примена на ИКТ и други современи пристапи, согласно можностите и потребите;
- реализацијата на воннаставните активности;
- по потреба, следење на практичното образование и работата на стручната служба.

За следење и вреднување се користат соодветни инструменти – листи за набљудување, обрасци за следење, белешки од набљудување и извештаи. По реализираната посета се дава повратна информација на наставникот, при што се согледуваат силните страни, можностите за унапредување и, по потреба, се договараат активности за поддршка и повторно следење.

Резултатите од следењето се користат за самопроценка, професионален развој на наставникот и унапредување на воспитно-образовниот процес. Еден примерок од образецот му се доставува на наставникот за лична употреба, а документацијата за следењето се чува согласно утврдената училишна процедура.

Работата на стручните активи и стручните состаноци ја следи директорот преку увид во програмата за работа и реализацијата на планираните активности, со давање повратна информација најмалку за една активност во полугодие.

Согласно надлежностите, работата на училиштето и воспитно-образовниот кадар се следи и од надлежните институции – Државниот просветен инспекторат, Бирото за развој на образованието, Центар за развој на стручното образование и Државниот испитен центар.

# 16.ОЦЕНУВАЊЕ

## *16.1. Видови оценување*

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност ќе бидат постигнатите резултати на учениците во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, степенот на заинтересираност и ангажираност во учењето, како и практичната оспособеност за примена на стекнатите знаења.

Оценувањето се реализира континуирано во текот на учебната година, со примена на различни стратегии, методи и инструменти за оценување, согласно наставните планови и програми, утврдените стандарди и критериуми за оценување и принципите на објективност, транспарентност, валидност и релевантност.

Предметните наставници го планираат оценувањето во рамките на своите годишни и тематски планирања и дневни подготовки. При формирањето на оценката се земаат предвид знаењата, разбирањето, примената на знаењата, активноста и ангажираноста на ученикот, практичната оспособеност и напредокот во учењето.

На почетокот на учебната година учениците се запознаваат со начинот, критериумите и формите на оценување по соодветните предмети. Наставниците ги координираат термините за писмените проверки на знаењата, водејќи сметка за оптовареноста на учениците и утврдените ограничувања.

| Опис/тип на оценување | Опис на активности | Одговорно лице | Рокови | Забелешки |
|---|---|---|---|---|
| **Бројчано оценување** | Континуирано следење и оценување на знаењата, активноста, ангажираноста, практичната оспособеност и примената на знаењата. Оценката се формира согласно утврдените критериуми и стандарди за оценување. | Предметни наставници | Во текот на целата учебна година | Оценката се соопштува на ученикот; најмалку двапати во полугодие се формира оценка. |
| **Формативно оценување** | Следење на напредокот на ученикот во текот на наставата преку усно и писмено проверување, активност, наставни листови, задачи, практична работа, проекти, презентации и други инструменти. Се дава повратна информација за напредокот и потребите за понатамошно учење. | Предметни наставници | Континуирано | Се користи за унапредување на учењето и навремено надминување на тешкотиите. |
| **Сумативно оценување** | Формирање оценка врз основа на постигнувањата утврдени преку различните форми на следење и оценување во текот на периодот. | Предметни наставници; Совет на паралелката | На крајот на првото полугодие и учебната година | Се почитуваат законските и подзаконските прописи. |
| **Писмено оценување и календар на писмените проверки** | Писмено проверување преку објективни тестови, контролни задачи, наставни листови, есеи, проекти и други соодветни инструменти. Наставниците ги планираат и координираат термините за писмените проверки. | Предметни наставници; стручна служба/раководители на активи | Во текот на учебната година | Се води сметка да не се преоптоваруваат учениците и да се почитуваат законските ограничувања. |
| **Оценување на ученици со ИОП** | Следење и оценување согласно индивидуализираните цели и потреби на ученикот. Се користат прилагодени задачи и тестови и се следи индивидуалниот напредок. | Предметни наставници во соработка со стручната служба | Континуирано | Оценувањето се усогласува со ИОП и потребите на ученикот. |
| **Информирање на родителите** | Родителите се информираат за успехот и напредокот преку родителски средби, индивидуални средби и разговори со класниот раководител и предметните наставници, како и по потреба. | Класни раководители; предметни наставници; стручна служба | Континуирано, согласно потребите | За учениците со потешкотии се обезбедува навремено информирање и соработка со родителите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Повторна проверка на знаењата** | Повторна проверка на знаењата се реализира согласно законските и подзаконските прописи и утврдената процедура во училиштето. | Предметен наставник/комисија согласно прописите | Согласно потребата и роковите утврдени со прописите | По потреба се формира комисија согласно законската процедура. |
| **Испити – класни, поправни, вонредни и други испити** | Училиштето организира испити согласно законските и подзаконските акти: поправни, испити на годината, дополнителни, испити за побрзо напредување, вонредни и други испити согласно статусот на ученикот. | Директор; испитни комисии | Согласно утврдените испитни рокови | Директорот ги формира испитните комисии со решение. |
| **Државна/државна стручна матура, училишна стручна матура и завршен испит** | Организирање и реализација на матурските и завршните испити согласно упатствата, календарот и законските прописи. | Директор; училишна матурска комисија; испитни комисии | Согласно календарот и роковите | За организацијата се постапува согласно насоките на надлежните институции. |

Оценувањето во училиштето се реализира континуирано, објективно, транспарентно и согласно утврдените стандарди, критериуми и законските и подзаконските акти. За следење на успехот и напредокот на учениците се користат различни методи и инструменти на оценување, а резултатите се анализираат и се користат за унапредување на воспитно-образовниот процес.

## *16.2. Тим за следење, анализа и поддршка*

За следење, анализа и унапредување на процесот на оценување во училиштето се формира **Тим за следење, анализа и поддршка во оценувањето**. Тимот го следи усогласувањето на оценувањето со утврдените стандарди и критериуми, ги анализира постигнатите резултати, обезбедува поддршка на наставниците и предлага мерки за подобрување на квалитетот и објективноста на оценувањето.**Тимот го сочинуваат:**

- директор или помошник директор/координатор;
- претставници од стручната служба – педагог и/или психолог;
- наставници од општообразовни предмети;
- наставници од стручни предмети;
- претставници од стручните активи;
- по потреба, други наставници/координатори поврзани со процесот на оценување, вклучително и **координатори за практично образование и ментори кај работодавач**.

Имињата на членовите на тимот ќе бидат утврдени со одлука/решение на директорот.

Тимот ги следи и анализира процесите на оценување во училиштето и предлага активности за нивно унапредување. Неговите задачи се:

- да ја следи усогласеноста на оценувањето со стандардите, критериумите и законската регулатива;
- да ги анализира резултатите од оценувањето по предмети, паралелки и класификациски периоди;
- да следи дали се применуваат различни форми и методи на оценување и дали оценувањето е објективно, транспарентно и континуирано;
- да обезбедува поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на оценувањето;
- да поттикнува размена на добри практики и примена на современи пристапи во оценувањето;
- да ги следи начините на информирање на учениците и родителите за постигнувањата и напредувањето;
- да ги следи и анализира постапките поврзани со поплаки, жалби и приговори за оценки, согласно законската регулатива;
- да го следи оценувањето на учениците со ИОП и обезбедувањето на соодветни прилагодувања;
- да го следи оценувањето во практичното образование кај работодавач преку чек-листи, дневникот на работа и друга предвидена документација;
- врз основа на согледувањата и анализите да предлага мерки и активности за подобрување на квалитетот на оценувањето;
- да подготвува извештаи и да ги информира наставниците и стручните органи за резултатите од следењето и предложените мерки.

| Активност/Подрачје | Опис/Насока | Временска рамка | Одговорни лица | Начин на евиденција/извештај |
|---|---|---|---|---|
| Следење на оценувањето | Следење на усогласеноста на оценувањето со критериумите и стандардите | Континуирано | Тимот, стручна служба, наставници | Анализа на оценки и извештаи |
| Анализа на постигнувањата | Анализа по предмети, паралелки и класификациски периоди и предлагање мерки за подобрување | По секој класификациски период | Тимот, стручна служба | Анализа и извештај |
| Поддршка на наставниците | Поддршка во планирањето и реализацијата на објективно и транспарентно оценување; споделување добри практики | Во текот на годината | Тимот, директор, стручна служба, активи | Записници, извештаи |
| Жалби, поплаки и приговори | Информирање за постапката и постапување согласно законските прописи | По потреба | Директор, стручна служба, тимот | Евиденција/записник |
| Оценување во практично образование | Следење на оценувањето кај работодавач преку **чек-листи на секое тримесечје и дневник на работа** | Континуирано | Ментори кај работодавач, координатори за практично образование | Чек-листи, дневник на работа |
| Оценување на ученици со ИОП | Следење на напредокот согласно индивидуализираните цели и прилагодувања | Континуирано | Наставници, стручна служба | Евиденција и извештаи |

### *16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работа на воспитно-образовниот кадар*

Работата на воспитно-образовниот кадар во училиштето континуирано ја следат директорот и стручните соработници, а квалитетот на наставниот процес се унапредува и преку отворени часови и размена на добри практики меѓу наставниците.

Директорот, педагогот и психологот, најмалку четири пати во текот на учебната година (двапати во секое полугодие), како и по потреба, вршат стручни посети и увид во работата на наставниците.

Посетите имаат формативен карактер и се насочени кон поддршка на наставникот и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. При следењето се опфаќаат:

- квалитетот на планирањето и подготовката на наставата;
- квалитетот на реализацијата на наставата;
- примена на соодветни методи и пристапи кон учениците;
- активноста и вклученоста на учениците;
- следењето и формативното оценување на учениците;
- примена на ИКТ и други современи пристапи, согласно можностите и потребите;
- реализацијата на вонnаставните активности;
- по потреба, следење на практичното образование и работата на стручната служба.

За следење и вреднување се користат соодветни инструменти – листи за набљудување, обрасци за следење, белешки од набљудување и извештаи.

По реализираната посета се дава повратна информација на наставникот, при што се согледуваат силните страни, можностите за унапредување и, по потреба, се договараат активности за поддршка и повторно следење.

Резултатите од следењето се користат за самопроценка, професионален развој на наставникот и унапредување на воспитно-образовниот процес. Еден примерок од образецот му се доставува на наставникот за лична употреба, а документацијата за следењето се чува согласно утврдената училишна процедура.

Работата на стручните активи и стручните состаноци ја следи директорот преку увид во програмата за работа и реализацијата на планираните активности, со давање повратна информација најмалку за една активност во полугодие.

Согласно надлежностите, работата на училиштето и воспитно-образовниот кадар се следи и од надлежните институции – Државниот

просветен инспекторат, Бирото за развој на образованието, Центар за развој на стручното образование и Државниот испитен центар.

| Област на набљудување | Тип на активност | Одговорно лице | Временска рамка | Инструмент / метод | Повратна информација / следење |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирање и реализација на наставата** | Стручна посета на наставен час | Директор, педагог, психолог | 4 пати годишно и по потреба | Листа за набљудување, образец за следење | Разговор со наставник и насоки за унапредување |
| **Методи, пристапи, активност и вклученост на учениците** | Посета на наставен час / отворен час | Директор, стручни соработници, наставници | Во текот на годината | Листа за набљудување, белешки | Повратна информација и споделување добри практики |
| **Формативно оценување и следење на напредокот** | Стручна посета | Директор, педагог, психолог | Во текот на годината | Образец за следење | Индивидуална повратна информација |
| **Вонаставни активности** | Следење на реализација | Директор, стручни соработници | Во текот на годината | План/програма, образец, извештај | Повратна информација и препораки |
| **Практично образование** | Следење на реализацијата кај работодавач / практична настава | Директор, координатори за практично образование | Согласно планот | Предвидена документација, извештаи и чек-листи | Анализа и мерки за подобрување |
| **Работа на стручната служба** | Стручна посета и увид во активности | Директор | Во текот на годината | План, белешки и извештај | Повратна информација |
| **Работа на стручните активи** | Увид во состаноци и реализација на програмата | Директор | Најмалку една активност во полугодие | Програма, записник, извештај | Повратна информација и препораки |
| **Отворени часови и размена на добра практика** | Посета и споделување искуства | Наставници, стручни соработници | Во текот на учебната година | Белешки/извештај од активноста | Споделување на позитивни практики |

## *16.4. Самоевалуација на училиштето*

Во учебната 2026/2027 година училиштето ќе продолжи со следење и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа согласно резултатите и препораките од спроведената самоевалуација за периодот 2024–2026 година. Самоевалуацијата беше спроведена во периодот април–август 2026 година, со активно учество на воспитно-образовниот кадар, организиран во тимови за осум клучни подрачја.

Комисија за спроведување на самоевалуацијата:

1. Елизабета Трајковска – социолог
2. Ќендреса Мустафи – дефектолог
3. Виолета Крајиновиќ Ѓеоргиевска – предметен наставник
4. Аделина Белули – предметен наставник
5. Синиша Јаќимовиќ – родител.

Подрачја опфатени со самоевалуацијата:

1. Наставни планови и програми
2. Постигнувања на учениците
3. Учење и поучување
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика
8. Соработка со родителите и локалната заедница.

Во текот на учебната 2026/2027 година, резултатите од самоевалуацијата ќе се користат за планирање и реализација на мерки за подобрување на квалитетот на наставата, условите за учење и организацијата на работата на училиштето.

**Приоритети за унапредување**, произлезени од самоевалуацијата, се:

- континуирано модернизирање на материјално-техничката база и доопремување на кабинетите, лабораториите и работилниците;
- подобрување на условите за практична настава;
- унапредување на инфраструктурата и условите за безбедно учење и работа;
- зајакнување на соработката со компании, институции и локалната самоуправа;
- континуирано стручно усовршување на наставниот кадар;
- поголема примена на дигитални технологии во наставата;
- унапредување на системот за следење и обезбедување на квалитетот;
- поголемо вклучување на учениците, родителите и социјалните партнери во училишниот живот и процесите на одлучување;
- унапредување на мерките за безбедност, здравје и заштита при работа;
- зголемување на учеството во национални и меѓународни проекти;
- развивање на систем за кариерно советување и професионална ориентација;
- обезбедување дополнителни финансиски средства преку проекти, партнерства и донаторски програми.

## План за следење и користење на резултатите

| Област | Активност | Методи и инструменти | Временска рамка | Одговорни |
|---|---|---|---|---|
| Квалитет на наставата | Следење на реализацијата на наставните планови и програми | Анализа на документација, извештаи и записници | Во текот на годината | Директор, стручни соработници, наставници |
| Постигнувања на учениците | Следење и анализа на постигањата | Анализа на оценки, успех и постигнувања | На тримесечие и полугодие | Наставници, стручни соработници |
| Училишна клима | Следење на односите, безбедноста и учеството на учениците | Анкети, разговори, анализа на активности | Во текот на годината | Комисија, стручна служба |
| Практична настава и соработка со компании | Следење на реализацијата и квалитетот на практичната настава | Извештаи, евиденции, средби со партнери | Во текот на годината | Наставници, координатори, директор |
| Професионален развој | Следење на потребите и учеството во обуки | Евиденции и извештаи | Во текот на годината | Директор, стручни соработници |
| Соработка со родители и локална заедница | Следење на учеството и реализацијата на заедничките активности | Записници, извештаи и анкети | Во текот на годината | Директор, стручни соработници, наставници |
| Квалитет и развој | Следење на реализацијата на мерките за подобрување | Анализа на реализирани активности и извештаи | На полугодие и на крајот на годината | Комисија за самоевалуација |

## 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во училиштето континуирано се преземаат мерки и активности за обезбедување на физичката и психо-социјалната безбедност на учениците и вработените. За одржување на безбедноста во училиштето се применуваат воспоставени процедури и мерки за превенција, заштита и постапување во услови на ризични и итни ситуации.

За безбедноста во училиштето придонесуваат видео надзорот, дежурствата на наставниците пред почетокот на наставата и за време на одморите, како и дежурствата на хигиеничарите во ходниците согласно определениот реон. Распоредот на дежурните наставници се изработува на почетокот на учебната година и се истакнува на соодветни места во училиштето.

Училиштето има изготвен План за заштита и спасување при елементарни непогоди и несреќи и определено лице за координација. На ходниците и спратовите се поставени планови за евакуација, а за учениците и вработените се реализираат практични вежби за евакуација. При вежбите се следи текот на евакуацијата и времето потребно за напуштање на објектот, со цел да се унапредува ефикасноста на постапувањето.

Наставниците ги запознаваат учениците со мерките за самозаштита и соодветно постапување во случај на природни непогоди, пожар и други ризични ситуации. За учениците кои реализираат Учење преку работа кај работодавач се организира обука за безбедност и заштита при работа согласно изработената програма од Центарот за стручно образование и обука.“Во училиштето е воспоставена процедура за постапување при повреда и укажување прва помош. Во активностите се вклучени вработени со обука за прва помош, наставниците од здравствениот актив и ученичката екипа на Подмладокот на Црвениот крст. Учениците од Подмладокот на Црвениот крст учествуваат во показни вежби и активности на училиштето, вклучително и на Патронатот, Отворениот ден и вежбите за евакуација.

Во училиштето има воспоставена процедура за пружање на прва помош:

- ✓ Во случај на повреда повредениот се пријавува кај одговорното лице на смената
- ✓ Одговорното лице го повикува лицето кое е на работа и е стручно за давање прва медицинска помош на работно место

во училиштето има вработени кои имаат сертификат за прва помош но лекарите и медицинските сестри од здравствениот актив остануваат носители на укажување на прва помош и заштита при повреди на учениците и вработените во училиштето.

- ✓ се повикува родител и итна помош тел: 194 во колку има потреба
- ✓ Во училиштето има екипа за прва помош од ученици која се обучува во Црвен крст и редовно учествува со вежби на одредени настани и натпревари.

- ✓ Училиштето соработува со Црвениот крст и, согласно потребите, можностите и насоките на надлежните институции, реализира активности и обуки од областа на заштитата и спасувањето, првата помош, пожарната безбедност и другите аспекти на безбедноста.

Во училиштето се води грижа за пристапноста и безбедното движење на учениците. Обезбедени се лифт и тактилни водилки, а при евентуална потреба од дополнителна поддршка на ученик со попреченост ќе се преземат соодветни мерки за негово безбедно движење и евакуација.

Планираните активности за безбедност во учебната година се прикажани во следната табела.

| Активност / Мерка | Целна група | Временска рамка | Одговорни лица / Соработници | Начин на спроведување | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дежурства и надзор во училиштето** | Ученици и вработени | Секојдневно | Дежурни наставници, хигиеничари | Дежурство пред почетокот на наставата и за време на одморите; надзор во ходниците согласно распоредот и реонот | Видео надзор; распоредот се изработува и истакнува на почетокот на учебната година |
| **Вежби за евакуација и самозаштита** | Ученици и вработени | Најмалку двапати во учебната година | Директор, лице за координација, стручна служба, наставници, технички персонал | Практична вежба согласно Планот за заштита и спасување; мерење на времето и следење на текот на евакуацијата | Планови за евакуација на ходниците; собирно место – училишно фудбалско игралиште |
| **Прва помош и активности на Подмладокот на Црвениот крст** | Ученици и вработени | Во текот на учебната година | Здравствен актив, обучени вработени, одговорен наставник, Црвен крст | Обуки, показни и практични вежби, учество во училишни активности | Учество на Патронат, Отворен ден и вежба за евакуација |
| **Безбедност и заштита при работа / самозаштита** | Ученици од соодветни образовни профили | Согласно наставните програми | Наставници по стручни предмети | Теоретска и практична едукација согласно програмите за безбедност и заштита при работа и содржините за самозаштита Обука согласно изработената програма од Центарот за стручно образование и обука | За учениците од I година во мај, а за учениците од III и IV година во септември |
| **Заштита од пожари и други несреќи** | Ученици и вработени | Во текот на учебната година | Директор, лице за координација, наставници, надлежни институции | Проверка на опремата, едукативни активности, симулации и обуки согласно потребите и насоките на надлежните институции | Се применува Планот за заштита и спасување; соработка со надлежни институции |
| **Превенција и градење безбедна училишна средина** | Ученици, родители и вработени | Во текот на учебната година | Училишен тим за безбедност, стручна служба, наставници, ученици и родители | Работилници, врсничка едукација, активности за превенција на насилство, толеранција и меѓуетничка комуникација | Согласно можностите и активностите на училиштето и проектот „Безбедни училишта“ |

## *Антикорупциска едукација на училиште*

Училиштето е посветено на одржување на високи правни, етички и морални стандарди, почитување на принципите на интегритет, објективност и непристрасност и со својот начин на работа се бори против корупцијата.

Сите вработени се подеднакво псоветени преку промовирање на културата на спречување на корупцијата и судрот на интереси да се олесни откривањето на случаите на корупција и обезбеди навремено и правилно решавање на таквите случаи.

Надлежност на образовните институции е едукацијата на учениците, и за таа цел нашето училиште има „Програма за антикорупциска едукација на учениците“ преку која учениците ќе може да се запознаат со облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата.

Целта на реализацијата на програмата е кај учениците преку едукација да учат како да станат активни граѓани, да учат за демократија и да ги практикуваат нејзините позитивни вредности. Односно учениците да бидат запознати со одредени поими, преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, настани поврзани со корупцијата а со тоа да станат активни граѓани кои ќе допринесат кон развојот на модерното демократско општество.

Програмата за антикорупциска едукација на учениците ќе се реализира преку следните активности:

- Предавање за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување на антикорупциски активности
- Работилници за антикорупциска едукација на учениците преку кои учениците ќе бидат ставени во активна ситуација во која ќе земат учество
- Пополнување на прашалници во текот на учебната година
- Покана и учество на личности кои ќе реализираат стручни предавања од оваа област.

**Општи цели на програмата**

- ✓ да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност
- ✓ да се запознаат со облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата
- ✓ да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата
- ✓ да го сфатат штетното влијание на корупцијата

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | ВИД НА АКТИВНОСТ |
|---|---|---|
| Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Разговор |
| Причини и последици од корупцијата | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, етичност<br>Да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата,<br>Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница на класен час |
| Стекнување основни знаења за корупција и антикорупција | Да се запознаат со поимите за корупција, антикорупција, интегритет, етичност,<br>Да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата,<br>Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Предавање |
| Изработка на постери, пораки изложба | Да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современо општество | Работилница паралелка |
| Утврдување на знаењата за корупција и антикорупција | Да се утврдат знаењата на учениците | |
| Посета на правобранител, комисија за антикорупција | Разговор со стручни лица | Ученици од трета година |

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

- Учениците да бидат во состојба да го одредат поимот корупција
- Да разликуваат различни облици на корупција
- Да ги уочат последиците од корупцијата
- Да ги препознаат последиците од корупцијата врз општеството
- Да бидат свесни дека присвојувањето на туѓи нешта е незаконито

Планираните активности со Програмата ќе се реализираат на часовите на одделенска заедница преку програмата Образование за животни вештини, преку содржини по наставниот предмет македонски јазик и литература, англиски јазик, граѓанско образование, историја, ликовно образование и преку воннаставни активности во училиштето

# 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

## *18.1. Хигиена во училиштето*

Училиштето претставува средина во која учениците и вработените поминуваат значаен дел од денот, поради што обезбедувањето чиста, здрава и пријатна средина за учење и работа е една од основните задачи. Одржувањето на хигиената во училиштето се реализира преку јасно определени одговорности на вработените, учениците и другите учесници во воспитно-образовниот процес.

Хигиеничарите се задолжени за редовно и темелно чистење и одржување на училишните простории, санитарните јазли, училниците и заедничките простории. Домаќинот и хаусмајсторот се грижат за тековното одржување на училиштната зграда, дворот и опремата.

Наставниците и стручната служба придонесуваат преку развивање на свеста кај учениците за лична и колективна хигиена, укажување на потребата од правилно однесување во училиштето и пријавување на забележани неправилности. Учениците се поттикнуваат да преземаат одговорност за одржување на чистотата, правилно фрлање отпад и селектирање отпад.

Во соработка со надлежните институции, согласно законските прописи, се спроведуваат активности за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

| Активност/област | Простор/објект | Одговорни лица | Временска рамка | Начин на контрола | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовно чистење и одржување на училишните простории | Училници, кабинети, ходници | хигиеничари | Секојдневно | Визуелна проверка евиденција на извршена активност | Од одговорно лице |
| Одржување на санитарни јазли и обезбедување хигиенски услови | Санитарни јазли | Хигиеничари | Секојдневно | Контрола на состојбата | По фреквентни периоди |
| Одржување на училишниот двор и технички поправки | Двор и училишен објект | Домаќин / Хаусмајстор | Секојдневно | Записник за интервенции | По потреба |
| Развивање навики за лична и колективна хигиена | Ученици | Стручна служба, класни раководители | Континуирано | Работилници Разговор следење на однесување | Едукативни предавања |
| Селектирање и правилно одлагање на отпад | Училиште | Ученици, наставници | Континуирано | Набљудување евидентирање | Еколошки акции |
| Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | Цело училиште | Училиште во соработка со Центар за јавно здравје | Пред почеток на полугодие и по потреба | Потврди за извршени услуги | Согласно законски прописи |

## *18.2. Систематски прегледи*

Систематските прегледи имаат за цел зачувување и унапредување на здравјето на учениците преку навремено откривање на здравствени ризици и нарушувања. Училиштето, во соработка со надлежната здравствена установа, организира спроведување на систематски прегледи согласно законските прописи и утврден календар од здравствените служби.

Систематските прегледи се организираат за учениците од определени одделенија/години согласно насоките на надлежните здравствени установи. Училиштето изготвува распоред, ги информира родителите и се грижи прегледите да се реализираат во термин кој минимално ќе го наруши наставниот процес.

За координација на активностите се определува одговорно лице (класен раководител или член на стручната служба) кое ги придружува учениците, комуницира со родителите и води евиденција за реализираните прегледи.

Во однос на систематските прегледи на вработените, училиштето организира нивно спроведување преку избрана здравствена установа, обезбедува доставување на потребната медицинска документација и води евиденција за реализираните прегледи.

| Година, паралелка | Тип на преглед | Временска рамка | Здравствена установа | Одговорен наставник/лице | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ученици од прва година** | Систематски преглед | Согласно календар на здравствена установа | Школска амбуланта | Класен раководител/стручна служба | Родителите се навремено информирани |
| **Ученици од четврта година** | Систематски преглед | Согласно календар на здравствена установа | Школска амбуланта | Класен раководител/стручна служба | Следење на реализирани прегл |
| **Ученици со попреченост** | Индивидуален медицински надзор | Континуирано | Надлежен лекар Специјалист | Инклузивен тим, класен раководител | Согласно потреби |
| **вработени** | Систематски преглед | Согласно договор со здравствена установа | Избрана здравствена установа | Одговорно лице определено од училиштето | Се води евиденција за реализирани прегледи |

Покрај систематските прегледи, училиштето организира и следи реализација на санитарни прегледи за вработените и учениците од здравствената струка кои реализираат практична настава во здравствени установи, согласно законските барања и условите утврдени од установите каде се спроведува практичната обука.

## *18.3. Вакцинирање*

Вакцинацијата на учениците во училиштето се реализира согласно **Календарот за имунизација на Министерството за здравство** и во соработка со надлежната здравствена установа. Согласно календарот за имунизација, учениците кои ги исполнуваат условите за ревакцинација се упатуваат на вакцинација според распоредот и насоките од надлежната здравствена служба. Во училиштето посебно се следи реализацијата на ревакцинацијата кај учениците од соодветните генерации, согласно возраста и имунизацискиот статус. За учениците кои немаат целосно реализирана имунизација или доаѓаат од друга држава, вакцинацијата се реализира согласно индивидуален календар определен од надлежен лекар.

Вакцинацијата се спроведува во соработка со надлежната здравствена установа, согласно нивниот распоред и организација. Училиштето ги информира учениците и родителите/старателите за потребата од вакцинација и обезбедува координација со здравствените работници. Одговорно лице од училиштето за комуникација со учениците, родителите и здравствената установа е помошник директор или стручна служба.

| **Година** | **Тип на вакцина** | **Временска рамка (месец)** | **Надлежна здравствена установа** | **Одговорно лице од училиштето** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|
| Ученици од четврта година кои наполниле 18 години согласно Календар за имунизација | Тетанус V ревакцина. | Според календар на установа | Матичен лекар / здравствен дом | Стручна служба | Потребна медицинска потврда, совет |
| Ученици кои доаѓаат од странство или имаат пропуш-тени вакцини | Според индивидуален календар | Според упат од лекар | Матичен лекар / здравствен дом | Стручна служба | Потребна медицинска потврда |

За реализираните вакцинации се води соодветна евиденција во соработка со надлежната здравствена установа

### *18.4. Едукација за здрава храна*

Едукацијата за здраво живеење и здрава исхрана ќе се реализира преку низа активности и проекти кои ги реализираат наставниците согласно наставниот план и програма, како и преку вклучување на учениците во воннаставни активности, едукативни работилници, предавања од стручни лица и посети на соодветни институции.

Во рамките на класните часови „Образование за животни вештини“, класните раководители ќе реализираат активности и работилници поврзани со здравото живеење и здравата исхрана, како и со превенција од штетното дејство на пушењето, алкохолот и употребата на психоактивни супстанции.

Учениците од втора година од образовниот профил медицинска сестра, преку знаењата стекнати во наставата по предметот Исхрана со диететика, ќе учествуваат во едукативни активности со ученици од други образовни профили, со цел споделување на знаења и поттикнување на здрави животни навики.

Во реализацијата на здравствено-едукативните активности ќе се вклучуваат наставниците од здравствениот актив, здравствени лица и други стручни лица, согласно потребите и интересите на учениците. Ќе се реализираат предавања и активности за превенција од одредени заболувања и заштита на здравјето, како и активности во соработка со Центарот за јавно здравје.

Во текот на учебната година, согласно можностите и потребите, ќе се организираат активности за подигање на здравствената свест, како мерење на гликемија и крвен притисок и советувалишта, во кои ќе учествуваат учениците од здравствената струка под менторство на наставниците.

Во март учениците од здравствената струка ќе реализираат едукативно предавање на тема „Влијание на човековата околина врз физичкото здравје на луѓето“.

Активностите ќе се реализираат во текот на учебната година, согласно наставниот план и програма, програмите за работа на наставниците и стручните активи и годишниот план на училиштето.

## 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

### *19.1. Дисциплина*

Дисциплината во училиштето се остварува со активно и одговорно учество на сите субјекти во училиштето, преку доследно почитување на Кодексот на однесување, Куќниот ред и другите акти и процедури на училиштето. Акцентот се става на превентивното делување, градењето позитивна училишна клима, меѓусебното почитување, безбедноста на

учениците и навремено реагирање при несоодветно однесување, според одредени програми.

За одржување на редот и дисциплината се вклучени наставниците, стручните соработници, техничкиот персонал, учениците и родителите. Вработените од техничкиот персонал, согласно своите работни обврски, придонесуваат кон одржување на редот, безбедноста и уредноста во училиштето, со посебен ангажман во ходниците, санитарните јазли и училишниот двор.“Се реализираат активности за превенција на насилно и несоодветно однесување, се обезбедува надзор во училиштето и се води соодветна евиденција за настаните и преземените мерки.

Активностите за одржување на дисциплината и безбедноста во училиштето се реализираат континуирано и се следат од страна на одговорните лица. Во зависност од потребите и утврдените состојби, училиштето презема соодветни превентивни, воспитни и педагошки мерки.

| **Активност/мерка** | **Цел/намена** | **Целна група** | **Временска рамка** | **Одговорно лице/тим** | **Белешки/дополнителни насоки** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почитување и примена на Кодексот на однесување и Куќниот ред** | Градење позитивна училишна клима, ред, дисциплина и заемно почитување | Ученици, наставници, стручни соработници, технички персонал и родители | Во текот на целата учебна година | Директор, наставници, стручни соработници | Кодексот се применува од сите субјекти во училиштето |
| **Превентивни активности за подобрување на дисциплина** | Навремено спречување на несоодветно и наслно однесување | Ученици | Во текот на целата учебна година | Класни раководители, наставници, стручни соработници | Разговори, советување, насочување и позитивни примери |
| **Распоред и реализација на дежурства на наставниците** | Одржување ред и безбедност во училиштето | Ученици и вработени | Секојдневно,во текот на наставна година | Дежурни наставници | Помошник директор изработува распоред по утврдување на распоредот нса часови, објавува на огласна табла, месечно |
| **Надзор во ходници, училници, санитарни јазли и училишен двор** | Обезбедување безбедна средина и спречување на несоодветно однесување | Ученици | Пред, за време и по наставата, особено за време на одморите | Дежурни наставници, стручни соработници и технички персонал | Посебен акцент на големите одмори и критичните места |
| **Присуство на стручен соработник во смена** | Навремено реагирање и поддршка при проблеми во однесувањето и конфликти | Ученици | Во текот на наставата | Стручни соработници | Согласно организацијата на работата во училиштето |
| **Вклучување на Ученичкиот совет во активности за подобрување на дисциплината и решавање конфликтни ситуации** | Поттикнување на активно учество и одговорност кај учениците и придонес кон позитивна и безбедна училишна средина | Ученици | Во текот на учебната година, согласно потребите | Ученички совет, наставници и стручна служба | Активностите се реализираат согласно Програмата за работа на Ученичкиот парламент; учениците се вклучуваат во активности за превенција на несоодветно и насилно однесување и во решавање на проблем |
| **Водење писмена** | Следење на настаните, | Ученици | Континуирано | Дежурни наставници, | Се евидентираат тековните |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **евиденција за дисциплински нарушувања и интервенции** | преземените активности и мерки | | | класни раководители, стручна служба | збиднувања и преземените интервенции |
| **Решавање конфликти преку разговор, советување и вклучување на стручната служба** | Разрешување конфликти и развивање позитивни модели на однесување | Ученици | По потреба, во текот на целата година | Класни раководители, стручна служба, наставници | По потреба се вклучуваат ученички претставници и родители |
| **Примена на соодветни педагошки мерки при нарушување на редот и дисциплината** | Воспитно делување и спречување повторување на несоодветно однесување и воспитно делување | Ученици | По потреба | Класен раководител, стручна служба, директор | Согласно законските и интерните акти на училиштето |
| **Соработка и средби со родители при сериозни дисциплински прашања** | Заедничко делување на училиштето и семејството во интерес на ученикот | Ученици и родители | По потреба | Класни раководители, стручна служба, директор | Родителите се вклучуваат во решавањето на посериозни проблеми |
| **Активности за превенција на насилно однесување** | Развивање безбедна и ненасилна училишна средина | Ученици, наставници и родители | Во текот на учебната година | Тим/тимови за превенција, стручна служба, наставници | Активностите се реализираат и преку програмите на Ученичкиот парламент и Советот на родители |
| **Дежурство и ангажирање на техничкиот персонал** | Контрола и одржување на редот во ходниците, санитарните јазли и училишниот двор | Ученици | Секојдневно | Технички персонал | Согласно распоредот и организацијата на работат |
| **Следење на состојбата и преземање мерки за подобрување на дисциплината** | Континуирано унапредување на дисциплината и безбедноста во училиштето | Сите субјекти | континуирано | Раководен кадар | При утврдени потреби се преземаат дополнителни превентивни и воспитни активности |

## *19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Во уредувањето и одржувањето на просторот во училиштето и училишниот двор ќе учествуваат сите субјекти. Секој наставник во својот кабинет или училница ќе го уредува просторот согласно потребите и наставните содржини, ќе се грижи за наставните средства и за функционалноста на просторот.

За естетското уредување на заедничките простории и училишниот простор ќе се грижи Тимот за естетско уредување, составен од наставник по ликовно образование и претседателите на активите. Во активностите ќе се вклучуваат и Ученичкиот совет, секцијата за естетско уредување и Еколошката секција, согласно своите активности.

Во училиштето ќе бидат изложени ученички изработки, дипломи, благодарници и сертификати доделени на училиштето, со што ќе се поттикнува креативноста на учениците, ќе се презентираат нивните постигања и ќе се создава чувство на припадност кон училиштето.

Посебно уредување на просторот ќе се реализира пред Патронатот и Отворениот ден. Во текот на учебната година ќе се посвети внимание и на уредувањето на ѕидот пред просторијата за состаноци на учениците, со вклучување на учениците и наставниците во изборот и реализацијата на содржините.

Еколошката секција во текот на месец март ќе реализира активности за разубавување на училишниот двор преку садење цвеќиња и грижа за зеленилото.

При уредувањето на просторот ќе се води сметка за создавање пријатна, функционална и поттикнувачка средина за учење и работа, за почитување на мултикултурните вредности, меѓуетничката интеграција и недискриминацијата.

Во реализацијата на активностите, согласно можностите и потребите, ќе се вклучуваат наставниците, учениците, родителите и техничкиот персонал.

| Активност/мерка | Цел/намена | Целна група | Временска рамка | Одговорно лице/тим | Белешки/дополнителни насоки |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уредување и одржување на училниците и кабинетите** | Создавање пријатен и функционален простор за учење и реализација на наставата | Ученици, наставници, | Во текот на целата учебна година | Наставници кои реализираат настава во училниците и кабинетите | Постојни наставни средства и материјали согласно потребите |
| **Естетско уредување на заедничките простории и ходници** | Подобрување на изгледот на училиштето и создавање пријатна училишна средина | Ученици и вработени | Во текот на целата учебна година | Тим за естетско уредување, наставници, ученици и Ученички совет | Материјали за уредување, ученички изработки, паноа и рамки |
| **Изложување ученички изработки, дипломи, благодарници и сертификати** | Поттикнување на креативноста и истакнување на постигањата на учениците и училиштето | Ученици, вработени, родители и посетители | Во текот на учебната година | Тим за естетско уредување и наставници | Ученички изработки, дипломи, благодарници, сертификати, рамки и паноа |
| **Уредување на ѕидот пред просторијата за ученички совет** | Тим за естетско уредување, наставници, ученици и технички персонал | Ученици | Пред, за време и по наставата, особено за време на одморите | Дежурни наставници, стручни соработници и технички персонал | Материјали за уредување и ученички изработки |
| **Садење цвеќиња, дрвја и одржување на зеленило во училишниот двор** | Разубавување на дворот и развивање грижа за животната средина | Ученици | Март и во текот на годината | Еколошка секција, наставници, ученици и хигиеничари | Цвеќиња/садници, вода и материјали за од |
| **Почитување на мултикултурните вредности при естетското уредување** | Поттикнување почитување на различностите, мултикултурноста и меѓуетничката интеграција содржините | Ученици | Во текот на учебната година, согласно потребите | Ученички совет, наставници и стручна служба | Ученички изработки, тематски и информативни материјали |

## *19.3 Етички кодекс*

Училиштето има изработено и донесено Кодекс на однесување во кој се утврдени принципите и правилата на однесување на учениците, наставниците, родителите и останатите вработени во училиштето. Во училиштето се применуваат и Куќен ред и Еко кодекс, со кои се уредуваат правилата за однесување и работење во училиштето, како и одговорниот однос кон хигиената, уредноста и животната средина.

Кодексот на однесување, Куќниот ред и Еко кодексот се достапни и истакнати на видно место во училиштето, во училниците и ходниците. На почетокот на секоја учебна година, во рамките на одделенските часови, учениците се запознаваат и се потсетуваат на правилата содржани во Кодексот на однесување и Куќниот ред. Родителите се запознаваат со кодексите и правилата на родителските средби, а наставниците и останатите вработени преку соодветните форми на информирање и состаноци.

Во училиштето се поттикнува активно учество на учениците во создавањето позитивна училишна клима и во почитувањето на правилата. По запознавањето со Кодексот и Куќниот ред, учениците преку одделенските часови учествуваат во утврдување на правила за заедничка работа и однесување во паралелката. Договорените правила се истакнуваат во училницата и претставуваат насока за секојдневната работа и однесување. Учениците се поттикнуваат и преку креативни активности да ги претставуваат и промовираат правилата и вредностите на училиштето.

Сите структури во училиштето имаат право да дадат предлог за изменување и дополнување на кодексите. Предлозите се разгледуваат согласно утврдената постапка, со вклучување на претставници на учениците, родителите и вработените преку надлежните училишни тела. Кодексите се разгледуваат во септември и, доколку се согледа потреба, се предлагаат соодветни измени и дополнувања и се информираат сите засегнати страни.

Следењето на почитувањето на кодексите и правилата се врши преку секојдневното следење на однесувањето и работата во училиштето. При непочитување на правилата се постапува согласно Кодексот на однесување, Куќниот ред и другите важечки акти на училиштето.

| Документ / кодекс | Одговорен тим / лице | Начин на вклучување на засегнати страни | Планиран рок за ревизија | Начин на усвојување и објавување | Забелешки / Следење на примена |
|---|---|---|---|---|---|
| **Куќен ред на училиштето** | Надлежните училишни тела согласно нивните надлежности; одговорните лица за следење на примената на Куќниот ред | Учениците преку одделенски часови и Ученичкиот совет; родителите преку родителски средби и Советот на родители; наставниците и другите вработени преку Наставничкиот совет и други форми на состаноци | Септември, а по потреба и во текот на учебната година | Разгледување и усвојување согласно утврдената постапка; учениците, родителите и вработените се информираат и запознаваат со содржината | Следење на почитувањето на правилата за однесување, присуство, движење и престој во училиштето; постапување при прекршување согласно Куќниот ред и утврдените мерки |
| **Кодекс на однесување на ученици, наставници, родители и други вработени** | Надлежните училишни тела согласно нивните надлежности; предлози за измени и дополнувања може да дадат сите структури во училиштето | Учениците преку одделенски часови и Ученичкиот совет; родителите преку родителски средби и Советот на родители; наставниците и другите вработени преку Наставничкиот совет и други форми на состаноци | Септември, а по потреба и во текот на учебната година | Разгледување и усвојување согласно утврдената постапка; по измените, учениците, родителите и вработените се информираат и запознаваат со содржината | Следење на почитувањето преку секојдневното однесување и постапување при прекршување согласно Кодексот, правилата и утврдените мерки |
| **Кодекс на облекување** | Надлежните училишни тела согласно нивните надлежности | Учениците преку одделенски часови и Ученичкиот совет; родителите преку родителски средби и Советот на родители; наставниците и другите вработени преку Наставничкиот совет | Септември, а по потреба и во текот на учебната година | Разгледување и усвојување согласно утврдената постапка; учениците, родителите и вработените се информираат за правилата | Следење на примената на правилата за соодветно и пристојно облекување во училиштето |
| **Еко кодекс** | Одговорни лица/тим согласно организацијата на училиштето | Ученици, наставници и други вработени; предлози и иницијативи преку ученичките и училишните структури | Септември, а по потреба и во текот на учебната година | Разгледување и усвојување согласно утврдената постапка; поставување на видно место и запознавање на учениците и вработените | Следење преку примената на правилата поврзани со хигиената, уредноста и одговорниот однос кон училишната средина |

## *19.4 Однос меѓу структурите во училиштето*

Училиштето води политика на заемно почитување, рамноправен третман, добра комуникација и соработка меѓу сите структури кои учествуваат во училишниот живот. Со цел одржување и унапредување на меѓучовечките односи, директорот и стручните соработници организираат индивидуални средби и разговори со вработените, учениците и родителите, на кои се разгледуваат нивните потреби, проблеми, предлози и можности за подобрување на состојбите во училиштето.

Во училиштето се поттикнуваат формални и неформални средби, заеднички состаноци, работилници, дебати, предавања и други активности насочени кон подобрување на комуникацијата, меѓусебната доверба и соработката. Се организираат и заеднички активности на учениците и вработените, како што се одбележување на Патронен празник, Отворен ден, значајни денови, свечености, посети и други активности согласно потребите и можностите на училиштето.

За следење на нивото на комуникацијата и соработката меѓу сите структури во училиштето се формира Тим за градење на односи меѓу структурите во училиштето. Тимот ги следи односите и комуникацијата, ги идентификува слабостите и потребите и предлага активности за подобрување на состојбите во критичните сфери. По потреба, тимот учествува и во посредување при разрешување на одредени проблеми и недоразбирања.

Тимот ќе биде определен со одлука на директорот на **31 август**, согласно барањата за состав и претставеност на различните структури во училиштето.

Училиштето води политика на заемно почитување, рамноправен третман, доверба, добра комуникација и соработка меѓу сите структури кои учествуваат во училишниот живот. Директорот, помошник-директорот и стручните соработници преку различни форми на комуникација и соработка ги следат потребите на учениците, родителите и вработените и преземаат активности за подобрување на односите и училишната клима.

Во текот на учебната година се организираат работилници и средби насочени кон унапредување на комуникацијата и меѓусебните односи. Во оваа учебна година посебно внимание ќе се посвети на комуникациските стилови и асертивната комуникација, како основа за конструктивно изразување на потребите, мислењата и чувствата и за навремено и ненасилно разрешување на недоразбирањата. Во реализацијата на дел од активностите ќе бидат вклучени и обучените ученици медијатори.

Ученичкиот совет и Советот на родители можат да иницираат и да побараат средби со наставници и стручни соработници, со цел разгледување на прашања, потреби и предлози од интерес на учениците и родителите.

Училишниот одбор, согласно своите надлежности, разгледува приговори и други прашања доставени од вработените.

За унапредување на односите и создавање позитивна училишна клима се реализираат и заеднички активности и дружења на учениците и вработените, како што се одбележување на Патронатот, Новата година, матурската прослава и излети.

За систематско следење на односите и комуникацијата меѓу сите структури во училиштето се формира Тим за градење на односи меѓу структурите. Тимот ќе ги идентификува евентуалните слабости и потреби во односите меѓу различните структури и ќе предлага активности за нивно надминување и унапредување на соработката. Тимот ќе биде определен со одлука на директорот на 31 август.

| **Структури кои се вклучуваат** | Идентификувани комуникациски предизвици | Планирани активности | Време на реализација | Одговорни лица | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| **Наставници, стручни соработници, ученици, родители, административен и технички персонал** | Потреба од континуирано унапредување на комуникацијата, меѓусебното разбирање и конструктивното разрешување на недоразбирањата | Работилници за комуникациски стилови и асертивна комуникација; вклучување на обучени ученици медијатори во работилници и активности | Во текот на учебната година | Помошник-директор, стручни соработници, обучени ученици медијатори | Подобрени комуникациски вештини, поголема меѓусебна доверба и конструктивно разрешување на недоразбирањата |
| **Ученици, наставници, стручни соработници и родители** | Потреба од отворена комуникација и навремено разгледување на прашања и потреби | Индивидуални и групни средби; можност Ученичкиот совет и Советот на родители да иницираат средби со наставници и стручни соработници | Во текот на учебната година, по потреба | Директор, помошник-директор, стручни соработници | Навремено согледување на потребите, поголема доверба и подобра соработка |
| **Ученици и вработени** | Потреба од јакнење на припадноста, меѓусебното запознавање и позитивната училишна клима | Заедничко одбележување на Патронат, Нова година и матурска прослава, како и реализација на два излета | Согласно календарот на активности | Директор, помошник-директор, наставници и стручни соработници | Подобрени меѓусебни односи, чувство на припадност и позитивна училишна атмосфера |
| **Вработени** | Потреба од навремено разгледување и разрешување на прашања и приговори | Разгледување на приговори и прашања од вработените согласно надлежностите на Училишниот одбор | По потреба | Училишен одбор | Навремено разгледување на прашањата и подобрување на довербата во институционалните механизми |

# 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## *20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Училиштето континуирано ги следи и утврдува потребите за професионален развој на воспитно-образовниот кадар, со цел унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

Потребите и приоритетите за професионален развој ќе се утврдуваат врз основа на:

- резултатите од самоевалуацијата на училиштето;
- наодите и препораките од надворешни евалуации, посети и стручни надзори, доколку постојат;
- согледувањата на директорот и стручната служба;
- индивидуалните потреби и интереси на наставниците и стручните соработници;
- потребите утврдени во рамките на стручните активи;
- потребите поврзани со воведување нови наставни програми, образовни профили, методи и дигитални алатки;
- други потреби утврдени во текот на учебната година.

Стручната служба ќе спроведе анкета меѓу наставниците и стручните соработници за утврдување на потребите и приоритетите за професионален развој. Резултатите од анкетата ќе се анализираат и ќе послужат како основа за изработка на Планот за професионален развој.

Во текот на учебната година стручната служба ќе спроведе анкета меѓу наставниците и стручните соработници со цел да се идентификуваат индивидуалните и тимските потреби за професионално усовршување и да се утврдат приоритетните области.

Врз основа на добиените податоци ќе се изработи план за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар.

Во рамките на стручните активи ќе се разгледуваат потребите за стручно усовршување и ќе се предлагаат активности согласно потребите на наставниците и приоритетите на училиштето.

Училиштето ќе обезбедува навремено информирање на воспитно-образовниот кадар за можностите за учество на обуки, семинари, работилници и други форми на професионално усовршување организирани од релевантни институции.

Ќе се води евиденција за реализираните активности за професионален развој, а на крајот на учебната година ќе се изврши анализа на реализацијата и утврдените потреби за наредниот период.

Во реализацијата на професионалниот развој ќе учествуваат тимот за професионален и кариерен развој, стручната служба, стручните активи и раководството на училиштето.

Тимот за професионален и кариерен развој ќе го следи остварувањето на планираните активности и ќе подготвува годишен и полугодишен извештај за реализацијата.

Училиштето ќе овозможува навремено информирање на наставниците и стручните соработници за можностите за професионално усовршување и учество на обуки организирани од БРО, ЦСОО и други релевантни институции и организации, согласно потребите и можностите.

Наставниците и стручните соработници ќе имаат можност стекнатите знаења и искуства од посетени обуки, семинари и други форми на професионално усовршување да ги споделуваат со колегите преку дисеминација, стручни активи, интерни обуки и размена на добри практики.

За наставниците-приправници ќе се обезбедува менторска поддршка согласно потребите и важечките прописи.

Наставниците ќе изработуваат и реализираат планови за личен и професионален развој, во согласност со идентификуваните потреби и приоритети.

| Извор на потреба | Идентификувана потреба/приоритет | Целна група | Коментар/Забелешка |
|---|---|---|---|
| **Самоевалуација на училиштето** | Унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа согласно утврдените потреби | Наставници и стручни соработници | Согласно резултатите од самоевалуацијата |
| **Резултати од анкета на наставници и стручни соработници** | Потреби за дополнителни обуки и професионално усовршување | Наставници и стручни соработници | Потребите ќе се утврдат по спроведената анкета |
| **Следење на воспитно-образовниот процес од стручната служба** | Унапредување на педагошките и методичките компетенции | Наставници | Согласно согледаните потреби |
| **Потреби поврзани со примена на дигитални алатки** | Унапредување на дигиталните компетенции и примена на дигитални алатки во наставата | Наставници | Обуки согласно интересот и утврдените потреби |
| **Потреби поврзани со инклузивна настава** | Унапредување на компетенциите за работа со ученици со различни образовни потреби | Наставници и стручни соработници | Согласно потребите на училиштето |
| **Превенција и справување со врсничко насилство** | Унапредување на компетенциите за превенција, препознавање и соодветно постапување | Наставници и стручни соработници | Согласно потребите и програмите на училиштето |
| **Воведување/реализација на нови образовни профили** | Стекнување и унапредување на стручни и методички компетенции за реализација на нови образовни профили | Наставници од соодветните струки | Обуки и стручна поддршка согласно потребите |
| **Потреби на наставниците-почетници** | Поддршка и развој на професионалните компетенции на наставниците-приправници | Наставници-приправници | Обезбедување менторска поддршка |
| **Понуди и препораки од БРО и ЦСОО** | Учество на обуки и други форми на професионално усовршување | Наставници и стручни соработници | Согласно достапните обуки и приоритетите на училиштето |
| **Стручни активи** | Размена на искуства, примери од добра практика и интерно професионално учење | Наставници | Реализација во рамките на стручните активи |
| **Посетени обуки и семинари** | Дисеминација и пренесување на стекнатите знаења и искуства | Наставници и стручни соработници | Преку презентации, работилници и размена на искуства |

## *20.2 Активности за професионален развој*

Врз основа на утврдените потреби и приоритети, училиштето ќе планира и реализира различни форми на професионален развој на наставниците и стручните соработници.

Во текот на учебната година ќе се реализираат:

- обуки, семинари и вебинари организирани од акредитирани институции;
- интерни обуки и работилници;
- отворени часови;
- размена на искуства и добри практики;
- активности за дисеминација на стекнатите знаења;
- други форми на професионално усовршување согласно потребите на училиштето.

Понудите за обуки и други форми на стручно усовршување ќе бидат навремено доставувани до наставниците и стручните соработници за кои се наменети. Согласно можностите и потребите, ќе се овозможи нивно учество.

По завршување на обуките, учесниците ќе спроведат дисеминација на стекнатите знаења и искуства пред колегите, преку стручните активи, работилници, презентации или други соодветни форми.

Реализацијата на активностите ќе се следи преку извештаи, евиденција за учество, продукти од активностите и други соодветни начини на евалуација.

Врз основа на идентификуваните потреби и приоритети за професионален развој, училиштето ќе планира и реализира различни форми на професионално усовршување на наставниците и стручните соработници.

Потребите за професионален развој ќе се разгледуваат на почетокот на учебната година во рамките на стручните активи и врз основа на спроведената анкета, резултатите од самоевалуацијата и достапните понуди за обуки и други форми на професионално усовршување. Конкретните активности за професионален развој ќе се утврдат врз основа на резултатите од анкетата за потребите на наставниците и стручните соработници, предлозите на стручните активи и понудите за обуки и други форми на професионално усовршување во текот на учебната година. Поради тоа, табелите ќе се дополнуваат по утврдување на конкретните активности, носители и периоди на реализација.

| Активност | Цел | Носител/Предавач | Време | Учесници | Оценка/Евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| Обуки и семинари организирани од акредитирани институции | Унапредување на професионалните компетенции согласно утврдените потреби | Акредитирани институции/обучувачи | Во текот на учебната година | Наставници и стручни соработници | Потврда/сертификат, извештај и примена на стекнатите знаења |
| Работилници во рамките на стручните активи | Унапредување на методичките и педагошките компетенции | Наставници/стручни соработници | Во текот на учебната година | Наставници | Евалуација од учесниците и следење на примената |
| Отворени часови | Размена на добри практики и унапредување на наставата | Наставници | Во текот на учебната година | Наставници од соодветните активи | Дискусија, повратна информација и заклучоци |
| Размена на искуства и добри практики | Споделување на знаења и искуства меѓу наставниците | Стручни активи | Континуирано | Наставници | Повратна информација и извештај од активот |
| Дисеминација по посетени обуки и семинари | Пренесување на стекнатите знаења и искуства на колегите | Наставници и стручни соработници кои посетиле обука | По реализирана обука | Наставници и стручни соработници | Извештај/материјали од дисеминацијата |
| Вебинари и онлајн обуки | Континуирано професионално усовршување | Организатор на обуката | Во текот на учебната година | Наставници и стручни соработници | Евалуација согласно организаторот и извештај |
| Интерни обуки согласно утврдените потреби | Унапредување на конкретни компетенции и практики во училиштето | Стручна служба/наставници | Во текот на учебната година | Наставници и стручни соработници | Анкета/повратна информација и следење на примената |

## *20.3 Личен професионален развој*

Секој наставник и стручен соработник изработува личен годишен план за професионален развој, во согласност со своите професионални потреби, интереси и области за унапредување.

Личниот план за професионален развој се темели на резултатите од самоевалуацијата и самопроценката на професионалните компетенции, резултатите од евалуацијата од страна на директорот, наодите и препораките од советници и други релевантни согледувања.

Во планирањето и реализацијата на личниот професионален развој наставниците и стручните соработници можат да користат различни извори и форми на учење: стручни активи, работилници, отворени часови, обуки, семинари, вебинари, стручна литература, размена на искуства и примери на добри практики, како и други форми на професионално усовршување во и надвор од училиштето.

Личниот план за професионален развој ќе ги содржи следните елементи:

| Цел за личен развој | Активности | Извори за учење | Очекуван резултат |
|---|---|---|---|
| Унапредување на професионалните и методичките компетенции | Учество на стручни активи, работилници, отворени часови и обуки | Стручни активи, обуки, стручна литература и примери на добра практика | Примена на стекнатите знаења и унапредување на наставната практика |
| Унапредување на дигиталните компетенции | Учество на обуки и примена на дигитални алатки во наставата | Обуки, вебинари, дигитални ресурси и размена на искуства | Поефикасна примена на дигитални алатки во наставата |
| Унапредување на компетенциите согласно потребите на учениците | Работилници, стручни средби и размена на искуства | Стручна служба, стручни активи, обуки и стручна литература | Подобрување на пристапот и поддршката на учениците |
| Развој на стручните компетенции во областа на предметот/струката | Учество на стручни обуки, семинари и други форми на усовршување | Акредитирани обуки, стручна литература и професионални ресурси | Ажурирање и примена на стручните знаења во наставата |

Наведените цели и активности се примерни и ќе се конкретизираат во личниот план на секој наставник и стручен соработник согласно индивидуалните потреби и приоритети.

Наставниците и стручните соработници ќе ги применуваат стекнатите знаења и вештини во својата воспитно-образовна работа и ќе придонесуваат кон унапредување на квалитетот на работата на училиштето.

Реализацијата на личниот професионален развој ќе се следи преку професионалното досие и портфолио, како и преку годишниот извештај за професионален развој.

## *20.4 Хоризонтално учење*

Хоризонталното учење ќе се реализира преку размена на знаења, искуства и добри практики меѓу наставниците и стручните соработници во училиштето.

Стручните активи ќе планираат активности за хоризонтално учење согласно утврдените потреби и приоритети за професионален развој. Активностите можат да опфаќаат дисеминации по посетени обуки, интерни презентации и работилници, отворени часови, стручни дискусии, размена на материјали и примери на добра практика, како и други форми на меѓусебно учење. Наставниците и училишните координатори кои ќе посетат обуки, семинари или други форми на професионално усовршување ќе реализираат дисеминација на стекнатите знаења и искуства, согласно потребите и можностите на училиштето.

| Активност | Носител | Време | Очекуван исход | Следење/Критериуми |
|---|---|---|---|---|
| **Дисеминација по посетена обука или семинар** | Наставник/стручен соработник кој ја посетил обуката | Во текот на учебната година | Споделување и пренесување на стекнатите знаења и искуства | Краток извештај, материјали од дисеминацијата и повратна информација |
| **Интерни презентации и работилници** | Наставници и стручни соработници | Согласно плановите на стручните активи | Размена на знаења и унапредување на наставната практика | Реализирана активност и извештај |
| **Отворени часови** | Наставници | Во текот на учебната година | Размена на добри практики и унапредување на наставата | Набљудување, дискусија и повратна информација |
| **Стручни дискусии и размена на искуства во рамките на стручните активи** | Координатори на стручните активи | Континуирано | Заедничко согледување на предизвиците и изнаоѓање начини за унапредување на работата | Записник/извештај од стручниот актив |
| **Споделување наставни материјали и примери на добра практика** | Наставници | Во текот на учебната година | Зголемена достапност на корисни ресурси и примери за наставната работа | Споделени материјали и повратна информација |
| **Размена на искуства меѓу наставници од различни стручни активи** | Координатори на стручни активи/стручна служба | Согласно потребите | Поврзување на различни искуства и пристапи во воспитно-образовната работа | Краток извештај и заклучоци |

За активностите за хоризонтално учење стручните активи ќе изработуваат соодветни акциски планови, а реализацијата ќе се следи преку извештаи, записници, материјали од реализираните активности, повратни информации и други докази за реализација.

Преку хоризонталното учење се очекува подобрување на професионалните компетенции на наставниците, поголема размена на добри практики и примена на стекнатите знаења во наставата.

## *20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Училиштето обезбедува поддршка за професионалниот и кариерниот развој на воспитно-образовниот кадар во согласност со законските и подзаконските прописи, како и со потребите на наставниците и стручните соработници.

Поддршката за кариерен развој опфаќа:

- воведување и поддршка на наставниците и стручните соработници-приправници во работата на училиштето;
- обезбедување менторска поддршка за приправниците;
- изработка и реализација на програма за работа на менторот со приправникот;
- следење и вреднување на работата на приправникот од страна на менторот, директорот и стручните органи согласно законските прописи;
- поддршка при подготовка и полагање на стручен испит;
- поттикнување на наставниците и стручните соработници за континуирано професионално усовршување и стекнување нови компетенции;
- учество во обуки, семинари, работилници, конференции и други форми на професионален развој;
- споделување на стекнатите знаења и искуства преку дисеминации, отворени часови и работа на стручните активи;
- поттикнување на преземање дополнителни професионални задачи и одговорности во училиштето, согласно компетенциите и интересите на вработените;
- водење и ажурирање на професионалното досие и друга релевантна документација за професионалниот и кариерниот развој.

За наставниците и стручните соработници кои имаат статус на приправници, директорот и стручната служба обезбедуваат воведување во работата на училиштето и услови за реализација на менторската поддршка.

Менторот, согласно утврдените обврски, изработува програма за работа со приправникот, го следи неговиот професионален развој, обезбедува стручна и практична поддршка и подготвува соодветна документација и мислење за неговата работа.

Кариерниот и професионалниот развој на наставниците и стручните соработници се следи преку професионалното досие, педагошката документација и други релевантни евиденции.

Училиштето ќе ги информира вработените за можностите за професионално усовршување и кариерно напредување и, во рамките на своите можности, ќе обезбедува поддршка за нивно вклучување во соодветни активности.

**Носители:** директор, стручна служба, ментори, стручни активи и наставници/стручни соработници.

**Начин на следење:** професионално досие, извештаи, евиденција за учество во обуки и други форми на професионален развој, како и документација за менторската поддршка.

## *21.* СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

Континуираната и партнерска соработка со родителите/старателите претставува значаен дел од воспитно-образовниот процес. Училиштето ќе создава можности за навремено информирање, размена на мислења и искуства и активно учество на родителите/старателите во животот и работата на училиштето, во процесот на учење и во активности насочени кон поддршка на развојот и благосостојбата на учениците.

## ***21.1 Вклученоста на родителите/старателите во животот и работата на учениците***

Соработката со родителите/старателите ќе се реализира преку различни форми на комуникација и нивно активно учество во работата на училиштето. Родителите/старателите ќе бидат информирани за активностите и работата на училиштето и ќе имаат можност да споделуваат мислења, ставови, искуства и предлози. Посебно значајна улога во остварувањето на оваа соработка имаат Советот на родители и Училишниот одбор.

| **Активност** | **Одговорни лица** | **Временска рамка** | **Начин на реализација** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|
| Распоред за прием на родители/старатели | Директор, наставници, класни раководители | Септември и во текот на годината | Изготвување и објавување распоред за прием по наставник, ден и час; истакнување на распоредот на достапно место | Редовна и навремена комуникација со родителите/старателите |
| Родителски состаноци | Класни раководители, наставници, стручна служба | Во текот на годината | Групни родителски состаноци по тримесечје и по потреба | Подобра информираност и размена на информации |
| Индивидуални средби со родители/старатели | Наставници, класни раководители, стручна служба | Во текот на годината | Средби во определени термини, по иницијатива на родителот или по покана од училиштето | Навремено согледување и надминување на тешкотиите |
| Работа на Советот на родители | Совет на родители, директор, стручна служба | Во текот на годината | Состаноци и активности според Програмата за работа на Советот на родители | Активно учество на родителите во животот и работата на училиштето |
| Давање идеи, предлози и мислења | Совет на родители, родители/старатели | Во текот на годината | Дискусии, предлози, иницијативи и состаноци | Поголема партиципација на родителите/старателите |
| Учество во донесување одлуки | Совет на родители, Училишен одбор | Во текот на годината | Учество преку избрани претставници и давање мислења и предлози | Демократско учество и унапредување на работата на училиштето |

**Заклучок:**
Со планираните активности ќе се унапреди партнерскиот однос меѓу училиштето и семејството, ќе се овозможи навремена размена на информации и ќе се создадат услови за поголемо учество на родителите/старателите во креирањето и унапредувањето на училишниот живот

## *21.2 Вклученоста на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности*

Училиштето ќе ја поттикнува активната вклученост на родителите/старателите во поддршката на учењето, развојот и напредувањето на учениците. Во зависност од потребите на учениците и училиштето, родителите/старателите ќе се вклучуваат во различни форми на поддршка, професионална ориентација, обезбедување наставни материјали, реализација на наставни активности и воннаставни активности.

| **Активност** | **Одговорни лица** | **Временска рамка** | **Начин на реализација** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|
| Поддршка на ученици со попреченост/потешкотии | Родители/старатели, наставници, стручна служба | Во текот на годината | Индивидуална и тимска соработка | Подобра поддршка и напредување на учениците |
| Поддршка на надарени и талентирани ученици | Родители/старатели, наставници, стручна служба | Во текот на годината | Следење, поттикнување и вклучување во соодветни активности | Развивање на потенцијалите и способностите на учениците |
| Поддршка во професионалната ориентација | Стручна служба, наставници, родители/старатели | Според планот на училиштето | Средби, презентации и споделување професионални искуства | Подобра информираност и професионална ориентација на учениците |
| Вклучување на родители/старатели според професијата | Родители/старатели, наставници, стручна служба | По потреба | Гостински предавања, презентации и споделување професионални знаења и искуства | Збогатување на наставниот процес и поврзување на наставата со практичниот и професионалниот свет |
| Прибирање и обезбедување дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали | Родители/старатели, наставници, стручна служба | Во текот на годината | Соработка согласно потребите на наставата и учениците | Подобрени услови и ресурси за реализација на наставата |
| Вклучување на родители/старатели во реализација на наставни часови | Родители/старатели, наставници | По потреба | Предавања, презентации, практични примери и споделување искуства | Збогатување на наставата и зголемување на интересот на учениците |
| Поддршка на воннаставни активности | Родители/старатели, наставници, тимови | Во текот на годината | Натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и други активности | Поголема вклученост и мотивираност на учениците |
| Вклучување во училишни тимови и проекти | Родители/старатели, наставници, стручна | Во текот на годината | Соработка во тимови и проекти | Зајакната соработка и заедничка одговорност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | служба | | | |

**Заклучок:**
Вклучувањето на родителите/старателите во процесот на учење и во вонннаставните активности ќе придонесе за подобро поврзување на училиштето со семејството, за поголема поддршка на учениците и за создавање можности нивните знаења, способности, интереси и таленти да се развиваат во различни области

## *21.3 Едукација на родителите/старателите*

Училиштето ќе реализира активности за едукација и советување на родителите/старателите со цел да им се обезбедат информации, знаења и практични насоки за поддршка на развојот, учењето и благосостојбата на учениците. Темите и формите на едукација ќе се определуваат согласно потребите на учениците, родителите/старателите и училиштето.

Посебно внимание ќе се посвети на унапредување на комуникацијата и односите во педагошкиот триаголник – ученик, наставник и родител, преку реализација на две интерактивни работилници, една во првото и една во второто полугодие.

| Активност | Одговорни лица | Временска рамка | Начин на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| Едукативна работилница – медиумска писменост | Стручна служба, наставници | По план | Интерактивна работилница/предавање | Подобра информираност и поддршка на учениците |
| Едукативна работилница – ментално здравје на младите | Стручна служба | По план | Интерактивна работилница/предавање | Подобро разбирање на потребите на младите |
| Едукативна работилница – ненасилна комуникација и медијација | Стручна служба, наставници | По план | Интерактивна работилница | Подобрена комуникација и справување со конфликти |
| Едукативна работилница – меѓуетничка интеграција во образованието | Стручна служба, наставници | По план | Интерактивна работилница/предавање | Поттикнување почитување, толеранција и соработка |
| Работилница „Промена на комуникациските стилови за подобрување на односите во педагошкиот триаголник – ученик, | Помошник директор | Ноември – прво полугодие; март – второ полугодие | Интерактивна работилница со родители/старатели | Подобрена комуникација и меѓусебна соработка меѓу ученикот, наставникот и родителот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| наставник, родител“ | | | | |
| Советување на родители/старатели | Психолог/педагог | Континуирано | Индивидуално и групно советување | Подобрување на родителските вештини и поддршката на учениците |
| Информирање на родителите/старателите за едукативните активности | Стручна служба, наставници, класни раководители | Во текот на годината | Огласна табла, веб-страница, електронска пошта и други достапни начини на информирање | Навремена информираност и поголема вклученост на родителите |

За реализација на активностите ќе се обезбедат потребните ресурси и финансиски средства согласно Годишниот финансиски план на училиштето.

**Заклучок:**
Преку планираните форми на едукација и советување ќе се придонесе кон зајакнување на компетенциите на родителите/старателите, подобрување на комуникацијата со учениците и училиштето и создавање услови за поуспешен развој, учење и социјализација на учениците. Посебно значење ќе има унапредувањето на комуникацијата во педагошкиот триаголник ученик–наставник–родител, како основа за градење позитивни односи и успешна соработка.

# 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето планира континуирана и стратешка комуникација со јавноста со цел навремено информирање за својата работа, образовните профили, активностите и постигнувањата на учениците и градење позитивен имиџ на училиштето во локалната и пошироката заедница.

Промоцијата ќе се реализира преку соработка со основни и средни училишта, локалната самоуправа, институции од областа на образованието, културата, здравството и спортот, невладини организации, бизнис-заедницата и медиумите.

**Соработка со училишта и локалната заедница**

Ќе продолжи соработката со основните и средните училишта преку размена на искуства, заеднички проекти, работилници, натпревари, конкурси и други активности. Посебно внимание ќе се посвети на навремена промоција на образовните профили пред учениците од основните училишта.

| Активност | Носители | Време | Начин на реализација | Исход |
|---|---|---|---|---|
| Промоција на училиштето и образовните профили | Тим за промоција, наставници, ученици | Мај – јуни | Презентации пред деветоделенци, видеа, флаери и други промотивни материјали | Подобра информираност и афирмација на стручното образование |
| Отворен ден | Тим за промоција, наставници, ученици | Според план | Штандови, презентации, демонстрации и изложба на ученички изработки | Зголемена видливост на училиштето |
| Соработка со основни и средни училишта | Наставници, стручна служба, ученици | Во текот на годината | Проекти, работилници, натпревари, конкурси и размена на искуства | Зајакната меѓуучилишна соработка |

**Соработка со институции, организации и здруженија**

Училиштето ќе продолжи со соработката со институциите од областа на образованието, културата, здравството и спортот, локалната самоуправа, невладините организации и здруженијата, преку активности од заеднички интерес.

| Активност | Носители | Време | Начин на реализација | Исход |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со институции и организации | Директор, наставници, стручна служба | Во текот на годината | Проекти, предавања, работилници, натпревари, културни, спортски и хуманитарни активности | Поголема отвореност на училиштето кон заедницата |
| Инклузивни и | Наставници, | Во текот | Работилници, | Поттикнување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| општествено одговорни активности | ученици, стручна служба | на годината | хуманитарни активности, културни и други јавни настани | инклузија, емпатија и општествена одговорност |
| Соработка со културни и спортски организации | Наставници, ученици | Во текот на годината | Учество на манифестации, натпревари, изложби и други настани | Афирмација на ученичките способности и училиштето |

**Соработка со бизнис-заедницата и работодавачите**

Училиштето ќе продолжи со соработката со бизнис-заедницата и работодавачите во согласност со планираните активности за практична настава, учење преку работа кај работодавач и феријална практика. Соработката ќе придонесе и за промоција на стручното образование, образовните профили и практичните компетенции на учениците.

| Активност | Носители | Време | Начин на реализација | Исход |
|---|---|---|---|---|
| Промоција на образовните профили преку соработка со работодавачите | Директор, наставници, тим за промоција | Во текот на годината | Посети, презентации, гостински предавања и јавни настани | Подобра информираност за можностите на стручното образование |
| Презентација на ученички знаења и вештини | Наставници, ученици, работодавачи | Во текот на годината | Демонстрации, презентации, саеми и отворен ден | Афирмација на практичните компетенции на учениците |

Списокот на работодавачи со кои училиштето соработува е прикажан во соодветната табела во Годишната програма.

**Комуникација со медиумите и јавноста**

Училиштето ќе продолжи со редовно информирање на јавноста преку локалните медиуми и сопствените дигитални канали. Ќе се користат веб-страницата на училиштето, Facebook и Instagram, електронска пошта и промотивни материјали.

| Активност | Носители | Време | Начин на реализација | Исход |
|---|---|---|---|---|
| Медиумска промоција на училиштето | Директор, тим за промоција | Во текот на годината | Соопштенија, гостувања и учество во информативни и образовни емисии | Поголема информираност на јавноста |
| Дигитална промоција | Тим за промоција | Континуирано | Објавување активности, успеси, фотографии и видеа | Поголема дигитална видливост |
| Промотивни материјали | Тим за промоција, наставници | По потреба | Брошури, флаери, постери, видеа и друг | Подобра промоција на училиштето и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | информативен материјал | образовните профили |
| Учество на јавни настани, саеми, натпревари и манифестации | Наставници, ученици, тим за промоција | Во текот на годината | Презентации, изложби, демонстрации и учество на настани | Афирмација на училиштето и ученичките постигнувања |

**Заклучок:**
Планираните активности ќе придонесат кон поголема видливост и позитивна афирмација на училиштето, подобра информираност на јавноста за образовните можности и постигнувањата на учениците и зајакнување на соработката со училиштата, институциите, организациите, работодавачите и локалната заедница.

## 23. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

Следењето на имплементацијата на Годишната програма за работа ќе се реализира континуирано во текот на учебната 2026/2027 година, со цел да се обезбеди навремена, ефикасна и квалитетна реализација на планираните активности. Преку процесот на следење ќе се утврдува степенот на реализација на активностите, почитувањето на утврдените рокови, исполнувањето на поставените задачи и навременото идентификување на евентуалните отстапувања, со цел преземање соодветни мерки за нивно надминување.

Следењето ќе го спроведуваат директорот, стручната служба, раководителите на стручните активи, координаторите на тимовите, класните раководители и носителите на активностите, секој во рамките на своите надлежности. Мониторингот ќе се реализира преку увид во педагошката документација, непосредно следење на воспитно-образовниот процес, анализа на извештаи, состаноци на стручните органи, разговори со наставници и ученици, како и преку други инструменти за следење.

Во текот на учебната година редовно ќе се следи реализацијата на наставните планови и програми, практичната обука, постигањата на учениците, професионалниот развој на наставниците, реализацијата на вонваставните активности, проектите, соработката со родителите, локалната заедница и деловните партнери, како и реализацијата на останатите активности предвидени со Годишната програма.

Доколку при следењето се утврдат отстапувања од планираните активности, ќе се преземаат навремени корективни мерки, а по потреба ќе се вршат дополнувања и измени на Годишната програма преку анекс, во согласност со законските прописи и реалните потреби на училиштето.

За резултатите од следењето редовно ќе бидат информирани директорот, Наставничкиот совет, Училишниот одбор, Советот на родители и другите релевантни субјекти, со цел обезбедување транспарентност, континуирано подобрување на квалитетот на работата и успешно реализирање на Годишната програма.

| **Тип на училиште** | **Приоритетни подрачја за следење** | **Метод за следење** | **Одговорен тим** | **Периодичност** | **Алатки за следење** | **Очекувани резултати** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Средно стручно училиште | Реализација на наставните планови и програми | Увид во педагошка документација, следење на наставата, анализа на извештаи | Директор, стручна служба, стручни активи | Континуирано | Дневници, записници, извештаи, контролни листи | Навремена реализација на наставата | Наставнички совет, Училишен одбор |
| Средно стручно училиште | Практична обука | Посети, увид во документација, разговори со ментори и ученици | Координатор за практична обука, директор, стручна служба | Континуирано | Евидентни листови, извештаи, анкети | Квалитетна реализација на практичната обука | Наставнички совет, Училишен одбор |
| Средно стручно училиште | Постигања и редовност на учениците | Анализа на успехот и изостаноците | Класни раководители, стручна служба | Месечно | Е-дневник, педагошка евиденција | Подобрување на успехот и редовноста | Наставнички совет, Совет на родители |
| Средно стручно училиште | Професионален развој на наставниците | Следење на реализацијата на обуките и дисеминациите | Директор, стручна служба | Полугодишно | Извештаи, сертификати | Унапредување на професионалните компетенции | Наставнички совет, Училишен одбор |
| Средно стручно училиште | Реализација на проекти и вонннаставни активности | Анализа на извештаи, набљудување, состаноци | Тим за ГПР, директор | Тримесечно | Обрасци за мониторинг, извештаи, анкети | Навремена и успешна реализација на активностите | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор |

## 24. ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИУШТЕТО

Евалуацијата на Годишната програма за работа претставува процес на систематско собирање, анализа и процена на податоците за степенот на реализација на планираните активности и остварувањето на поставените цели. Нејзината цел е да се утврди успешноста на реализираните активности, да се согледаат постигнатите резултати, како и да се утврдат можностите за понатамошно унапредување на работата на училиштето.

Евалуацијата ќе ја спроведува Тим за евалуација составен од наставници, стручни соработници, претставници на учениците и родители, со координација од страна на директорот. Тимот ќе ги собира и анализира податоците за реализацијата на Годишната програма преку различни инструменти: извештаи од носители на активности, анкети, прашалници, интервјуа, записници од состаноци, анализа на педагошка документација и други релевантни извори.

Евалуацијата ќе се реализира двапати во текот на учебната година – по завршување на првото полугодие и по завршување на учебната година. При анализата ќе се споредуваат планираните и реализираните активности, ќе се утврдуваат постигнатите резултати, причините за евентуалните отстапувања и ќе се предлагаат мерки за подобрување.

Посебно внимание ќе се посвети на успешноста на воспитно-образовниот процес, постигањата на учениците, реализацијата на практичната обука, професионалниот развој на наставниот кадар, реализацијата на проектните и воннаставните активности, како и квалитетот на соработката со родителите, локалната заедница и деловните партнери.

Врз основа на спроведената евалуација, Тимот ќе подготви извештај со заклучоци и препораки за подобрување на работата на училиштето. Извештајот ќе биде разгледан од Наставничкиот совет и Училишниот одбор, а донесените заклучоци и препораки ќе бидат основа за планирање на идните активности и изработка на следната Годишна програма за работа.

| Приоритетни подрачја за евалуација | Метод за евалуација | Одговорен тим | Периодичност | Алатки за евалуација | Очекувани резултати | Кој треба да биде информиран за евалуацијата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реализација на наставните планови и програми и квалитет на наставниот процес** | Анализа на реализираните активности, споредба на планирани и остварени содржини, анализа на извештаи и педагошка документација | Тим за евалуација, директор, стручна служба, стручни активи | Полугодишно и на крајот на учебната година | Извештаи, записници, дневници, анализи | Утврден степен на реализација и предлог-мерки за подобрување | Наставнички совет, Училишен одбор |
| **Постигања на учениците и квалитет на стекнатите знаења и вештини** | Анализа на успехот, анкети за задоволство, разговори со ученици и наставници | Тим за евалуација, стручна служба, наставници | Полугодишно и годишно | Е-дневник, статистички анализи, анкети, прашалници | Подобрување на постигањата и идентификување области за унапредување | Наставнички совет, Совет на родители, ученици |
| **Реализација на практичната обука и соработката со деловната заедница** | Анализа на извештаи од практична обука, мислења од ученици и ментори од компании | Тим за евалуација, координатор за практична обука, директор | На крајот на секое полугодие | Извештаи, евалуациски листови, анкети | Проценка на стекнатите практични компетенции и подобрување на соработката со работодавачите | Наставнички совет, Училишен одбор, партнери од деловната заедница |
| **Професионален развој на наставниците и стручните соработници** | Анализа на реализирани обуки, примена на стекнати знаења во наставата | Директор, стручна служба, тим за професионален развој | Годишно | Планови и извештаи за професионален развој, сертификати | Унапредување на професионалните компетенции на вработените | Наставнички совет, Училишен одбор |
| **Реализација на проекти, вонналставни активности и ученички** | Анализа на ефектите од активностите, анкети, фокус групи со ученици и наставници | Тим за евалуација, координатори на активности | Годишно | Извештаи, анкети, портфолија, анализи | Проценка на влијанието врз развојот на учениците и училишната клима | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **иницијативи** | | | | | | |
| **Вкупна реализација на Годишната програма за работа** | Сумирање и анализа на сите податоци, споредба на планирани и реализирани активности | | | | | |

## 25. ЗАКЛУЧОК

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/2027 година претставува основен стратешки и оперативен документ кој ги дефинира целите, приоритетите и активностите за организирање и унапредување на воспитно-образовниот процес. Таа е изготвена во согласност со законската регулатива, Статутот на училиштето и важечките подзаконски акти, при што се земени предвид потребите на учениците, развојните приоритети на училиштето и современите трендови во средното стручно образование. Програмата претставува основа за планско, одговорно и квалитетно работење на сите субјекти во училиштето и обезбедува јасни насоки за реализација на воспитно-образовната дејност.

Како средно стручно училиште, нашата определба е да обезбедиме квалитетно образование кое ќе ги подготви учениците за успешно продолжување на образованието, како и за активно вклучување на пазарот на трудот. Посебен акцент се става на стекнување стручни компетенции, развивање практични вештини, примена на современи технологии во наставата и реализација на практична обука во соработка со компании, институции и локални партнери. Истовремено, училиштето ќе продолжи да ги поттикнува учениците да учествуваат на натпревари, проекти, саеми, обуки и други активности преку кои ќе ги развиваат своите знаења, способности и професионални компетенции.

Стратешките приоритети во учебната 2025/2026 година се насочени кон:

- ✓ подобрување на условите за работа и учење;
- ✓ унапредување на квалитетот на наставата;
- ✓ модернизација на наставните средства и опрема;
- ✓ развој на дигиталните компетенции, професионален развој на наставниот кадар;
- ✓ јакнење на соработката со стопанството и локалната самоуправа, како
- ✓ создавање безбедна, инклузивна и мотивирачка училишна средина.

Очекуваните резултати се повисоки постигања на учениците, поголема практична подготвеност, подобра вработливост и развивање одговорни, самостојни и компетентни млади луѓе.

Реализацијата на Годишната програма ќе се следи преку континуиран мониторинг, анализа и евалуација на планираните активности. Редовното следење на постигнатите резултати, самоевалуацијата, работата на стручните органи и анализата на квалитетот на наставата ќе овозможат навремено утврдување на постигнувањата и предизвиците, како и преземање соодветни мерки за понатамошно подобрување на воспитно-образовниот процес.

Училиштето е целосно подготвено за успешна имплементација на Годишната програма за работа и останува посветено на обезбедување квалитетно стручно образование, усогласено со потребите на учениците и барањата на современото општество и пазарот на трудот. Со заеднички ангажман на директорот, наставниците, стручните соработници, учениците, родителите и партнерските институции ќе се реализираат поставените цели и ќе се обезбеди континуиран развој на училиштето. Програмата ја потврдува определбата на училиштето за квалитет, иновативност, партнерство, транспарентност и постојано унапредување на воспитно-образовната работа.

## 26.КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕ

Директорот на училиштето формира Комисија за изготвување на годишната програма за работа на училиштето, го зеде во предвид бројот на паралелките во училиштето и јазиците на кои се изведува наставата, и бројот на секторите застапени во училиштето:

- Претседател: Драган Јаневски -директорот на училиштето,
- Жаклина Јанакиевска - помошник директорот на училиштето,
- Рагми Алиу - помошник директорот на училиштето,
- Елизабета Трајковска -социолог,
- Валдете Арифи-педагог
- Аделина Белули -наставник,
- Весна Ристовска- наставник
- Катерина Пешевска-наставник
- Андреј Насковски- ученик
- Герта Хебиби - ученик

Со Комисијата раководи директорот на училиште.

## 27.КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ДОКУМЕНТИ

- ✓ Закон за средно образование („Службен весник на РМ" бр.44/95) со сите последователни измени и дополнувања („Службен весник на РМ". 24/96,34/96,35/97,82/99,29/2002,40/2003,42/2003,67/2004,55/2005, 113/2005, 35/2006,30/2007,49/2007,81/2008 92/2008 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20 и 78/25)

- ✓ Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта
- ✓ Закон за работни односи
- ✓ Закон за јавни набавки
- ✓ Закон за организација и работа на органите на државната управа
- ✓ Закон за стручно образование и обука („Сл.весник на РМ" бр.71/08) со сите последователни измени и дополнувања Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2015, 145/2015 и 30/2016).
- ✓ Законот за образование на возрасни („Сл. весник на РМ", бр. 7/2008)
- ✓ Стратегија за образование 2018/2025
- ✓ Наставни планови и програми
- ✓ Статут за работа на ОСТУ„ Наце Буѓони" Куманово бр.03-251/1 од 31.05.2022
- ✓ Извештај за извршената самоевалуација (03-181 07.04.2022 година))
- ✓ Програма за развој на училиштето за 2021/2025 година (02-260/1 од 23.06.2022)
- ✓ Извештаи за работа на училиштето (Годишен извештај за учебната 2024/2025)
- ✓ Извештај од извршена интегрална евалуација
- ✓ Извештаите од посети на советници од Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образовани и обука и Државниот просветен инспекторат)
- ✓ Извештаи за финансиското работење на училиштето
- ✓ Записници, анализи,резултати и искуства од реализација на активностите од сите субјекти во училиштето (педагошко-психолошка служба, стручни активи, наставнички совет, совет на паралелката, совет на родители) и споредба со современите педагошки барања и трендови.

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО**

Во прилог на Годишната програма за работа на средното училиште се доставуваат годишните програми за работа на сите носители на активности, при што се прави прилагодување согласно типот на училиштето:

- Годишна програма за работа на директорот
- Годишна програма за работа на помошник директорот
- Годишни програми за работа на сите стручни соработници од училиштето
- Годишна програма за работа на:

- Училиштен одбор
- Совет на родители
- Наставнички совет
- Стручни активи
- Училишен инклузивен тим
- Тим за училишна интеграција
- Тим за кариерно советување
- Ученички совет
- Ученички правобранител
- Комисијата за подготовка и спроведување на матурата во средното училиште
- Годишна програма за работа на координатори за практично образование.
- Соработка со општина, компании и стручни асоцијации – програма за поврзување со реалниот сектор.

М.П.

Датум:
Директор,

--------------                                                                                  ------------------------------

/Драган Јаневски/

Претседател на училишниот одбор/

----------------------------

/Жаклина Јанакиевска/